# СЛОБОДНИ ИЗБОРИ: УСЛОВ ЗА КОЈ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА

CIVIL

СЛОБОДНИ ИЗБОРИ ЗА СЛОБОДНИ ГРАЃАНКИ И ГРАЃАНИ

извештаи ▪ анализи ▪ активности

Embassy of the Federal Republic of Germany Skopje

# СЛОБОДНИ ИЗБОРИ:
# УСЛОВ ЗА КОЈ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА

**извештаи ■ анализи ■ активности**

Проект:

СЛОБОДНИ ИЗБОРИ ЗА СЛОБОДНИ ГРАЃАНКИ И ГРАЃАНИ

ЦИВИЛ - Центар за слобода
Скопје
2016

**СЛОБОДНИ ИЗБОРИ: УСЛОВ ЗА КОЈ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА**

**Издавач:** ЦИВИЛ - Центар за слобода
**За Издавачот:** Џабир М. Дерала

**Автори, експертски тим:**
Џабир М. Дерала (уредник), д-р Сашо Орданоски (политички аналитичар), Биљана Јордановска (истражувања), Горан Наумовски (финансиски експерт), Синиша Станковиќ (уредник на ЦИВИЛ Медиа), Петрит Сарачини (јавност, медиуми), Александра Јозиќ-Илековиќ (експертка за изборни системи), Сандра Гавриловска (правна експертка), Драган Зелиќ (експерт за изборно набљудување), Марија Теговска, Дехран Муратов, Ермин Климента, Арбана Ќерими, Хедер Роберсон Гастон (специјална советничка)

**Проектен тим и соработници:**
Соња Ефтовска (претседателка на извршен комитет, ЦИВИЛ), Крешник Ајдини, Атанас Петровски, Катерина Христовска, Томислав Кежаровски, Никола Угриновски, Емрах Реџепи, Бехар Мемиши, Хадис Сулејман, Билјана Еверет, Агнеса Чаволи, Љуљета Клица, Владимир Перчуклиевски, Снежана Милисављевиќ-Ошаковска, други

**Тимови за набљудување:**
Моника Талеска, Елена Илиевска, Ленче Христова, Надица Величковска, Миде Неџипи, Маријана Гугоски, Фросина Митрушева, Димче Велев, Дејан Ристов, Слаѓана Ангелковска, Зорица Костовска, Љуми Беќири, Ненад Мицов, Катерина Петановска, други

**Layout & Design:** Џабир М. Дерала, Ермин Климента и други
**Фотографии:** Тимот на ЦИВИЛ
**Илустрации:** Мирослав Стојановиќ
**Фотографии:** Тимот на ЦИВИЛ
**Јазична редакција:** Наташа Цветковска, Дијана Тахири, Арсим Јонузи, м-р Гордана Ацеска

**Печат: ТП Дуле 99, Скопје**

Оваа публикација е финансирана од Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија.
Наодите и ставовите презентирани во оваа публикација се исклучиво на ЦИВИЛ и на автор(к)ите и не нужно ги отсликуваат ставовите на донаторот.
Оваа публикација е достапна според условите на Creative Commons Attribution 4.0 License.

Контакти:
ЦИВИЛ, Максим Горки 31/1, Скопје, Република Македонија
02/5209176 | civil@civil.org.mk | civil.mk@gmail.com

Web: www.civil.org.mk | Facebook: www.facebook.com/civil.mk | Twitter: www.twitter.com/CivilMacedonia
YouTube: www.youtube.com/c/Civil.Macedonia

**ISBN-10: 608-65629-8-9**
**ISBN-13: 978-608-65629-8-4**
**EAN: 9786086562984**

www.civil.org.mk

www.slobodniizbori.info

## СОДРЖИНА


**5** Слободни избори: Не прифаќаме ништо помалку од тоа!
**9** Извештаи од теренско истражување
**31** Политички притисок врз синдикатите и нивна злоупотреба во изборен контекст
**35** Надежи и неуспеси: Избирачки список, фантомски гласачи & Државна изборна комисија
**37** Фантомските гласачи остануваат во Избирачкиот список
**43** Државна изборна комисија... под опсада на политиката
**51** Расплет на македонската криза: Местење на избори во корпоративен стил
**65** Бескомпромисна битка за слобода и демократија
**72** Македонија живее во искривена реалност и илузија!
**77** Спречување изборни манипулации
**89** Сите мора да бидат еднакви пред законот!
**92** Стравот и демократијата не одат заедно
**101** Бескрупулозни злоупотреби и партизација
**107** Јавноста мора да знае
**109** Слободни избори: Толку блиску, а толку далеку
**117** Медиумите по Пржино - жежок костен што никој не сака да го реши
**133** Медиумскиот мрак и изборите
**137** ИЗВЕШТАИ ОД ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ
**139** Јавни настани за прогледување
**149** Граѓанска едукација за активни и одговорни граѓанки и граѓани
**155** Фокус-групи: Широко распространета корупција
**165** Мерење на пулсот на јавноста
**170** Интервјуа со „невидливите“
**176** Контрибуција што значи


www.zgjedhjetelira.info

www.freeelections.info


СЛОБОДНИ
ИЗБОРИ
ЗА
СЛОБОДНИ
ГРАЃАН[К]И
проект за слободни избори
НАБЉУДУВАЈ!
Битола

## ВОВЕД

# СЛОБОДНИ ИЗБОРИ: НЕ ПРИФАЌАМЕ НИШТО ПОМАЛКУ ОД ТОА!

**Џабир Дерала**

Самото инсистирање на „слободни избори" веќе ја поставува дијагнозата за Република Македонија. Слободните избори се толку многу вообичаени и нормални за голем број европски општества, но за оваа земја овој израз зборува за вознемирувачки проблем веќе долг период. Она што е прифатено како вредност и факт на животот во нормалните општества, е сè уште недостижна цел за нас во нашата земја.

Сепак тоа е целта која нашата организација се стреми да ја достигне, и покрај притисокот, опструкциите и непредвидливиот развој во бурната политичка реалност на земјата. Нашата одлучност уште повеќе се зајакна иако се наоѓаме во сè понепријателски настроена политичка средина, особено кон актерите на граѓанското општество и кон секој што ќе се осмели да го предизвика сегашниот владин монопол на моќта.

Но што е потребно за слободни избори? За да се одржат слободни избори, потребно ни е слободно општество и слободни граѓанки и граѓани. Ослободувањето на општеството е бавен и сложен процес и не може да се реши со политички договор меѓу моќни поединци, независно од бројот на луѓе што тие ги претставуваат.

Нашиот став е дека ние, како граѓанско општество, треба да обезбедиме информации, знаење и безбеден простор за секој поединец или група да станат дел од демократскиот процес. Потребни ни се граѓанки и граѓани ослободени од страв. Потребни ни се луѓе ослободени од непринципиелни врски со сомнителни и измамнички структури на моќта. Потребно е активно да помогнеме во ослободувањето на тие граѓани што се толку многу вплеткани во мрежата на политичките институции, изградени врз основа на систем на клиентелизам и тестови на лојалност. На овој начин е креиран и насловот на овој проект: Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани.

Проектот „Слободни избори за слободни граѓани" воведува мултидисциплинарен пристап кон подготовките за слободни избори во Република Македонија. Во срцето на проектот е препознавањето на потребата на граѓаните да ги согледаат институциите и политичките партии како дел од заеднички напор за креирање услови за спроведување на избори во демократска атмосфера со почитување на човековите права и слободи, и обезбедување услови кои, пред сè, ќе осигурат избори кои ја одразуваат слободната волја на гласачите, бидејќи нашиот проект беше спроведен во време на масовен владин скандал со прислушување што откри шпионирање на опозицијата од страна на Владата. Тоа што нашиот проект се спроведуваше во време кога се одвиваше скандалот со прислушувањето со кој беа разоткриени изборни кражби и казнување на опозициските партии извршени од највисоките нивоа на власта, само го истакна значењето на оваа цел, како и

многуте препреки за нејзино постигнување.

Проектот, кој започна во јуни 2015 г., среде извештаите за прислушувањето и за местењето на изборите, воведе единствени пристапи и методологии кои обезбедија граѓанска едукација во однос на гласачкото право и придонесе за јакнење на свеста во однос на изборните нерегуларности. Беше спроведен преку секојдневно ширење информации и знаења, засновани на долготрајно набљудување на состојбата на човековите права и политичката ситуација во општ и изборен контекст.

Веќе сме на крајот на спроведувањето на проектот, но на почетокот на еден долготраен процес полн со варијабили и предизвици. ЦИВИЛ преку овој проект успеа да обезбеди основа за долготрајно набљудување и анализа на политичките и општествените процеси поврзани со изборите, поконкретно, гласачкото право и човековите права и слободи воопшто. Проектот е и ќе остане да биде ресурс за граѓанска едукација, јакнење на јавната свест и на моќта на граѓанките граѓаните да учествуваат во обезбедување на услови за слободни избори.

Конечно, ова е публикација која содржи кратка селекција на извештаи и анализи, кои резултираат од едногодишната вредна работа на голем број луѓе што учествуваа во имплементацијата на проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани“. Овој проект е жив и ќе расте, како што продолжува работата на ЦИВИЛ, како организација за човекови права, не само преку проекти, туку и како организирана група на активисти, бранители на човековите права и експерти, кои продолжуваат да прибираат и објавуваат случаи на прекршување на човековите права и да бараат подобрување на политиките и практиките на сите нивоа и во сите сфери на општеството.

Беше возбудлива година во која искомбиниравме различни, меѓусебно поврзани и комплементарни методологии и активности, со цел да се соочиме со предизвиците наметнати од сложената социополитичка реалност на Македонија. Преку овој проект, придонесовме да се промени перцепцијата на различни аспекти на изборниот процес и политичката култура, јавната свест за изборните и гласачките права и формулиравме барања за промена на политиките, легислативата и практиките за обезбедување слободни избори.

Проектот се состоеше од неколку компоненти, вклучувајќи теренски истражувања, вклучувајќи анкети, фокус-групи, интервјуа, кои  вклучија илјадници луѓе онлајн и на терен, низ целата земја во речиси шеесет општини; анализи и препораки; кампањи за јакнење на свеста; граѓанска едукација и мобилизација во однос на изборната и политичката култура; едукација за гласачкото право и застапување; формирање и администрирање на пет регионални набљудувачки тима и мобилен тим за долгорочно набљудување и известување. Како и секогаш, продолжуваме со набљудување на состојбата со човековите права и целокупното политичко опкружување, со посебно внимание кон изборниот контекст на тие процеси. Многу работи се направија и уште многу треба да се направат. Меѓутоа, горди сме на нашето достигнување досега.

Овој проект, „Слободни избори за слободни граѓани", ќе продолжи да живее и во наредните години, бидејќи ги постави основите на нашата работа и во други проекти во оваа сфера. Резултатите од проектот, вклучувајќи ја и оваа публикација, ја претставуваат бескомпромисната борба на граѓанското општество да поттикне одржливи решенија за надминување на коруптивните практики и изборните измами.

ЦИВИЛ допре до огромен број граѓанки и граѓани преку проектот „Слободни избори за слободни граѓани". Ги надмина првично планираните бројки и стана патоказ во мрачната политичка ситуација во Република Македонија. Секојдневно, илјадници луѓе ги читаат извештаите на ЦИВИЛ поврзани со работата на овој проект. Досегот до профилите на социјалните мрежи на организацијата е над 150.000 секоја недела, со достигнување бројка и од 500.000 прегледи неделно. Во рамките на оваа публикација, моите колеги елаборираат за сето ова, како и во однос на другите достигнувања.

Како и секогаш, се потпираме на информации, коментари, сугестии и совети од нашите конституенти и од пошироката јавност. Впрочем, голем број на случаи што беа разоткриени од наша страна во последната година потекнуваат од засегнати граѓанки и граѓани. Останете во контакт. Сѐ додека не бидеме во можност да речеме: Слободни граѓанки и граѓани гласаат на слободни избори во Република Македонија.

Не прифаќаме ништо помалку од тоа.

# ИЗВЕШТАИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

**1 ЈУЛИ, 2015 - 30 ЈУНИ, 2016**

**Билјана ЈОРДАНОВСКА**

Во соработка со мониторинг-тимовите и проектниот колектив на ЦИВИЛ

Во текот на имплементацијата на проектот, ЦИВИЛ доби над сто извештаи од долгорочните набљудувачи, како и над триста пораки и пријави од граѓанки и граѓани по електронска пошта или на социјалните мрежи, како и на онлајн-формуларот за пријави на кршење на гласачкото право и други злоупотреби и нерегуларности преку веб-страницата Слободни избори (www. slobodniizbori.info).

Покрај тоа, повеќе од 600 граѓани, во директна комуникација со тимот на ЦИВИЛ објавија политички притисок и дискриминација врз основа на политичка афилијација.


Denes vo 17 casot ke se odi vo Skopje so avtobus pred Vodovod.Brabotenite zadolzitelno,ako ne so ime i prezime ke se pratat spisoci do CENTRALA.POZ .
E vakva poraka jas i mnogu drugi vrsboteni dobija denes. pozz
Received: 15 April

Тимовите на ЦИВИЛ, во чиј состав е и Редакцијата ЦИВИЛ Медиа, беа мобилни и работеа на истражување на состојбите и случаите, а вршеа и проверка на фактите наведени во извештаите и пријавите.

ЦИВИЛ секојдневно известува за случувањата на теренот и објавува стории за многубројните злоупотреби на моќта, дискриминација врз основа на политичка афилијација, структурно насилство, политичка корупција и низа други категории на кршење на човековите права и слободи во изборен контекст и пошироко.

Во долгогодишното набљудување на состојбата на човековите права и слободи во Република Македонија, ЦИВИЛ нотира постојан пораст на злоупотребите, притисоците и дискриминацијата врз основа на политичка афилијација. Работата на долгорочните набљудувачи и проектниот тим на ЦИВИЛ во проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани" беше динамична и тешка.

Беа откриени и објавени голем број случаи, но останаа многу поголем број индикации за сериозни злоупотреби и случаи на кршење на човековите права и слободи во изборен контекст. Структурното насилство и политичката дискриминација се широко распространети и вгнездени во секоја пора од општеството и институциите. Притоа, институциите за правда остануваат слепи и неми на овие состојби и постојано ги потврдуваат наодите за партиска контрола врз нив, со што им се оневозможува пристап до правда на голем број граѓанки и граѓани.

Главната веб-страница на ЦИВИЛ (www.civil.org.mk) е извонредно богат ресурс на која се објавени над 800 текста во рубриката Избори, само во периодот 1 јули 2015 – 30 јуни 2016 година. Голем дел од тие содржини се директни сведоштва и документи за сериозните прекршувања што ги регистрира нашата организација.

Ја упатуваме јавноста до нашите онлајн-ресурси да се информира за состојбите и за многубројните поединечни случаи за кои сведочат извештаите на долгорочните

набљудувачи, пријавите и истражувањето на ЦИВИЛ Медиа тимот. Сите содржини објавени од ЦИВИЛ се слободни за преземање, користење и објавување, според лиценцата Creative Commons 4.0, и ги охрабруваме медиумите да продолжат со користење на овој ресурс.

При објавувањето, ЦИВИЛ води сметка за заштита на идентитетот на изворите. По барање на изворите, голем број извештаи од теренот не можат да се објават поради „стравот од одмазда на режимот", како што велат тие. Сепак, за обележување е фактот дека сѐ поголем број луѓе се охрабруваат да проговорат за тоа што им се случува и сакаат да ги споделат своите искуства со големите проблеми поврзани со партизацијата на институциите на локално и на национално ниво.




Исто така, особено е охрабрувачки и мотивирачки фактот што довербата во нашата организација порасна уште повеќе во текот на имплементацијата на овој проект. Тоа се забележува од отвореноста на граѓанките и граѓаните да споделуваат информации со ЦИВИЛ и тогаш кога се најуплашени за последиците со кои можат да се соочат поради таквата комуникација. Инаку, за секој од стотиците случаи што ги регистрираат набљудувачите на ЦИВИЛ, постојат прецизни податоци, снимки и друга документација, која се прибира соодветно на проектната методологија и принципите на организацијата.

Во продолжение објавуваме кратка селекција од состојби и случаи што ги регистрира ЦИВИЛ во текот на изминатите 12 месеци. Треба да се има предвид дека често е невозможно да се направи јасна категоризација на случаите затоа што тие најчесто припаѓаат на повеќе од една категорија, односно една злоупотреба често води кон нарушувања и во други категории.

Од разбирливи причини, не откриваме детали за поединечните случаи, поради можноста нашите извори да бидат цел на реваншизам.

## ЖЕСТОКИ И МАСОВНИ ПОЛИТИЧКИ ПРИТИСОЦИ

Секојдневието на голем број граѓанки и граѓани на Република Македонија е исполнето со голем број политички мотивирани притисоци, закани и уцени. Притисоците, заканите и уцените за кои јавуваат набљудувачите и изворите од теренот се движат од суптилни до груби и директни. Нив ги спроведуваат најчесто претставници на институции, вклучително и припадници на полицијата и инспекциските служби, во работно време и потоа.

Овие немили настани на луѓето им се случуваат насекаде, на јавни места, во институциите, на работното место во јавниот и во приватниот сектор, во образованието, здравството, па и во секојдневната комуникација меѓу луѓето.

Честа е шемата, прво да се пратат „пријателски совети и укажувања" преку блиски пријатели и роднини на „целта" на притисокот, за потоа тие да прераснат во опомени, закани и уцени. Ако со сето тоа не го постигне саканиот ефект, се преминува кон посериозни притисоци за „дисциплинирање" и „казнување" на непослушните.

Редовните неделни извештаите на долгорочните набљудувачи на ЦИВИЛ, речиси без исклучок, наведуваат случаи на најразлични облици на политички притисок, закани, уцени и дискриминација, а неретко и говор на омраза насочен кон политичките опоненти на владејачката партија. Оваа состојба е особено изразена во институциите и установите, како на локално, така и на национално ниво. Заканите најчесто се однесуваат на отпуштање од работа, намалување на платата, деградација, прекинување договор за стажирање. Неретко, овие закани се спроведуваат во дело, некогаш и за банални „грешки", за да се заплашат другите членови на колективот.

ЦИВИЛ дојде до многубројни сведоштва за политички мотивирани притисоци, па и насилство во кое протагонисти се општински функционери и полицајци.

Скратување на социјална помош, бришење од евиденција на невработени,

укинување или намалување на субвенции за земјоделски производи, намалување на личниот доход – се само еден дел од над 250 случаи за кои известува ЦИВИЛ во 12-месечниот период јули 2015 – јуни 2016 година.

Ни децата и младите не се поштедени од политичките притисоци. Освен што се врши секојдневна индоктринација на децата и младите, тие се средство за политички притисок врз родителите. До овие случаи е најтешко да се дојде. Изворите се плашат за своите деца и неволно говорат за тоа што им се случува. Сепак, тимовите на ЦИВИЛ дојдоа до над дваесет случаи во кои наставниот кадар врши суптилен притисок врз учениците, кои се деца на опозициски ориентирани граѓанки и граѓани.

## ПОЛИТИЧКИ ПРИТИСОЦИ, УЦЕНИ, ЗАКАНИ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

ЦИВИЛ доби извештаи за повеќе од 30 поединечни случаи на политички мотивирани притисоци и други видови нарушувања во образовните установи во Битола, Охрид, Скопје, Гостивар, Велес, Кавадарци, Штип, Куманово, Свети Николе, Валандово, Струмица, Кичево, Охрид и Гевгелија.

„Ќе видиш ти што се дружиш со комуњари!" е редовна комуникација на партиските војници со сите други. Доволно е да се кликне „лајк" (ми се допаѓа) на „неподобен" фејсбук-пост за да почне постапка за „дисциплинирање", што може да доведе до деградирање на работното место и екскомуникација од работниот колектив.

„Најблаг" облик на притисоци се регистрира во случаи кога директорите наоѓаат начини суптилно да ги малтретираат вработените што не се приврзаници на власта, со додавање работни задачи што не се во нивна надлежност, со закани и казнувања за која било, па и за најситна грешка во работата, а чест е случајот „неподобните" да се „местат" за грешки што воопшто не ги направиле.

Една „неподобна" професорка по историја во средно училиште во една општина во западниот дел од земјата, ја исфрлаат од работа, а на нејзино место поставуваат

шумарски инженер, инаку партиски војник на владејачката партија, да предава историја.




Лице што работи како раководител на погребално претпријатие, кое е во државна сопственост, добило закани за неговиот живот и за животот на неговото семејство, дека ќе му ја запалат куќата ако не ги исполнува наредбите за учество на контрапротести и партиски активизам „од врата на врата“. Според сведоштвото на вознемирениот граѓанин, заканите дошле од локални партиски моќници, а најголеми притисоци трпел од директорот на локалната канцеларија на Агенцијата за вработување и од секретарот на Општински комитет на ВМРО-ДПМНЕ. За да ги избегне притисоците, изворот на ЦИВИЛ вели дека бил принуден да земе боледување, но одговорот на тоа бил дека за него веќе е потпишано и отказно решение од работа.

Вработените во едно јавно комунално претпријатие пријавија дека добиле казни од 10% од личниот доход поради тоа што одбиле да одат на контрапротест во Скопје, во април 2016 г. На друг вработен во администрација, според извештајот на набљудувачот на ЦИВИЛ, во март 2016 г., му биле скратени 10% од платата поради тоа што отсуствувал од настан за промовирање на постигнатите резултати (отчетот) на владејачката партија во неговата општина.

На син на наша набљудувачка му се јавил родител на негов соученик, инаку

активист на владејачката партија, и му упатил навреди и закани поради неговата онлајн-активност и поради тоа што неговата мајка соработувала со ЦИВИЛ.

Локалниот партиски штаб во Кичево врши мобилизација за контрапротести во Скопје во мај 2016 година. Една граѓанка, вработена во јавната администрација, замолила да биде поштедена од обврската за учество на контрапротестот, на што добила закана: „Само ти не оди, утре на работа ќе те чека отказно решение".

## ЗЛОУПОТРЕБА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ПАРТИСКИ ЦЕЛИ

Затворањето приватни фирми, во најголем дел кафулиња и други угостителски објекти, како и мали продавници, е најчестиот облик на политичка пресметка, според сведочењата на малите стопанственици. Тие тврдат дека УЈП и други инспекциски служби, како и полицијата, постојано вршат притисок врз партиска основа и селективно ги применуваат законите.

Според зборовите на над дваесет сопственици на мали бизниси, иако имаат уредна документација, не можат глава да кренат од инспекции што постојано упаѓаат во нивните локали и ги малтретираат. Вакви случаи ЦИВИЛ нотира кај сопственици на мали бизниси во Скопје, Велес, Штип, Куманово, Струга, Гевгелија, Гостивар и во низа други општини.

Според изворите на ЦИВИЛ, единствената вина што ја имаат дуќанџиите е што не се приврзаници на владејачките партии. Тие се често распнати меѓу локалните власти и централните служби, кои ревносно ги посетуваат и ги казнуваат без основа.

„Кога ќе влезе инспекција, едноставно, знаеш дека ќе бидеш казнет. Без оглед на тоа дали казната е основана или не, мораш да ја платиш, а потоа можеш да се жалиш. Уште да има кај кого да се пожалиш!" – сведочат двајца сопственици на еден дуќан во една општина. Нивните зборови се ехо на голем број дуќанџии низ целата земја.

Во деновите кога се смениja министрите за труд и социјална политика и за внатрешни работи од редовите на опозицијата, според Договорот за надминување на политичката криза, настанаа непријатности за голем број вработени во овие министерства. До ЦИВИЛ дојдоа многубројни поплаки од целата земја (во над 40 случаи) во кои вработени во социјалните центри, како и припадници на полицијата, се жалеа на политички притисок и реваншизам што врз нив го спроведувале приврзаници на владејачката партија.

Во тие денови, во неколку други случаи, настанал целосен хаос, затоа што за само неколку дена на повеќемина припадници на полицијата им биле поништени и двапати променети решенијата за засновање работен однос. Тие добиле телеграма од министерот Чавков со наредба да се почитуваат решенијата потпишани од него, но добиле и телеграма од министерот Спасовски во која се вели дека ќе се санкционира секое непочитување на неговите одлуки.

## ПОЛИТИЧКИ ПРИТИСОЦИ И МОБИНГ

Една група вработени во јавна установа се обратија до ЦИВИЛ, откако нивната ситуација станала неиздржлива. Некои од вработените имаа и по 25-годишно работно искуство во грижата за здравјето на штитениците во оваа установа. Но по заострувањето на политичката криза и именувањето нов раководител, таа и другите колешки биле изложени на силни политички притисоци.

Таа, како и другите што се наоѓаат во иста ситуација, стравуваат јавно да проговорат за своите проблеми. Некои од нив веќе биле казнети со скратување на платата, но се плашат дека ќе добијат и отказ ако јавно проговорат за проблемите. Според нив, условите за работа во установата се неподносливи, меѓу другото, затоа што таа е претворена во партиски штаб.

„Среде работно време половина од персоналот, партиски членови и активисти, одржуваат состаноци и се договараат кои чекори натаму треба да ги преземат во

полза на партијата. Така беше пред да се одржи Годишната конференција на Унијата на жени, исто така, и во периодот кога се правеа списоци со сигурни гласачи на ВМРО-ДПМНЕ. Едноставно, установата сега функционира како партиски штаб", велат тие.

Една од вработените во оваа установа има решение и за делумен инвалидитет по преживеана тешка сообраќајна несреќа. Но иако има забрана да крева тежина, всушност, секој ден, како што тврди, е изложена на ваков напор, бидејќи мора да ги бања штитениците, а некои од нив се и тешко подвижни.

„Решението што го добив од Комисијата не го земаше предвид ниту претходниот директор ниту овој. Не ми се признава ниту дипломата за високо образование. Освен тоа, при секој обид да го искажам своето незадоволство, директорот одбива да ме ислуша", сведочи нашиот извор.

*

За ЦИВИЛ сведочи и еден адвокат во поголема општина во Македонија, кој во својата изјава во декември 2015 година, вели дека во последно време расте бројот на вработени во јавниот сектор, кои кај него бараат совети како да се заштитат од политичките притисоци од страна на раководниот кадар.

Според нашиот извор, вработени во јавните претпријатија изјавуваат дека нивните раководители ги повикуваат во партиските штабови и во општината и дека таму добиваат наредби да им наложат на своите подредени да составуваат списоци со по 5-6 или повеќе политички неопределени граѓани. Оваа „операција" има цел, да се влијае на неопределените.

## ЗЛОУПОТРЕБА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА И НА ЈАВНИТЕ РЕСУРСИ

Злоупотреба на јавните ресурси, почнувајќи од канцелариите што се користат за партиски цели, до злоупотреба на службените возила за партиски, но и за лични

потреби, се забележува секојдневно и насекаде, и претставува појава на која дури веќе никој не ѝ обрнува внимание. Едноставно, тоа се смета за толку вообичаена практика што прашањето за овие злоупотреби не се сфаќа сериозно.

*

На вработена во една културна установа, директорката ѝ пренела опомена од партискиот штаб дека воопшто не е активна на социјалните мрежи и дека не споделува ништо од активностите на власта, што вработените, според овој исказ, имале обврска да го прават на работното место и во работно време.

*

Вработена во Високата медицинска школа со договор на дело уште од 2009 година, во една општина во јужниот дел од земјата, била отпуштена веднаш по породилното отсуство. Според нејзините зборови, причина за тоа е нејзината роднинска врска со функционер на опозицискиот СДСМ.

*

Во текот на октомври 2015 година, во село во Источна Македонија, претседателот на Општинскиот комитет на една од владејачките партии и главната медицинска сестра во локалната здравствена установа ги посетувале семејствата – за кои во јавноста се сметало дека биле наклонети кон таа партија.

Иако најверојатно се работело и за лица со здравствени проблеми, и според информациите од жителите на селото, медицинската сестра во домовите навистина вршела и здравствени прегледи, а „придружникот", инаку локален партиски челник, вршел отворена партиска агитација.

*

На 13 октомври 2015 година, во град во Источна Македонија, лице вработено во општинската администрација како просветен инспектор, во текот на работното време дистрибуирал партиски прашалници, во придружба на непозната госпоѓа.

Изутрината околу 10 часот лицето наминувало во куќите и зградите, од врата на врата, и притоа инсистирало на пополнување на прашалниците.

Во едно живеалиште, според сведочењето на изворот на набљудувачот на ЦИВИЛ, повозрасните членови на семејството, инаку заведени во списокот на „посетителот" како членови на ВМРО-ДПМНЕ, не биле во можност да ги пополнат прашалниците, но партискиот анкетар инсистирал нив да ги пополни некој помлад член на семејството. Откако тој одбил велејќи дека не сака и не може во туѓо име да одговара, анкетарот побарал прашалниците, секако, да ги пополни некој и да му ги однесе на неговото работно место во Општината.

Откако ни тоа не се случило, истото лице попладнето се вратило уште еднаш со инсистирање прашалниците да бидат пополнети веднаш.

*

Членки на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ во една општина во северниот дел на земјата, вработени во јавната администрација, во работно време посетувале социјално загрозени семејства и им носеле пакети со храна. Притоа, оваа помош ја претставувале како помош на владејачката партија и агитирале.

Ваков случај се забележува и во една општина во источниот дел на земјата каде што овие партиски активистки делеле пакети со банани.

## ПАРТИСКИ ВРАБОТУВАЊА

Партиските вработувања се масовни и понекогаш се мерат во стотици. Вработувањето е „награда" за партискиот ангажман на социјалните мрежи, агитација и притисоци врз други луѓе, подготвување списоци со „сигурни гласачи", мобилизација за присуство на партиски митинзи, прослави и контрапротести, следење и известување за активностите на соседите и колегите, па дури и на членови на семејството со „неподобна" политичка ориентација.

Партиските вработувања се најзабележливи во јавната администрација на локално и на централно ниво и во јавните претпријатија. Притоа, основен критериум за вработување е токму партиската книшка, а ни оддалеку не се земаат предвид квалификациите на кандидатите за работа. Во денешно време е тешко да се вработи дури и пријател или роднина преку врски доколку не постои препорака од партискиот штаб.

Договорите на дело (привремено вработување) се најчестата алатка да се држат вработените во јавниот сектор во неизвесност и да мораат постојано да ја докажуваат својата лојалност. Во ЦИВИЛ пристигнаа сведоштва, извештаи и пријави за овој вид злоупотреба и поигрување со очекувањата на луѓето од болници, училишта, градинки и други установи и јавни претпријатија.

Јавното претпријатие во една општина во источниот дел од земјата, во договор со еден член на Советот на Општината од редовите на една од ромските партии, склучило договор за заедничка распределба на средства од странски донатори наменети за одржување на хигиената на една фреквентна локација.

Средствата биле добиени за ангажман на 20 лица со договор на дело.

Според извештајот на долгорочниот набљудувач на ЦИВИЛ, вработувањето било исклучиво по партиска линија и најголем дел од вработените биле Роми.

По добивање на платата на сметка, секој од дваесетте вработени бил „должен" да врати по 3.000 денари на рака кај „шефот", односно советникот на Општината. Образложението било дека „по грешка" им се исплаќале вишок пари. Оние на кои им станала јасна „грешката" во потпишаниот договор, биле уценувани: „или ќе одвојуваш секој месец по 3.000 или ќе си одиш дома".

Но „шефот" не застанувал тука. Секојдневно им викал, ги навредувал и им се заканувал со прекин на договорот. Чекајќи долго за вработување, а плашејќи се да не ги загубат и тие пари што им останале по исплатата на „рекетот", ангажираните работници молчеле и работеле.

*

Во град во Источна Македонија, во текот на септември и октомври 2015 година, а по објавениот оглас од МВР на 10 јули 2015 г. биле вработени 2 лица со високо образование и 10 полицајци. Според информациите од вработен во СВР, сите примени биле членови на владејачките партии. Според друг извор од СВР, не се знае точниот број примени кандидати и тешко се доаѓа до тој податок, но за дел од вработените се знае дека тоа се лица блиски на функционери од власта (пратеници, началници, директори...).

Според истиот модел на однесување, се вршела партизација и на СВР во еден град во Јужна Македонија, од каде што на 1 октомври 2015 година добивме извештај дека се вработени четворица партиски „војници" во локалната полиција, а двајца од нив (едната е сопруга на нововработениот локален полицаец) се испратени на работа во МВР во Скопје.

*

Министерството за внатрешни работи го интензивира вработувањето по партиска линија веднаш по потпишувањето на Договорот во Пржино, а особено во септември и октомври 2015 година, пред Оливер Спасовски од СДСМ да биде назначен за министер за внатрешни работи, што беше обврска од Договорот.

Според информациите од теренот и извештаите на мониторинг-тимовите на ЦИВИЛ – Центар за слобода, а врз основа на релевантни и доверливи извори, во три поголеми општини во Република Македонија се вработиле повеќе десетици лица со партиска книшка од владејачката партија. ЦИВИЛ располага со податоци за вработувањата во секоја од трите општини, но не ги соопшти деталите за оваа операција за да ги заштити своите извори. Воедно, се бележат вработувања, како и зголемен притисок врз вработените во администрацијата, кои во последните неколку месеци од 2015 година се ставени во функција на политичката пропаганда на владејачките структури.

*

Околу 100 волонтери во една болница во северниот дел од земјата добиле перманентно вработување како дел од изборните ветувања на коалициониот партнер во власта, Демократската унија за интеграција (ДУИ), кон крајот на 2015 година. Ова се совпаѓа со периодот кога се очекуваше изборите да се одржат на 24 април 2016 година. Инаку, голем дел од нив (хигиеничари, болничари, медицински сестри и лекари) работеле речиси една деценија како волонтери, платени со минимални надоместоци, без никакви социјални бенефиции и олеснувања. Според извори на ЦИВИЛ, директорот на болницата, инаку од редовите на ДУИ, постојано ги „потсетувал“ вработените и волонтерите за тоа колку е добра Владата што им дала работни ангажмани.




*

Како илустрација за практиките на партиско вработување може да послужи и извештајот од Битолскиот Регион. Во септември 2015 г. во РЕК Битола се склучиле околу 1.000 договори на дело преку Агенцијата за вработување, со ветување дека ќе добијат перманентно вработување, но по изборите. Се разбира, под услов да ѝ бидат лојални и послушни на владејачката партија.

*

Според извештајот од Охрид во октомври 2015 година, претседателот на месниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, инаку вработен во Фондот за здравство, во работно време пополнувал членски книшки пред своите колеги и воедно им ветувал

сигурни работни места на членовите на нивните семејства, доколку се приклучат кон неговата партија.

*

Овие практики понекогаш имаат апсурден епилог. Така, една професорка во средно училиште, на самиот почеток на учебната година, 1 септември 2015 г., добила полн фонд часови и се квалификувала за перманентно вработување. Веќе наредниот ден, на 2 септември, ѝ ги одземаат сите часови и ја отпуштаат од работа поради сомневањето што го изразил локалниот партиски штаб дека е „од другата страна“.

*

На училишниот психолог во една општина, на колегиум одржан во август 2015 г., му е кажано дека нема да му биде продолжен договорот затоа што имало друг кандидат за неговото работно место што имал подолг стаж во партијата.

*

Така, од извештајот од Прилеп објавен на 29.3.2016, г. дознаваме за СМС-пораката испратена до партиските членови од еден општински комитет во Прилеп, каде што се бараат предлози за вработување во образовна установа, со најважниот предуслов – да се наведе партискиот стаж на предложените.

Од друга СМС-порака испратена до партиските членови се гледа дека дури и за сезонска работа за берење тутун, предност ќе имаат членовите на месниот комитет на партијата на власт.

## ПАРТИСКИ ВРАБОТУВАЊА ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Во последните неколку години се забележува особено засилено темпо на партиски вработувања и во приватниот сектор.

Според извештаите на долгорочните набљудувачи и сведоштвата од вработените или сопствениците во приватниот сектор, владејачките структури на локално и на централно ниво наметнуваат вработување партиски војници во приватните фирми.

„Аргументот" што се користи за убедување на приватниците се УЈП и инспекциските служби, кои се користат како алатки за уцена и принуда. Вакви случаи бележиме во Битола, Скопје, Куманово, Велес, Кавадарци, Струмица, Штип, Тетово, Гостивар, Охрид и Прилеп.

## ПАРТИСКИ ПРИТИСОЦИ ВРЗ ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Во град во централна Македонија, лице редовно вработено во комуналното претпријатие како контролор, им се заканувало на активисти од невладини организации. Со оглед на природата на неговата работа што му овозможува движење низ градот во работно време, лицето има можност да ги набљудува дневните активности на градските улици. За време на „герилската акција" на активистите – за поставување мајмуни на палмите што ги поставила актуелната власт, лицето со скутер дошло на настанот и се распрашувало (иако не е вработено во МВР) кој ги поставил мајмуните и кој стои зад акцијата. Следниот ден истото лице сретнало еден од присутните активисти на акцијата и му се заканувало со зборовите: „Сите сте снимени како ги поставувате мајмуните и ќе видите вие!"

Според заплашуваниот активист, истото лице е редовно присутно на настаните што ги спроведуваат активистите од НВО, ги прегледува и ги контролира папките и материјалите што ги делат, се распрашува каква им е агендата..., со што врши притисок, што тој го оценува како обид за заплашување на цивилниот сектор од соработник на МВР или од соработник на владејачката партија.

## АГИТАЦИЈА, ПРОПАГАНДА И... ЛАЖНИ ВЕТУВАЊА

Партиите на власт често промовираат ист проект повеќепати. Овој извештај е илустрација за таквата практика, дотолку повеќе што присуството на ваквите настани е задолжително за вработените во администрацијата, но и за населението воопшто.

На 30 август во посета на Дојран беа премиерот Никола Груевски и министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, по повод започнувањето на градежните работи на патот Дојран – село Николиќ. Премиерот најавил дека патот ќе биде готов за шест месеци и дека ќе чини 1,4 милиони евра. Половина час по неговото заминување, заминале и машините за работа и работниците.

Еден од жителите на село Николиќ револтирано се обратил кај набљудувачот на ЦИВИЛ, кој го проследил овој настан и побарал да се нотира дека партиските војници постојано инсистираат жителите да присуствуваат на ваквите настани. „Ова не е прва 'промоција' на изградба на истиот пат" – посведочиле повеќе присутни.

На 12 ноември во еден град во Западна Македонија Никола Груевски во својство на премиер бил присутен на започнување на работите за затворениот базен. Но претходно членството на ВМРО-ДПМНЕ на фејсбук-профилите и на имејл-адресите било известено да присуствува на локациите каде што ќе минува и ќе застанува премиерот – „за да биде метеж", како што стоело во оригиналната порака. Вакви пораки им биле испраќани и на вработените во градинките и во основните училишта.

За време на истата посета, со постапките на премиерот се вршела агресивна партиска пропаганда, затскриена низ рекламирање на Владата, како и девалвација на државните институции, преку често користениот ПР-модел „решавање на проблемите на граѓаните на лице место, по телефон, а пред ТВ-камери".

За жал, во конкретната ситуација станувало збор за два случаја на лица од ранлива категорија.

Првиот случај на вулгарна пропаганда од позиција на моќ и на злоупотреба на службената положба е злоупотребата на лице што боледува од рак на кожа, невработен татко на две малолетни деца, чие единствено барање било вклучување на неопходните лекарствата на позитивна листа. Иако случајот ѝ е добро познат на јавноста поради повеќекратните апели за помош на социјалните мрежи и телевизиски емисии, лицето било повикано на средбата на улица и премиерот Груевски, за буквално 2 минути „го средил проблемот", во координација со директорот на ФЗОМ Сашо Стефаноски, сѐ пред камера.

Вториот случај е средба на истата улица со член на 8-члено семејство од ромска националност, кое еден месец пред тоа требало да биде присилно иселено од својот дом. Тогаш директорот на Агенцијата за стопанисување со јавен простор, Цветко Грозданов, пред медиумите изјави дека ова семејство нема веќе право на користење на бараката (која е во руинирана состојба, но на чија локација е предвидена изградба на зграда) и дека ќе биде иселено, без притоа да наведе макар и привремено станбено решение за семејството со неколку мали деца, што предизвика реакции кај граѓаните.

На средбата со премиерот и овој случај се реши пред ТВ-камерите. За да биде иронијата поголема, Груевски му се обратил токму на Грозданов со прашањето: „Дали може да им се најде еден стан од 'оние'?"

Со вулгарните злоупотреби на службените позиции е направен потег за придобивање гласови на корисници на лекови што не се на позитивна листа и на припадниците на ромското малцинство.

## ПРОПАГАНДА И ГОВОР НА ОМРАЗА

Сите членови на ВМРО-ДПМНЕ, без исклучок, имаат обврска да ги постираат на Фејсбук сите линкови на кои има информации за активности на Владата, и тоа мора да го прават по неколкупати на ден. За нивната активност на социјалните медиуми се води прецизна евиденција. Доколку некој попушти со динамиката на

онлајн-активностите, следуваат телефонски јавувања и притисоци од локалните партиски штабови.

Тие што се вработени по партиска линија во администрацијата или во јавните претпријатија имаат обврска во работно време да бидат максимално присутни на онлајн-медиумите, да ги користат овие алатки за пропаганда и мобилизирање на што е можно поголем број луѓе. Вработените имаат обврска и да праќаат СМС-пораки и да се јавуваат по телефон, во работно време и од службени телефони, за да ја одржуваат партиската активност на највисоко можно ниво.




Фејсбук постови и коментари, 2016

Во околните села на Скопје пред велигденските празници (април, 2016 г.), активисти на ВМРО-ДПМНЕ оделе од врата на врата и делеле јајца и боја. Притоа спроведувале пропаганда, при што ги убедувале граѓаните дека ќе се одржат избори на 5 јуни и дека, во спротивно, ќе има војна. Според нив, „војната е единственото решение“.

Луѓето во селото биле заплашени до таа мера што почнале да се снабдуваат со резерви од брашно, шеќер и други потреби за домаќинствата.

Во периодот по потпишувањето на Договорот за надминување на политичката криза, според извештаите на набљудувачите од Битолскиот Регион, се интензивира мобилизацијата на членството во сите месни комитети. Состаноците се речиси секојдневни, а нивното организирање се одвива во работните часови на административците, а термините за состаноци понекогаш се и на полноќ.



„Слобода или смрт", контрапротести, 21 Април, 2016

Идентична состојба се нотира и во Кичево, каде што административците, во работно време, ревносно повикуваат луѓе на состанок во попладневните и во ноќните часови, не заборавајќи притоа да наведат детали за потребите на секој поединец, како „аргумент" за убедување тие навистина да се појават на состанок.

За секој поединец постои податок каков проблем или потреба има. Кај голем дел од луѓето на листите за мобилизација најголема потреба е вработувањето, но често на тие листи се и здравствени потреби на луѓето, интерес на децата за одредени патувања, запишување на одредени школи или стипендија, дозволи за градби, но и прекршоци, долгови и низа други секојдневни проблеми со кои се соочуваат обичните луѓе. Сето тоа се користи како алатка за убедување на луѓето да се активираат повеќе или, ако не се членови на владејачката партија, да се приклучат кон неа.

Состаноците, според изворите на ЦИВИЛ, се одвиваат најчесто во службени и јавни простории, вклучително и канцеларии на директорите во училиштата и

здравствените установи. Канцелариите на директорите на јавните установи, како и на функционерите на локалната самоуправа најчесто се нападно декорирани со партиски и верски симболи.

Што се однесува до пропагандата на социјалните мрежи, содржината што таму се пласира ни оддалеку не се ограничува на споделување информации и воспевање на постигнувањата на партиите на власт. Највидлива е, всушност, непрекинатата црна кампања, преполна со клевети и говор на омраза. Освен опозицијата, цел на говор на омраза, жестоки навреди и вулгарности се и активистите на граѓанското општество. Говорот на омраза на социјалните мрежи е разузден и лишен од секакво ниво на пристојност. Тоа се чисти изливи на омраза и закани за животот на поединци.



Контра-протести, 21 април 2016

Важно е да се забележи дека во генерирањето на говорот на омраза предничат поединци од јавниот и од медиумскиот живот, уредници и водители на емисии на национални ТВ-станици. Индикативно е и тоа што тие најчесто ги отсликуваат, но и ги вулгаризираат до крајни граници токму изјавите и ставовите на државниот врв. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и доскорешниот премиер Никола Груевски во своите говори ги квалификува неистомислениците со зборовите „мрачни сили“, „предавници“ и што уште не, и дека народот ќе им „удри клоца“. Тие изрази, комбинирани со жестоки закани и вулгарности се мултиплицираат во истиот момент на социјалните мрежи.

## ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА И МАЛОЛЕТНИЦИ

При посетата на заменик-министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски на Гевгелија во февруари 2016 година, се нотира злоупотреба на малолетници, и тоа за време на одржувањето на наставата. Заедно со градоначалникот на Гевгелија, Иван Франгов, Ристовски го пушти во употреба обновеното подрачно училиште во гевгелиското село Кованец. Сечењето лента се случи за време на наставата, а воедно функционерите се сликаа со учениците.

УМС на ВМРО-ДПМНЕ континуирано одржува состаноци и настани на кои задолжително присуствуваат и малолетници, и тоа за време на наставата. Наставниците имаат обврска да ги ослободуваат учениците од настава доколку тие пријават дека имаат обврски кон УМС.

За време на контрапротестите, наставниците добиваат обврска да ги скратат часовите и да ги упатуваат своите малолетни ученици на контрапротести. Се водат списоци за учество на контрапротестите и други активности на партиите на власт.

Во повеќе училишта низ земјата се забележува истакнување партиски симболи и колажи од фотографии од партиски и владини функционери во ходниците. Еден таков пример е и извештајот на соработникот на ЦИВИЛ од Прилеп, објавен на 14 февруари 2016 година, под наслов Прилеп: Партиска пропаганда и манипулација со малолетници.

# Политички притисок врз синдикатите и нивна злоупотреба во изборен контекст

Раководствата на гранските синдикати и нивните членови што не се согласуваат со политиката на „розовите очила" на првите луѓе на сојузот или конфедерацијата каде што припаѓаат повеќето синдикати во Македонија се соочуваат со особено жестоки притисоци. Поголемиот дел од овие грански синдикати се основачи или се дел од Повелбата за солидарност, која во изминатите три години е единствената не само во автентичното одбележување на Денот на трудот, 1 Мај, туку и во застапувањето и одбраната на работничките права.

Казнувањата, навредите и заканите се секојдневна појава во комуникацијата со институциите, но и во приватните компании каде што функционираат синдикалните организации на дел од овие грански синдикати што не се приврзок на власта.

Во својата анализа Синдикално мочуриште, објавена на 25 декември 2015 г. на веб-страницата на ЦИВИЛ (www.civil.org.mk), уредникот на ЦИВИЛ Медиа Синиша Станковиќ пишува: „Сојузот на синдикатите на Македонија го исклучи и принудно го исели гранковиот – Мултиетнички синдикат за образование (МЕСО) од својот објект, со што, по расчистувањето со ‘проблематичното’ регионално раководство на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК), кое се закануваше да го канализира незадоволството на околу 2.500 членови во Битолско против послушничката улога на двете централни, синдикални раководства во Скопје, и по устоличувањето на нови, провмровски челници во Битола, беа создадени услови за целосно задушување на каков било вид синдикален протест." Ова е само

илустрација за силниот политички притисок што се врши врз синдикатите што не се под контрола на власта.

Смените во синдикалните организации се исклучиво по партиска директива и се насочени исклучиво во насока на „дисциплинирање" на работниците соодветно на партиските интереси на владејачките структури. Ова е особено забележливо во сферата на синдикалното организирање на јавната администрација.

ЦИВИЛ ги следеше и објави низа извештаи за настаните околу партизацијата на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК). Од низата извештаи за работата на овој синдикат, општ е заклучокот дека наместо да ги брани работничките права во овие области, СОНК манифестира послушност кон владејачката партија и служи како средство за партиска мобилизација и контрола на своето членство.

Власта, како и дел од големите компании, им „дозволуваат" на работниците да продолжат со синдикална активност, но директно влијаат врз изборот на раководните структури во тие синдикални организации. Така, при избор на раководства во најголемата синдикална структура Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и други синдикални организации, на различни начини, преку политички притисок, но и со искривување на процедурите, правилниците и законите, на раководни позиции доаѓаат кадри блиски до владејачката партија. Овие раководства потоа наместо да ги штитат работничките права, преку синдикатите, всушност, мобилизираат и носат изборни гласови. „Синдикатите во Македонија, без оглед дали е СОНК или ССМ, личат на партиски подружници." – констатира Моника Талеска од ЦИВИЛ во анализата Неславната улога на македонските синдикати, објавена на 17 април 2016 г., по низа извештаи за нерегуларности во оваа сфера.

Меѓу другото, во извештаите и сведоштвата до кои доаѓа ЦИВИЛ во изминатите 12 месеци, се вели дека лидерите на синдикалните организации уживаат во луксузни автомобили и низа други привилегии, како и тоа дека постојат низа индиции за злоупотреби на високи суми пари што доаѓаат од членарините на работниците.



# НАДЕЖИ И НЕУСПЕСИ:
## ИЗБИРАЧКИ СПИСОК, ФАНТОМСКИ ГЛАСАЧИ & ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

подготвија: тимовите за набљудување и проектниот тим на ЦИВИЛ



# ФАНТОМСКИТЕ ГЛАСАЧИ ОСТАНУВААТ ВО ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК

Државната изборна комисија го објави Избирачкиот список на својата интернет-страница www.izbirackispisok.gov.mk на 3 март 2016 година, каде што сите заинтересирани граѓанки и граѓани можеа да ги проверуваат податоците по адреса и по име и презиме. Таа алатка ја искористија илјадници граѓанки и граѓани за да проверат дали се наоѓаат на Избирачкиот список, но и за да проверат кој уште се наоѓа запишан како гласач на нивната адреса. ЦИВИЛ и други организации го поздравија потегот на ДИК како добра можност за граѓанско учество во чистењето на овој документ што е од витално значење за кредибилноста на изборниот процес. Веќе во првите неколку часа на социјалните мрежи се појавија стотици информации за фантастични ситуации на адресите на голем број граѓанки и граѓани. Тие говореа дека имаат и по неколку десетици „гости“ за кои не знаеле. Над 300 пријави за недоследности и фантомски гласачи дојдоа на адреса на ЦИВИЛ само во првите седум дена по објавувањето на Избирачкиот список. Дел од тие пријави ЦИВИЛ ги објави и на својата веб-страница.

Во продолжение објавуваме само еден дел од овие пријави што ги доби ЦИВИЛ во текот на првото објавување на апликацијата на ДИК од 3 до 28 март 2016 г.

С. Г. од Струга пријави дека на адресата на која живее, според Избирачкиот список (ИС), има пет лица што никогаш не живееле таму.

Љ. Л. од Скопје пријави дека по матичен број може да се најде на ИС, но како гласач не постои на адресата на која живее.

Во Битола, на ул. „Борис Буџевски" бр. 25 се запишани две лица што не живеат на таа адреса. Лицата Н. Е. и Н. Х. никогаш не живееле на оваа адреса и никој никогаш не слушнал за нив. На таа адреса живеат Т. Д., Т. О. и Т. Г.

На ул. „Борис Кидрич" бр. 20 во Ресен, на која живеат Т.Д. и Н.О., по проверката во списокот на гласачи, забележале дека има пет лица што се водат на истата адреса и сите имаат исто презиме. „Изгледа дека цело петчлено семејство живее со нас, а ние не сме свесни за тоа", се вели во пријавата до ЦИВИЛ.

„Забележав повеќе недоследности проверувајќи дали ме има во Избирачкиот список. Во моето избирачко место бр. 2806, конкретно, на ул. „Козара" бр. 64 во Скопје, има проблематични податоци за стан бр. 2, кој е продаден пред 5 години, а сè уште на списокот се старите сопственици Т. М. и Т. Л. Во станот бр. 3, Н. Д. и В. В., кои според списокот живеат на оваа адреса, воопшто не живеат во овој влез. Станарите од бр. 11, Г. С. и Г .А. се преселени и живеат на друга адреса, а истото важи за станарите од стан бр. 8, Ј. С. и Ј. Е., кои повеќе од 10 години живеат во Канада", пишува во пријавата на К. В. од Скопје.

„Веднаш штом забележав, се јавив во ДИК, а оттаму ме испратија да пријавам во МВР, а тие повторно ме упатија да се обратам до ДИК" – пишува еден граѓанин од Скопје во пријавата до ЦИВИЛ – „На ул. 'Лука Геров' бр. 11, која е моја адреса, има регистрирано 12 гласачи што никогаш, по ниедна основа, не живееле во мојата куќа". За истата улица, во Избирачкиот список има уште еден проблем, според пријавата: „Влез 3 стан бр. 7. Куќата има 2 влеза и живеат вкупно 9 гласачи, а се запишани 21!"

Пријава од Кочани: „На ул. 'Браќа Ставреви' бр. 6, покрај четиричленото семејство што живее таму, според Избирачкиот список, на таа адреса има уште четворица гласачи".

„На адресата на која живеам цел живот, 'Чаирска' бр. 3 во Општина Чаир, според ИС, живеат и лицата Б. Е. и Б. С. Случајот го пријавив и во канцеларијата на ДИК во Чаир, од каде што ми кажаа дека ќе го процесираат понатаму", се вели во пријавата на граѓанин од Скопје.

„Мојот брат Љ. К. е иселен во Канада од 1987 година и е канадски државјанин. Покрај тоа, сѐ уште се води како гласач на мојата адреса, ул. 'Александар Мартулков' бр. 11. Исто така, и лицето Н. К. од село Брајчино, Општина Ресен, кој го остварува своето гласачко право во Канада, се води како гласач во Македонија", стои во пријавата што пристигна од граѓанин од Преспанско.

„Иселени сме од Македонија од 2001 година. На нашите документи за лична идентификација стои канадска адреса. Проблемот е што сѐ уште нѐ има во Избирачкиот список. Освен сопругата В. Л. и јас, А. Л., го има и синот Б. Л., кој во Македонија не живее од својата 10-годишна возраст. Според Избирачкиот список, се водиме во Општина Карпош, на булевар 'Партизански одреди' бр. 149".

„На ул. 'Борис Кидрич' бр. 49 во Тетово, покрај четиричленото семејство што живее на оваа адреса, според ИС, на истата адреса живее уште едно петчлено семејство", се вели во пријавата што пристигна во ЦИВИЛ од Тетово.

„Неколкупати се проверив во ИС и заклучокот е дека, и покрај тоа што по матичен број сум регистрирана, на адресата на која живеам ме нема" – пријавува една скопјанка.

„На ул. 'Крсте Мисирков' бр. 111 се пријавени шест лица, а реално живеат четворица. Покрај моето семејство, на оваа адреса се водат и лицата Г. А. и Г. Г." – стои во пријавата што пристигна на адресата на ЦИВИЛ.

„Лицата Ј. Т., Б. С., А. Л. не живеат и никогаш не живееле на ул. 'Трст' во Куманово.

Лицето А. С. повеќе од 20 години живее во Србија", се вели во една пријава од Куманово.

Лицето Р. В., претходно со друго презиме, воопшто не е внесено во ИС, ниту на адресата на која живее сега, според личната карта, бул. 'Јане Сандански' 12/4-13 Скопје, ниту на претходната адреса во Струга, ул. 'Цветан Димов' бр. 47. На претходните избори е направен обид да се пронајде на кое гласачко место фигурира, но, за жал, безуспешно.

На ул. „Струшки кепеци" бр. 21, Струга, седум лица повеќе не живеат на оваа адреса. Дел од нив се во Австралија повеќе од 30 години, а дел се во Канада веќе 10 години.

На ул. „Цветан Димов" бр. 47, Струга, на Избирачкиот список (ИС) е пријавено едно лице што воопшто не живее на таа адреса и двајца гласачи што се иселени во Канада.

На ул. „Димитар Влахов" бр. 34, Струга, едно лице, кое одамна е починато, сè уште фигурира на ИС.

На ул. „Френклин Рузвелт" бр. 64/3, Општина Центар, Скопје, во ИС се заведени 14 лица што воопшто не живеат на таа адреса. Всушност, станот број 3 е празен, никој не живее во него.

На ул. „Пиринска" во Прилеп, во живеалиштата под бр. 21 – три лица, бр. 28 – едно лице, бр. 30 – две лица, бр. 31 – едно лице и бр. 34 – едно лице, не живеат на тие адреси, а се наоѓаат во ИС.

На ул. „Пере Тошев" бр. 8 во Прилеп, во зграда со социјални станови што сè уште не е пуштена во употреба, во Избирачкиот список се заведени 23 гласачи.

„Зградата на ул. 'Сава Ковачевиќ' бр. 18 во Скопје е со 4 стана и е преименувана во 'Христо Татарчев' бр. 18. Според принтскриновите во прилог, регистрирани се по 9 стана со жители за кои никогаш не сум слушнала, освен моето и на

сопругот. На првите два принтскрина во стан 003 сум јас Н. С.– П., но покрај мене, заведени се уште 4 непознати лица со презиме Ивановски. Сопругот е преместен, според Избирачкиот список, во друг стан што се води на ул. 'Христо Татарчев', со непознатата Сузана Ивановска. Одговорно тврдам дека во нашата зграда никогаш не живееле семејствата Ивановски, Ацковски, Саздановски, Вељановски, Наневски, Илијовски, Илиевски" – пишува една граѓанка од Скопје, која во прилог на својата пријава достави и повеќе принтскринови.

На ул. „Кочо Рацин" бр. 11, Ресен, сопственикот пријавува дека на неговата адреса е регистриран Н. Ј., но не се во никаква врска, ниту се познаваат. Отишол во полициската станица во Ресен и му кажале дека лицето Н. Ј. е родено во 1988 година во Мелбурн и го упатиле да го реши проблемот во подрачната единица на ДИК во Ресен. Таму му кажале дека не знаат што треба да направат, бидејќи немале инструкции како треба да постапат во вакви случаи.

На ул. „Борис Кидрич" бр. 20, Ресен, заведени се 5 непостојни лица. На истата улица, „Борис Кидрич" бр. 147, Ресен (стара градба со еден единствен влез и еден кат), наследство на Г. Ј., не живее никој друг. На ИС се појавуваат уште 5 лица.

На ул. „18 Ноември" бр. 21, Гостивар, во ИС е внесено едно непостојно лице.

На ул. „Моша Пијаде" бр. 15, Струмица, според Избирачкиот список, живее едно лице што никој не го познава.

„На нашата адреса на ул. '4-ти Јули' бр. 182, влез 02, стан 008, Кичево, избирачко место, 0745/1, во ИС е додаден извесен П. Ќ. кој никој не го знае. При пребарувањето преку опцијата 'адреса' на истата адреса, но на избирачко место бр. 745 се наоѓаат Д. Ј. и Б. Ј., додека, пак, на таа адреса заведени дека гласаат на избирачкото место бр. 0745/1 се наоѓаат М. Ј. од ова семејство, кое, според ИС, живее со непостојниот П. Ќ.

Според една пријава од граѓанин од Скопје, една зграда во Општина Центар се наоѓа на Избирачкиот список четири пати, и тоа:

„На ул. 'Вељко Влаховиќ' бр. 20, влез 1, стара адреса што некои станари сѐ уште ја имаат во своите биометриски документи. Истата зграда е заведена и вторпат, и тоа со адреса: ул. 'Димитрие Чуповски' бр. 20 влез 1, што е нова адреса, според променето име на улицата. Оваа зграда се појавува уште еднаш во Избирачкиот список како: ул. 'Димитрие Чуповски' бр. 0020, влез 1 и како: 'Димитрие Чуповски' бр. 0020 влез 01".

Тоа не е сѐ. Оваа пријава открива уште проблеми со Избирачкиот список:

„Едноsобниот стан бр. 1 фигурира и како стан 001 на четвртиот список. Значи, се работи за еден ист едноsобен стан во кој, ако се проверат сите 4 адреси, вкупно се регистрирани 31 гласач. Покрај тоа, на списокот има најмалку две починати лица на втората адреса, стан 46, и тоа: М. Ј. и стан 14, С. Т. Лицето В. Т. во истиот стан, според моите сознанија, не живее во него најмалку 10-12 години".

*

Преименувањето на улиците во последните неколку години претставува дополнителен проблем на Избирачкиот список. И старите и новите називи на улиците можат да се најдат на ИС, често со различни податоци во нив. Исто така, се наоѓаат по две различни улици со исто име, а уште поголема забуна предизвикува тоа што старото име на една улица ѝ е дадено на друга улица, во друг дел од градот.

# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА... ПОД ОПСАДА НА ПОЛИТИКАТА

Оптимизмот што го искажаа ЦИВИЛ и голем број граѓанки и граѓани на самиот почеток од пречистувањето на Избирачкиот список, се замени со разочарување. Неполн месец по објавувањето, списокот беше затворен за јавноста, а пријавите на граѓанките и граѓаните не беа земени предвид. Во повеќе наврати ЦИВИЛ се обиде да ги понуди своите ресурси и експертизи, со цел да придонесе кон активностите за создавање услови за слободни избори, но ДИК не покажа интерес дури ни за пријавите за фантомски гласачи, а да не говориме за некоја посуштинска соработка. ЦИВИЛ не доби можност да ги презентира наодите, анализите и препораките, освен преку своите онлајн-канали, каде што изнесе јасни и недвосмислени оцени за процесот во чии рамки се спроведува и чистењето на Избирачкиот список. Едно такво соопштение е Избирачкиот список не е прочистен, не се создаваат услови за слободни избори, објавено на 27 април, по завршувањето на теренската проверка на ДИК, кога оваа институција излезе со став дека Избирачкиот список е пречистен, што беше далеку од вистината. ЦИВИЛ тогаш соопшти:

Начинот, квалитетот на водењето на процесот, сите сомневања што ги предизвика работата на Државната изборна комисија и дејствувањето на политичките партии, укажува на тоа дека граѓанките и граѓаните со право немаат доверба во овој документ. Општа е констатацијата дека дури и да се прочистеше Избирачкиот список докрај, што, секако, не се случи, довербата изостанува, а со тоа и кредибилитетот на ДИК и на целиот процес.

Пред сè, теренската проверка на Избирачкиот список не се спроведе на начин што може да се оцени како наполно регуларен, за што ја известивме јавноста и претходно, во повеќе наврати.

Административната проверка што требаше да опфати над 70.000 лица, го исфрли на површина сознанието дека над 18.000 лица воопшто не аплицирале за издавање лични документи, а се наоѓаат во Избирачкиот список.

Досега објавивме сознанија за два случаја, а секако дека имаме многу повеќе и пристигнуваат извештаи секој час, според кои се дознава дека во Избирачкиот список сè уште има лица што се починати уште во текот на минатата година и порано.

Со години наназад, во претходните изборни процеси, лица што биле означени со ѕвездичка, што значи дека гласаат во странство, сега се ставени во Избирачкиот список како да гласаат во земјава. Значи, некој одлучил да ја тргне ѕвездичката, со што се остава простор за сомневање дека овде некој може да го злоупотреби нивниот глас.

И сето тоа не е доволно. ДИК, едноставно, решава да го наметне ваквиот Избирачки список како чист. Дополнително, во ДИК се гласа во стилот 6:0, а составен е од девет члена. Кој уште може да поверува во легитимитетот и кредибилитетот на Државната изборна комисија и во Избирачкиот список? И меѓународната заедница, онаа што државата ја повика на помош, изнесе оцени слични на оваа на ЦИВИЛ, но ништо од тоа не беше доволно.

Освен катастрофалната состојба на Избирачкиот список, ЦИВИЛ регистрира огромен број случаи на закани и уцени, политичка корупција, дискриминација врз основа на политичката афилијација, мобинг, целосна партиска контрола на институциите и непроменета состојба во медиумите, кои во најголем дел се под контрола на власта.

Како одговор на тоа, ДИК испрати писмо до ЦИВИЛ на 4 мај 2016 година, во кое се вели:

„Државната изборна комисија во целост ги отфрла и ги демантира шпекулациите и квалификациите изнесени од страна на невладината организација ЦИВИЛ во врска со работата на Државната изборна комисија, а со цел нејзино девалвирање. Апелираме до невладините организации да се воздржат од коментари и пишување со цел да влијаат врз работата и одлуките на изборните органи за време на изборниот процес. Државната изборна комисија во овој состав, од нејзиниот избор во декември 2015 година работи стручно, целосно транспарентно, преку јавни седници и други облици на комуникација со јавноста, како и во согласност со Изборниот законик.

Оттаму, укажуваме до невладината организација ЦИВИЛ исклучиво да се придржува до Изборниот законик и Кодексот за набљудување на изборите, како и нејзиниот статут при давање какви било изјави поврзани со работата на Државната изборна комисија“.

Истиот ден ДИК издаде и јавно соопштение со слична содржина, кое ЦИВИЛ го објави на својата веб-страница. По состанокот на раководните структури и советување со експертскиот тим на ЦИВИЛ, излезе соопштението Немаме намера да се воздржиме од укажувањата за пропустите на ДИК, објавено на 6 мај 2016 година:

Невладината организација ЦИВИЛ во целост постапува според својот мандат, во рамките на законските прописи, за мониторинг на севкупниот изборен процес во Република Македонија, во што спаѓа и следење и коментирање на работата на ДИК. Тоа ќе го правиме и во иднина, со цел Македонија да дојде до ситуација во неа да се одржат слободни, фер и демократски избори, како врвен јавен интерес на македонската демократија.

Изминатите години и непријатните искуства покажаа дека е неопходно континуирано и детално следење на работата на ДИК и од невладиниот сектор, кој е специјализиран за тоа, за да се избегне повторувањето на состојбите во кои ДИК беше продолжена рака на партиите на власт. Впрочем, за изборните нерегуларности и за кршењата на изборната регулатива во Република Македонија во моментов се водат истражни постапки со голема основаност за сторени тешки кривични дела од областа на организираниот криминал, а кои се однесуваат на повеќе изминати изборни процеси.

Затоа, немаме намера да се воздржиме од укажувањата и предупредувањата за пропустите во работата и на сегашниот состав на ДИК.

ЦИВИЛ постои за заштита на демократските интереси на граѓан(к)ите на Република Македонија, а не за допаѓање или недопаѓање на членовите на ДИК.

*

Сè што се обиде ЦИВИЛ е да помогне во овој важен и деликатен процес и притоа да ги канализира пораките и барањата на своите конституенти и пошироката јавност. Додека траеше теренската проверка, кога на веб-страницата на Државната изборна комисија во еден краток временски период беше објавен само список со сомнителни записи во Избирачкиот список, што предизвика и дебата околу законитоста на таа постапка, до ЦИВИЛ непрекинато доаѓаа извештаи и пријави што сведочеа за тоа како се спроведува оваа акција.

Објавуваме дел од тие пријави и извештаи од набљудувачите на ЦИВИЛ:

Лицето А. Ѓ. од Општина Битола, целиот свој живот со својата фамилија живее во куќа што ја изградил нејзиниот татко, и никогаш никој не менувал место на живеење. И покрај тоа, нивната адреса е дел од списокот на неконзистентни записи.

Исто така, на лицето С. В. од Општина Ѓорче Петров, граѓанин што редовно гласа веќе 30 години и никогаш не сменил адреса, не му е јасно според кој критериум станал „сомнителен" и како се нашол на списокот на оние спорни граѓани што треба да се проверуваат.

Единствениот граѓанин што е дел од списокот за теренска проверка, а во ЦИВИЛ е пријавен како фантомски гласач е лицето Б. С., кое според Избирачки список, се води на ул. „Чаирска" во Општина Чаир, адреса на која никогаш не живеел. Другите пријави што пристигнаа на адресата на ЦИВИЛ во изминатиот период не се предвидени за теренска проверка.

Примери за тоа се:

Покрај тоа што Општина Чаир е „рекордер" со повеќе од 17.000 илјади неконзистентни записи, сепак, лицата Р. С. и Т. М., кои според пријавите што пристигнаа до ЦИВИЛ се водат на адреси на кои никогаш не живееле, не се дел од списокот за проверки.

Лицата П. И. и М. И. за кои добивме пријава дека никогаш не живееле во с. Слоештица, не се дел од списокот на неконзистентни записи што ќе бидат проверувани теренски.

К. Д и К. В. за кои добивме пријава дека според Избирачкиот список се водат на ул. „Кузман Јосифовски" во Прилеп, во напуштена куќа, не се дел од списокот на записи што ќе се проверува на терен.

Н. М. за која во ЦИВИЛ пристигна информација дека и покрај тоа што повеќе години е почината, сè уште е на Избирачкиот список, на адреса во Општина Карпош. И таа не е дел од теренската проверка на ДИК.

На ул. „Партизанска" во Струга, според Избирачкиот список, се водат пет лица што никогаш не живееле таму. Ниту едно од тие лица не е предвидено со теренската проверка.

Ова се само мал дел од пријавите што пристигнаа во ЦИВИЛ, а кои не се дел од списокот со неконзистентни записи што се проверуваат на терен.

Ова покажува дека во списокот што го подготви ДИК, по направената вкрстена проверка, има граѓанки и граѓани што не треба да се на тој список, и обратно, спорни гласачи што беа пријавени, а за кои не е предвидена теренска проверка.

## ЗАКЛУЧОК

На самиот почеток на процесот на ревизија и прочистување на Избирачкиот список, Државната изборна комисија излезе со едногласно усвоена бројка од над 330.000 сомнителни гласачи, за потоа предмет на теренска проверка да бидат само 83.680 граѓани.

По завршувањето на теренската проверка, ДИК излезе со два различни извештаја што упатуваат на тоа дека настанал хаос во податоците и работата на оваа институција. Од еден извештај на ДИК се дознава дека во 6.366 прашалници воопшто нема одговор на прашањето дали анкетарот лично се сретнал со лицето што е цел на теренската проверка. Во вториот извештај разликата врз основа на ова прашање е драстична: 10.436 прашалници немаат одговор за истото прашање.

Понатаму, ДИК во еден извештај соопштува дека физички недостасуваат 282 прашалника, додека според вториот извештај, недостасуваат 414 прашалници.

Според извештајот на ДИК, на 1.043 адреси никој не живеел, за 1.730 лица нема никаква информација, 2.945 лица не биле тука за време на проверката, 8.878 лица во моментот на проверката биле во странство, 5.093 лица се иселени на друга адреса во Македонија, 523 лица се починати, 36 лица немаат право да гласаат,

8.351 лице се ставени под точката „друго“.

При вршењето на теренската проверка на адресите, се дознава дека 26 од нив биле адреси на јавна администрација, на 15 адреси немало објект или бил руиниран, 13 објекти биле во фаза на уривање, но имало и одговори дека одредени адреси воопшто не постојат, односно не постоеле одредени станови во зграда.

По сето тоа, Државната изборна комисија изгласа извештај според кој Избирачкиот список е прочистен и подготвен за избори.

Во јуни 2016 година ДИК, сепак, го отвори Избирачкиот список повторно и соопшти дека ревизијата на Избирачкиот список ќе продолжи.





"Диктаторски изборен криминал" - протест на Шарената революција, 4 мај, 2016

ПОЛИТИЧКА АНАЛИЗА

# РАСПЛЕТ НА МАКЕДОНСКАТА КРИЗА: МЕСТЕЊЕ НА ИЗБОРИ ВО КОРПОРАТИВЕН СТИЛ

д-р Сашо Орданоски



Од независноста во 1991 година, „виткањето" на изборните правила и местењето на избори станаа релативно распространета пракса во Македонија, што се третира како дел од политичкиот фолклор и како неизбежен, а можеби и прифатлив демокраатски недостаток типичен за едно пост-комунистичко општество.

Но, по скандалот со прислушувањето на почетокот на 2015 година, стана јасно дека местењето избори во последните неколку години се претворило во противзаконска активност со огромни размери, со оглед на опсегот на тие местења, нивниот обем и темелноста на применетите методи.

Вообичаените заплашувања на гласачите, повремените закани и уцени, различните облици на изборна корупција, говорот на омраза и агресивната пропаганда, разновидната злоупотреба на власта и на државните институции, гласањето за други или за отсутните, односно спорадичните фалсикувања – сето тоа се издигнало на едно повисоко ниво, како составен дел на прецизно координиран систем на планирани и спроведени дејствија. Ако некогаш политичките партии беа главните извршители на незаконските дејствија, сега непријатната реалност укажува дека самата држава, со нејзините институции и ресурси, станала центарот на поткопувањето на основните вредности и практики на демократијата.

Во делот на своите редовни активности, како продемократска невладина организација, изборните набљудувачи, истражувачите и аналитичарите на ЦИВИЛ истражуваа и бележеа бројни нерагуларности за време на локалните избори во 2013 година, како и за време на парламентарните и претседателските избори во 2014 година. Но, укажувањата за нерегуларностите постојано беа игнорирани од страна на државните институции и беа оспорувани од страна на жестокиот пропаганден апарат на владејачката партија, ВМРО-ДПМНЕ.

Дури и оние злоупотреби и прекршувања на изборните правила и закони кои беа повеќе од очигледни беа постојано негирани од страна на надлежните државни органи. Се игнорираа фактите и доказите коишто ЦИВИЛ ги изнесуваше, индикациите се игнорираа, известувањата се забошотуваа, а предлозите за подобрување на состојбите се одбиваа. Но, сега знаеме зошто! Многу од оние кои требаше да реагираат, по службена должност, се наоѓаа меѓу главните извршители

на воспоставениот систематски и системски синџир на кривични дела правени и во областа на изборните активности.

## СКАНДАЛОТ СО ПРИСЛУШУВАЊЕТО И ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕГО

Целата контроверза на мега-скандалот со прислушувањето на телефонските разговори и следењето на другите комуникации на македонските граѓани во македонската политика може да остави многу неодговорени прашања во однос на сложените политички, правни и институционални околности на оваа срамна афера.

Сепак, оваа детална јавна реконструкција на незаконското работење на македонската „телекомуникациска" управа на тајната полициска служба претставува ретка можност за длабок увид во тоа како се случило демократијата во Македонија да биде киднапирана и да биде залудно потрошена од страна на релативно мал круг на луѓе во највисокиот ешалон на државната моќ.

Со над 400 објавени разговори, во кои доминираат високи функционери во владата на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски – вклучувајќи го и самиот Груевски! – на македонската јавност ѝ се понуди ретка можност да ја набљудува, преку "ориганалните гласови" на главните актери, бесрамната корупција, злоупотребата на функциите, како и избегнувањето на јавната одгорност од страна на оние функционери на кои им е доверена благосостојбата на земјата во поголемиот дел од деценијата зад нас. Легендите за кои мислевме дека знаеме дека се вистинити; лошото управување за кое се сомневавме дека се одвивало; односите кои претпоставуваме дека се случуваат; како и организаторите на криминалните активности за кои никогаш не разбравме дека навистина постојат – сето тоа е сега дел од македонското колективно политичко искуство. Правните последици се согледуваат преку мошне зафатениот распоред на канцеларијата на Специјалното јавно обвинителство – ad hoc креирана институција како резултат на нефункционирањето на политички корумпираното Јавно обвинителство – што има за резултат десетици сериозни кривични пријави против најблиските партиски

и државни соработници на Груевски, како и против него, самиот.

Земајќи го сето објавено предвид, македонската политика веќе никогаш нема да биде иста.

Недомкратските системи ги користат тајните полициски служби не за да управуваат со политичките, деловните и општествените процеси во државата преку ширење на информации и дебати за општествените вредности и идеи, туку за директна контрола врз луѓето – манипулацијата со луѓето води до манипулација на општествените процеси. Во сегашниот скандал, јасно е дека тајната операција за контрола на граѓаните се претворил во грандиозен противзаконски потфат: од 2009/2010 година наваму, следени се разговори на повеќе од 26.000 лица, со користење на најсовремена прислушна технологија набавена од Израел.

Илјадници се нашле на списокот на сомнителни, вклучувајќи ги сите опозициски претставници, новинари, деловни луѓе, како и граѓански активисти, луѓе од академските институции и странски дипломатаи. И повеќемина од авторите на овој Извештај, како и активистите од цивилниот сектор, биле редовно и внимателно следени повеќе години.

Сите коалициски партнери на владата, па дури и сите највисоки (и најниски) партиски функционери на ВМРО-ДПМНЕ, заедно со министрите и нивните соработници (и нивните брачни партнери) исто така биле на списокот за електронско набљудување, со исклучок на двајца роднини: премиерот Никола Груевски и неговиот прв братучед, шефот на тајната полициска служба, Сашо Мијалков.

Од она што до сега се знае, над еден милион приватни и службени телефонски разговори помеѓу огромен број на луѓе се прислушувани – меѓу кои се и разговорите на оние кои комуницирале со Груевски и Мијалков – и уредно се архивирани во дигитална библиотека на мета-податоци на тајната служба. Стотици разговори статистички и содржински се анализирани на дневна основа, што резултирало со континуирани оперативни активности на службите насочени кон поткопување на политичката опозиција во државата, но и за потребата за уценување на поединци, рекетирање на бизниси, местење на избори, усогласување на провладините

пропагандни активности и за контролирање на општествени тенденции кои би можеле да ја доведат во прашање политиката на режимот.

Овој илегален систем на разузнувачка опсервација резултираше со проширување на политичката и економската моќ на кругот околу Груевски (“Фамилијата“), вон сите очекувања. Но, таквите практики, од друга страна, доведоа и до слабеење на нивните нормални политички инстинкти и на елементарното чувство за реалност. Членовите на “Фамилијата“ станува сѐ повеќе зависна од методите за контрола спроведувани од тајната служба и, неизбежно, влегоа во нејзиниот свет на виртуелната реалност.

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КВАДРАТУРАТА НА КРУГОТ

Оттука, не е за изненадување тоа што обзнанувањето на овој скандал, во првите месеци од 2015 година, ја предизвика, по сѐ изгледа, најдлабоката политичка криза во земјата од нејзината независност. Од почетните фази на овие случувања во 2015 година, режимот на Груевски се обидува да ги минимизира последиците од скандалот преку различни политички и пропагандни активности.

Во оваа смисла, се чини дека власта дури заигра и на “безбедносната карта“, кога во мај 2015 година, под сосема неразјаснети околности, се одигра полициската интервенција против една милитантна група на етнички албански криминалци запоседнати во една приградска населба на Куманово. Акцијата резултираше со безбедносен дебакл: после жестока целодневна престрелка, загинаа 22 лица, вклучувајќи осум припадници на специјалните полициски сили, со уште неколку десетици повредени на двете страни. Двајца од најблиските соработници на Груевски, министерката за внатрешни работа Гордана Јанкуловска и неговиот братучед, шефот на тајната служба, Мијалков, поднесоа оставки неколку часа по катастрофалниот крај на инцидентот.

Сепак, и покрај „ѕвечкањето со оружје“ од страна на режимот, сѐ помал дел од македонската јавност можеше да се заплаши или збуни: низ голем број македонски градови од почетокот на минатата година почна да се развива бран на граѓанско незадоволство, што опфаќаше значаен дел од македонското граѓанско општество,

што кулминира со најголемиот дотогаш организиран протест во Скопје на 17 Мај, 2015 година.  Се собраа десетици мултиетнички граѓански организации и опозициски партии, предводени од СДСМ. Само на тој ден, повеќе од 60,000 луѓе побараа оставка од владата, предвремени избори и правни последици за сите оние кои беа инволвирани во избувнувањето на скандалот со прислушуваните разговори. Кризата повеќе не можеше да се игнорира.


Куманово, мај 2016.

Следствено, процесот на преговори за надминување на политичката криза, што се одржа во резиденцијата на амбасадорот на ЕУ во скопската населба Пржино, резултираше со политички договор кој беше потпишан на 2 јуни и дополнет на 15 јули 2015 година, замислен како политичка платформа за решавање на кризата. Но, наместо тоа, се увиде дека трите страни кои беа вклучени во процесот на преговори – владејачката македонско-албанска коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ; опозициската СДСМ; и евро-американските меѓународни посредници, предводени од страна на комесарот на Европската комисија, Јоханес Хан – всушност, имаат различни агенди и различни временски рамки за решавањето на кризата.

Во тоа време, владејачката коалиција беше заинтересирана за тоа да се спроведат што е можно побрзо изборите, со што би се обновил нивниот политички легитимитет, со минимализирање на какви било политички реформи кои евентуално би резултирале во поголемо владеење на правото и во кредибилни институции во државата, со коишто би се довела нивната моќ во прашање. Опозицијата, пак, беше заинтересирана за сеопфатни политички реформи, за што

беше потребно побавно темпо на случувањата, со цел да се воспостави владеење на правото неопходно за да се сопре трендот на уште едни наместени и лажирани избори. Меѓународната заедница сакаше политички реформи што ќе доведат до избори за формирање на влада, која би била што е множно повеќе легитимна и која би продолжила со политички реформи во земјата согласно владеењето на правото, но без да се посветат доволно време и ресурси барани од опозицијата.

Со ваквите несинхронизирани пристапи, започна трка помеѓу правните и политичките начела во решавањето на кризата, а фрустрациите од тој процес растеа на сите инволвирани страни. Брзајќи кон избори, владејачката коалиција, која не скаше да го ризикува кредибилното обновување на избирачкиот список, ниту пак да ја олабави контролата врз медиумите и повторно да воспостави независност на клучните институции од големата партиска контрола, мораше два пати да го пролонгира датумот за избори од нивна страна еднострано закажувани на 24 април и 5 јуни, 2015 г. Власта се соочи со бојкотот на така закажаните избори од страна на сите опозициски партии во земјата и со силното несогласување од страна на граѓанското општество, вклчувајќи ги и бројните јавни барања на ЦИВИЛ засновани на теренските извештаи и сеопфатните анализи за неподготвеноста за фер изборен процес. Опозицијата се одлучи за постојан, но мирен отпор кон владата, повикувајќи се на поддршката на илјадници македонски граѓани кои видоа можност да се преземе контролата од рацете на владејачката коалиција во која тие повеќе немаа доверба. За тоа беше потребно многу време и нерви, како и ресурси. Исто така, сето тоа доведе и до многу недоразбирања со меѓународните актери кои инсистираа на тоа дека најдобро е официјалните институции да го водат овој процес – истите институции кои беа разоткриени како сосема корумпирани и неефикасни.

Сé се одвиваше со темпото на традиционалните македонски народни ора: три чекори напред, два чекори назад...

Некако, сите случувања се вртат околу работата на канцеларијата на Специјалниот јавен обвинител, којашто стана единствената институција во земјата којашто, по нејзиното воспоставување на крајот од 2015 година, постојано има повисок јавен рејтинг во јавноста од која било политичка партија, политичар или друг државен

орган. Угледот на оваа канцеларија дополнително се засили со политичката несмасност на македонскиот претседател Ѓорге Иванов, кој потроши два скапоцени месеци од времето што беше потребно за решавање на кризата со помилување на 56 лица, во најголем дел владини функционери (вклучувајќи го и самиот Никола Груевски) и нивните невладини помошници, за кои се водеше истрага или за кои претседателот претпоставил дека се осомничени од страна на Специјалниот обвинител – за потоа таа своја одлука претседателот да ја повлече исто толку неочекувано, како што беше и донесена! Со оваа негова постапка, се чини дека претседателот сосема го изгуби својот скромен легимитет и поддршката во некои делови од македонската јавност, со што стана дел од полтичкиот проблем, а не дел од решението на кризата. Освен тоа, овој нов политички инцидент го всади Специјалното јавно обвинетелство во срцата и свеста на македонските граѓан, како единствена институција која ја тестира вообразената моќ на власта.

## РЕАКЦИИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Откако се формира националистичката-конзервативна влада на ВМРО-ДПМНЕ заедно со етниките албански колациски партнери во јули 2006 година, започна деценијата на најпредизвикувачкиот период за опстанокот на политички независното и активното граѓанско општество во Македонија. Конзервативните популистички политики на оваа влада станаа сé повеќе авторитарни од 2009 година наваму, со што драматично се потисна слободата на говорот и слободата на медиумите, а се наруши и автономијата на критички настроените политички активности во земјата, вклучувајќи ги и повеќето активности на независниот граѓански сектор.

Протестите против силните притисоци на државата добиваа на интензитет, особено по откривањето на скандалот со прислушување. Во текот на 2015 година се појави силна мобилизација во рамките на граѓанскиот сектор во Македонија. Студентските и средношколските пленуми се организираа заедно со голем број свои професори. Кон нив се приклучија новинари и медиумски организации, различни невладини организации, дел од официјалните синдикати, голем број поединци од светот на уметноста и науката, како и политички активисти, сите

заедно собрани на улица на помали и поголеми протести во главниот град Скопје, како и низ други градови во земјата – на дневна основа.

Некогашниот доминантен страв и вознемиреност што владееше кај граѓаните брзо се замени со граѓанска непослушност и отворено несогласување со владините политики и практики.



Протест на Шарената револуција, 6 јуни 2016.

Во првата половина на 2016 година, овие протести добија уште едно организациско и идеолошко значење, кога се собраа околу движењето што себе се нарече Шарена Револуција. Движењето беше покренато од граѓански активисти во поддршка на правните активности на Специјалниот јавен обвинител, чија работа постојано се саботираше од страна на режимот. Шарената Револуција е хоризонтално организирано движење коешто ги координира своите активности преку социјалните мрежи, без очигледно лидерство или видлива организациска структура. Во центарот на вниманието на Шарената Револуција се повиците за правна одговорност за сите оние кои се инволвирани во незаконски активности во општеството.

Државниот пропаганден апарат не штедеше време, ниту напори и ресурси, за да „докаже" дека ова движење е резултат на „Западен заговор", предводен од Џорџ Сорос, со цел да се собори „легитимната влада" во Македонија. Се тврдеше дека тоа претставува движење во стилот на Портокаловата Револуција, типична за слични граѓански иницијативи кои се шират во последните неколку години од Тунис и Египет до Украина.

Преку режимскиот пропаганден апарат се ширеа налудничави теории на заговор и шпекулации, како и лични напади врз најактивните членови на движењето со цел да се дискредитира Шарената Револуција. Сепак, овие граѓански активисти не ги одврати пропагандата на режимот, ниту, пак, беа обесхрабрени од страна на масовните полицски сили на улиците или од бројните апсења и обвиненија поднесени од страна на властите: од 12 април 2016 година, наваму, речиси секое попладне илјадници луѓе се собираат пред зградата во која е сместено Специјалното јавно обвинителство во Скопје и започнуваат пописладневен марш низ центарот на градот; се прска боја по фасадите на зградите на државните институции и споменициите кои никнаа во рамките на таканаречениот проект "Скопје 2014", што ја симболизира новокомпонираната политичка и пропагандна моќ на корумпираниот режим на Груевски.

Тоа што започна со неколку стотици, претежно млади луѓе, кои протестираат во Скопје, набрзо прерасна во илјадници луѓе кои маршираат секојдневно низ главниот град, како и во уште дваесетина други градови низ Македонија. Постепено, и опозицијата го покажа своето посилно присуство на протестите, иако таа настојува премногу да не се меша во агендата и во конкретните активности на протестите на Шарената Револуција. Оваа сезона на пролетни граѓански протести во Македонија кулминираше на 20 јуни, со големи демонстрации на околу 30.000-40.000 луѓе во Скопје, преплавувајќи ги улиците и плоштадите пред зградите на Владата и Собранието. Демонстрантите бараа пад на режимот, итно укинување на сите опструкции во работата на Специјалното јавно обвинителство и спроведување на владеењето на правото за сите оние кои се вмешани во криминални активности во последната деценија на демократски деформираната власт на Груевски.

## ТРАЕН ЕФЕКТ ВРЗ ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Ваквите настани веројатно ќе оставаат силен печат врз голем дел од граѓанските организации во земјата и во наредните години. За прв пат во последните две и пол децении, членови на граѓанското општество во Македонија беа буквално истерани од своите удобни канцеларии и турнати на улица, зафаќајчи се со експлицитно политичко делување. Тие отворено се спротивставуваат на агресивен режим и на

неговата заплашувачка, политичка, полициска и пропагандистичка машинерија.

Во однос на развојот на граѓанскиот сектор во земјата, последниот годишен извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија[1], објавен на крајот на 2015 година, наведува дека „граѓанските организации одиграа конструктивна улога во контекст на кризата, преку барање отчетност од политичките актери. Истовремено, тие изразија загриженост поради тешкотиите со кои се соочуваат во нивната работа и ограничената заложба за дијалог кај власта, како и поради јавните напади од политичарите и провладините медиуми".

Македонското граѓанско општество, кое го сочинуваат околу 4.000-5.000 активни организации, е умерено развиено и го следи процесот „тргни-застани" на македонската демократска и социо-економска транзиција во изминатите 25 години. Соочени со силни анти-демократски тенденции на сегашната власт во Скопје, голем број невладини организации во земјава реагираа енергично и завземаа силен продемократски политички став, проширувајќи ги нивните активности за вмрежување во областа на меѓусебна поддршка и соработка. Ова предизвика потреба од поголемо разбирање на улогата на граѓанското општество во демократската консолидација и идните реформи на политичкиот систем на Македонија, особено во областа на слободните и фер избори, слободата на изразувањето и потребата од департизација на државните институции и независните регулаторни и мониторинг тела. Како резултат на сето тоа, за овој тренд ќе бидат потребни силни врски помеѓу граѓанските организации и нивната граѓанска база, поголемо чувство на солидарност и вмрежување во граѓанскиот сектор, како и силна меѓуетничка соработка.

Меѓутоа, ваквиот развој се одвива паралелно со ескалацијата на финансиските потешкотии, како резултат на помалиот број билатерални донатори и зголемената зависност од ЕУ фондовите; иако ЕУ фондовите нудат повеќе ресурси, повеќето локални граѓански организации, за жал, го немаат капацитетот што е потребен за да се исполнат потребните комплицирани критериуми кај овие фондови.

Постои потреба за развивање на алтернативни модели за прибирање средства, кои вклучуваат поголемо учество на поддршка од граѓаните и од бизнисите, како и поттикнувањето на потенцијалите на локалната филантропска заедница.

Откако оваа влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе се повлече од сцената, ќе треба да се преземат значајни иницијативи за понатамошно „прилагодување" на даночната политика кон граѓанскиот сектор, за стимулирање на поголеми даночни олеснувања (особено за донации на поединци) и на поголеми донации од приватните компании. Паралелно со тоа, ќе биде потребен и потранспарентен, фер и одговорен систем на државно финансирање насочен кон граѓанскиот сектор во земјата.

## ЗГОЛЕМЕНО ЗНАЧЕЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Уште сега е јасно дека, исто така, ќе мора да се подобрат односите помеѓу државата (како на национално, така и на ниво на локалните самоуправи) и граѓанскиот сектор. По повеќегодишното третирање на граѓанскиот сектор како непријател, која било нова влада ќе мора да биде подготвена да ја обнови изгубената взаемна доверба и да го вклучи овој сектор како сојузник и како неопходен дел од заштитатата на кревката демократија во Македонија. Постоечката институционална рамка за дијалог помеѓу владата и граѓанскиот сектор не функционира и недоследно се спроведува. Подобрувањата на оваа рамка треба да се прави во согласност со начелата на хоризонтална соработка, наместо вертикалната хиерархија, во која владините актери и актерите на граѓанското општество ќе си ги надополнуваат напорите во областа на соработката. Со ова ќе се унапреди демократското владеење на централно и локално ниво, преку негување на конститутивното тело на граѓанскиот сектор, со цел да се подобри легитимноста и кредибилноста на невладините организации. Исто така, ќе се зголемат волонтерските активности, ќе се зајакне чувството на вредности и солидарност меѓу граѓаните и граѓанскиот сектор и ќе се прошири просторот за раст на социјалните услуги што ќе ги нудат невладините организации, а ќе бидат признати од страна на властите.

Организацискиот капацитет преставува еден од најслабите аспекти на македонскиот граѓански сектор, вклучувајќи го стратегиското планирање, управувањето, способностите за прибирање средства, техничките ресурси, кадарот (голем дел од вработувањата во невладините организации сé уште се одвиваат врз база на проектен ангажман) итн. Постои очигледна потреба за

поголема професионализација на граѓанските организации.

За да се постигнат ваквите подобрувања во граѓанскиот сектор треба да постои подобро граѓанско образование кај поширокото население. Поголемо знаење и општа свест во однос на изборните правила и постапки ќе ги попречат лошите обиди за изборни измами. Ваквата потреба ги прави невладините организации, како што е ЦИВИЛ, интегрален дел од процесот на повторното воспоставување на понатамошниот развој на македонската демократија. Богатото портфолио на тековни активности на ЦИВИЛ, вклучувајќи ги сите современи методи на мониторинг на изборите и демократијата, известувањето и унапредувањето на граѓанското општество, демонстрира модел за конструктивна, релевантна и поголема граѓанска вклученост во Македонија.

[1] http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

## ПРАВНА АНАЛИЗА [1]

# БЕСКОМПРОМИСНА БИТКА ЗА СЛОБОДА И ДЕМОКРАТИЈА

**Сандра ГАВРИЛОСКА**

Оваа, најсериозна политичка криза во земјата од 2001-та наваму, како што се дефинира во Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2015 година, која скандалот со големиот број прислушувани разговори од страна на актуелната власт, односно иницирана од опозициското објавување на пресретнатите комуникации што вклучуваат високи државни функционери, меѓу другото, сугерираше кршење на основните човекови права, мешање во независноста на судството, загрозување на слободата на медиумите и изборите, како и постоење на добро развиени мрежи на корупција.




#СлободниИзбори - ДА! Изборна кражба - НЕ!
Прес конференција на ЦИВИЛ пред Собрание, 6 април 2016.

Во изминатиот период демократијата во Македонија (демократија стекната и наследена од 1944, а обновена во 1991 година) континуирано се соочуваше со низа сериозни проблеми, кои во 2015 година конечно резултираа со поставена и утврдена опасна дијагноза за една (не)развиена демократска држава - најсериозна политичка криза од 2001 година.

## 1. ДИЈАГНОЗА

Фрагилната македонска демократија и автократското владеење што трае речиси една деценија, сериозно ја загрози и ја дестабилизира политичката состојба и состојбата на човековите права и слободи во Република Македонија, особено во периодот на локалните избори во 2013 година, за време на претседателските и предвремените парламентарни избори во 2014 година, како и за време на политичките преговори во 2015 година и актуелната политичка криза.

Меѓу многуте детектирани проблеми, кои, несомнено, влијаеја врз македонскиот демократски амбиент и го изобличија до степен на искривена, односно испревртена реалност или илузија, особено беа:

- партиското (наместо политичко) владеење, во сите сфери на општественото живеење и дејствување;

- партиската, односно партизираната (наместо јавна) администрација;

- корумпираното (наместо независно) судство;

- изборните манипулации и нерегуларности (наместо фер и демократски изборни процеси);

- повредата и злоупотребата (наместо почитување) на човековите права и слободи;

- кршењето (наместо примена) на законите;

- владеењето на репресијата (наместо владеење на правото);

- строго контролираното (наместо слободно, независно и објективно) медиумско информирање.

Дополнителен придонес за ослабување на и онака слабата и анемична демократија имаше домино-ефектот на прислушуваните разговори, кои ја навестија македонската пролет во 2015 година и ја разбудија македонската свест, а тоа беа протестите на студентите, на хонорарците, на средношколците, на новинарите, на граѓаните, протестите за правда, демократија и слобода, протестите поради полициската бруталност, протестите за чист воздух... или сите со едно име - протести против актуелната власт.

## 2. ТЕРАПИЈА

Идејата и неопходната потреба за излез од настанатата политичка криза, предизвикана, пред сè, од лошото владеење на актуелната власт и нејзиното несовесно и недомаќинско менаџирање со државата, доведе до ситуација меѓународната заедница да ги натера лидерите на четирите најголеми македонски политички партии да седнат на преговарачка маса и, по долги и тешки преговори, да го склучат Договорот од Пржино. Договорот се однесува на прашања од кои зависеше, и сè уште зависи, судбината и опстанокот на Македонија. Секако, со претпоставена и очекувана намера на потписниците на Договорот за негово целосно исполнување и реализација.

Во правна смисла, Договорот од Пржино значи облигационен (обврзувачки) однос во кој учесниците се, односно се подразбира дека би требало да бидат, рамноправни, совесни и чесни, и (како претставници на граѓаните) да имаат заеднички интерес за исполнување на договореното, исклучиво во интерес на граѓаните на Македонија.

Исто така, од правен аспект, Договорот од Пржино имаше и сè уште има цел да ги врати изгубените демократски вредности во Македонија, да овозможи владеење

на правото, правда и правичност, почитување на законите и почитување на основните човекови слободи и права, независно и објективно медиумско информирање и, конечно, фер и слободни избори, гарантирани со Уставот и законите.

Тоа (целта на Договорот) подразбира квалитетни и навремени промени на изборниот модел, Избирачкиот список, изборното законодавство, законско и транспарентно работење на политичките партии, државните органи и институции (обични и специјални), индивидуална и колективна одговорност, слобода на медиумите... Со единствена цел: создавање услови за одржување предвремени парламентарни избори, како и ослободување на сите институции и граѓани од притисоците и контролата (читај: стегите) на власта.

Во тој правен контекст, како (по)битни предуслови за одржување фер и демократски избори се:

- реформи на изборниот модел, кој треба да овозможи плурализација на политичката сцена, зголемување на политичката и моралната одговорност на народните избраници/пратеници, како и воспоставување внатрепартиска демократија. Овој модел, согласно со препораките на Венецијанската комисија, не смее да претрпува суштински измени во последните шест месеци пред одржување на изборите;

- измени и усогласувања на Избирачкиот список, согласно со ажурираните податоци на граѓаните, од матичните книги, евиденцијата за живеалиште, евиденцијата за државјанство и други службени евиденции, добиени од надлежните органи;

- измени и дополнувања на Изборниот законик со одредби за привремено запишување гласачи надвор од местото на престојување во Избирачкиот список, со што би се избегнала потребата од активна регистрација на гласачите;

- законско и транспарентно финансирање на изборите, односно на изборната кампања, особено без средства од буџетот на РМ, без средства од буџетите на

општините и Град Скопје, како и без средства од јавни претпријатија и установи;

- јавни и транспарентни извештаи на радиодифузерите и печатените медиуми, за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата што се платени или се побаруваат врз таа основа.

Без корекции на изборното законодавство, а потоа и без негово целосно почитување и правилна примена, нема и не може да се очекува исполнување на Пржинскиот договор, ниту, пак, враќање на демократијата и слободата во Македонија.

Оттука, останува неизвесно, а веројатно и невозможно одржување слободни предвремени парламентарни избори.

## 3. ПРИДОНЕСОТ НА ЦИВИЛ

Меѓу другите релевантни фактори, и ЦИВИЛ - Центар за слобода, во изминатите осум години, постојано и трпеливо укажуваше на непостоење политички дијалог, ниско ниво на политичка култура и неможност да се постигне согласност за битни прашања од интерес за демократијата и правата и слободите на граѓаните.

Низ многубројните активности, истражувања, анализи и препораки, ЦИВИЛ зборуваше (на јазик разбирлив за сите) за:

- грубо кршење на основните и уставно гарантираните човекови права и слободи (особено за слободата на изразување, социјалната правда и гласачкото право);

- дискриминација врз етничка и верска основа;

- структурно насилство;

- дискриминација според политичката афилијација;

- функционирање на јавните/државните институции исклучиво во интерес и за потребите на власта и владејачката партија;

- криминални злоупотреби на власта;

- медиумска корумпираност и нетранспарентност;

- ерозивен изборен процес...

Изразено со јазикот на ЦИВИЛ: „Само слободни избори се шанса да се врати владеењето на правото", „Европа бара оставка од Груевски и обезбедување фер избори", „Случаи на жесток политички притисок", „Притисок врз наставниот кадар", „Решителна пресметка со политичката корупција", „Груевски продолжува со злоупотребите", „ВМРО-ДПМНЕ ја присвојува историјата", „Македонија страв и надеж", „Дисквалификувана демократија", „Бескрупулозна борба за власт",„Криминалци не смеат да владеат со Македонија", „Македонија не може да си дозволи изборна кражба"...

Во своите многубројни и детални констатации и ставови изнесени пред домашната и меѓународната јавност, пред многубројни домашни и меѓународни институции и организации, ЦИВИЛ во континуитет ги констатира и ги обелоденува актуелните состојби и проблеми во државата, и тоа во многу сегменти од општественото живеење, притоа изнаоѓајќи и предлагајќи модули за јакнење на свеста на граѓаните како важен предуслов за надминување на проблемите и општествените девијации.

Во рамките на својата работа, ЦИВИЛ ги поддржува сите индивидуални и/или колективни акции и процеси и со јавноста ги споделува своите експертизи и препораки за заштита и почитување на човековите права и слободи, владеење на правото и правната сигурност, зголемување на степенот на меѓуетничка толеранција, политички дијалог, етичко однесување, стабилност и демократија.

Работата на ЦИВИЛ, според својата суштина, секогаш била и ќе биде со единствен интерес и цел: слобода и демократија, што подразбира бескомпромисна битка за почитување на човековите права и слободи, што подразбира слободни избори и ништо помалку од тоа.

# МАКЕДОНИЈА ЖИВЕЕ ВО ИСКРИВЕНА РЕАЛНОСТ И ИЛУЗИЈА!

**Скопје, Март 17, 2016**

**Сандра Гавриловска, адвокатка и правна експертка, говори за правно-политичките аспекти на политичката криза и драматичните последици од партизацијата на државата.**

Општата состојба во Македонија се темели врз политичката криза во државата од 2001 година досега, што е веќе утврдено во извештајот на Европската комисија за Македонија за 2015 година. Актуелната политичка криза, несомнено, влијае врз македонскиот демократски амбиент и го изобличува до степен на искривена реалност и илузија. Таквата драматична состојба на политичката криза во Македонија, меѓу другото, рефлектира автократско и строго партиско владеење и фрагилна, анемична демократија.

Од правен аспект, изгубените демократски вредности имаат домино-ефект врз севкупното функционирање на одамна не многу функционалниот правен и правосуден систем. Сведоци сме на тотално владеење на репресија наместо владеење на правото, на масовно непочитување и кршење на законите, како и на бесрамно корумпирано наместо независно судство, за што потврда се и последните случувања со одлуката на институцијата Уставен суд, како преседан со сериозни правни и политички последици, со што сметам дека на крајно силеџиски начин, по којзнае кој пат се манифестира со Уставот забранетото мешање на извршната во судската власт.

Во тој контекст, без почитување на Уставот и на законите, како и во отсуство на правна заштита и сигурност во сите сфери на општественото живеење и дејствување, грубото кршење на основните човекови права и слободи, како и сериозното загрозување на слободата на медиумите и изборите, колку апсурдно и да звучи � е логична последица на лошото владеење на актуелната власт, и нејзиното несовесно, недомаќинско менаџирање со државата. Зборувајќи исклучиво од правен аспект, сметам дека постојат повеќе предуслови за да се излезе од политичката криза и да се ослободат не само институциите туку и самите граѓани, од контролата на власта. Во тој контекст, предуслов за излез од политичката криза се измените и усогласувањето на Избирачкиот список, за кои и пред малку се зборуваше, и не само во согласност со ажурираните податоци од евиденцијата за државјанства туку и во согласност со податоците на граѓаните од матичните книги, евиденција за живеалиштата и сите други службени евиденции

што можат да се добијат од надлежните органи. Исто така, потребна е измена и дополнување на Изборниот законик, и тоа со одредби за привремено запишување во Избирачкиот список на гласачи надвор од местото на престојување, со цел да се избегне потребата од активна регистрација. Исто така, сметам дека Изборниот законик конечно треба да се дополни со прекршочни, односно казнени одредби, за сите субјекти што учествуваа во изборниот процес, а нема да ги почитуваат сите обврски што се предвидени со Изборниот законик.

Предуслов за излез од кризата се и реформите во изборниот модел, за кои сега е премногу доцна да се зборува во конкретниот случај, но тие реформи би овозможиле плурализам на политичката сцена, како и зголемување не само на политичката туку и на моралната одговорност на народните претставници, во краен случај и воспоставување на една внатрепартиска демократизација, што очигледно недостасува. Предуслов е и треба да се инсистира на законско и транспарентно работење на државните институции, како и на обичните, така и на специјалните, како и на политичките партии, законско и транспарентно финансирање на изборите, односно на изборната кампања, без средства од буџетот на Република Македонија, без средства од буџетите на општините и на Град Скопје, како и без средства од јавни претпријатија и установи. Секако, и ослободување на медиумите од притисокот на власта и транспарентни извештаи за сите печатени и радиодифузни медиуми за рекламирање на учесниците во политичката кампања.

Обидот за изнаоѓање решение за прашањата од кои зависат судството и опстанокот на демократијата беше Пржинскиот договор, кој само би го искоментирала од правен аспект, како договор што значи облигациски, обврзувачки однос на учесниците, а што подразбира дека сите учесници во тој договор, сите договорни страни, треба да бидат рамноправни, совесни и чесни, и да имаат интерес да го исполнат договорот исклучиво во интерес на граѓаните во Македонија. Кога реализацијата на овој Пржински договор би се остварила во вистинска правна смисла, мислам дека и би се видел излезот од политичката криза. Во

однос на граѓанскиот сектор, сметам дека е несомнено влијанието и улогата на граѓанскиот сектор во будењето на свеста и во надминување на настанатите проблеми и општествени девијации. Граѓанскиот сектор, и поединечно и заедно, укажува на непостоење политички дијалог, постоење на ниско ниво на политичка култура, како во однос на основните гарантирани човекови права и слободи, потоа на корупција, нетранспарентност, криминална злоупотреба на власта, функционирање на јавните и државните институции исклучиво во интерес на власта и владејачката партија, контрола на медиумското информирање, ерозивен избирачки процес и многу други теми на кои постојано се укажува од граѓанскиот сектор и, мислам, има ефект кај граѓаните".

Гавриловска беше дел од експертскиот панел „Плурализмот и политичката криза", кој се одржа на 17 март 2016 година и кој силно одекна во јавноста поради длабинските анализи на изборниот процес и политичката криза во Република Македонија.

Настанот е дел од проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани", финансиран од Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија.



LEGAL ANALYSIS [2]

# СПРЕЧУВАЊЕ ИЗБОРНИ МАНИПУЛАЦИИ

**Александра ЈОЗИЌ-ИЛЕКОВИЌ**

Во рамките на проектот за консултативна помош на македонските организации на граѓанското општество во однос на изборниот процес, ангажирана сум од Министерството за надворешни работи и европски прашања на Хрватска и од Центарот за одличност, во својство на експерт во областа на изборните реформи, во Република Македонија.

Како дел од спроведувањето на проектот, заедно со колегата Драган Зелиќ од ГОНГ, имавме три експертски мисии (во периодот од 28 август до 9 декември 2015 година) со цел поддршка на ЦИВИЛ за подигање на нивните професионални способности и оформување на јавнозаговарачките политики за изборната реформа во Република Македонија.

Работејќи на проектот, се забележа високо ниво на професионализам и голем интерес кај колегите од ЦИВИЛ за унапредување и стекнување нови знаења, и затоа соработката беше на високо ниво, што придонесе за постигнување на целите и резултатите од проектот во целост, што резултираше со волјата на ЦИВИЛ и на други организации за натамошно поврзување и заеднички активности за подобрување на изборното законодавство, за следење на изборниот процес и за спречување манипулации во изборниот процес.

Поддршка за овој проект даде и хрватската амбасадорка во Република Македонија, г-ѓа Даниела Баришиќ, која со својата отвореност (иако на самиот почеток од мандатот) и преку учество на јавни собири, дополнително ја истакна хрватската подготвеност, преку Центарот за одличност на Министерството за надворешни работи и европски прашања на Република Хрватска, да им се даде стручна помош на колегите од Република Македонија во сите идни проекти што вклучуваат соработка и поддршка во развојот на едно демократско општество. Колегите од ЦИВИЛ особено го почитуваат ангажманот на амбасадорката и изразија надеж за натамошна соработка меѓу двете земји.

Имајќи предвид дека Република Македонија се подготвува за предвремени парламентарни избори планирани за април 2016 година, размената на знаења и искуства со своите хрватски колеги, резултираа со конкретни предлози на ЦИВИЛ за регулирање на Избирачкиот список, за назначување на Државната изборна комисија на Република Македонија како независно и професионално тело, со методологијата на непартиско набљудување, со комуникацијата на ЦИВИЛ и со други граѓански организации што работат на човековите права и на изборниот процес за можен заеднички настап во заговарањето за подобрување на изборното законодавство и на Избирачкиот список.

Исто така, нагласена е потребата за регулирање и надзор на финансирањето на изборните кампањи, како важен елемент за обезбедување фер изборна трка и борба против корупцијата.

Искуствата на ГОНГ во работата со набљудувачите и набљудувањето на сите фази од изборниот процес беа исклучително корисни и претставуваа основа врз која се втемелени плановите за следење на изборниот процес и организациската структура на ЦИВИЛ, кој ќе организира и ќе спроведе непартиско набљудување на изборите.

Во текот на работата на проектот, ЦИВИЛ одржа состаноци и интерактивна работа во работилници, како и јавни средби со своите колеги од МОСТ, со претставници на „Фондацијата Отворено општество", на Хелсиншкиот комитет на Македонија, на претставници на ОБСЕ и на НДИ, на Германската амбасада, на Амбасадата на Обединетото Кралство, со претставници на политички партии и независни експерти од областа на изборниот процес.

## 1. ПРВА ЕКСПЕРТСКА МИСИЈА (28 АВГУСТ - 2 СЕПТЕМВРИ, 2015)

Темата на првата експертска мисија беше регулирање на Избирачкиот список, набљудување на изборите и важноста за самостојна работа на институциите во спроведување на изборите. За време на работата бевме информирани дека во Република Македонија е во тек процесот на преговори (затворен за јавноста) на претставници на парламентарните партии и експерти за промени во Изборниот законик, со фокус на методологијата на планирање и ажурирање на Избирачкиот список. Идејата беше до распишувањето на изборите да се најде модел на ажурирање на Избирачкиот список, а еден од предлозите беше активна регистрација на гласачите неколку дена пред изборите, како што бевме информирани од ЦИВИЛ и од други учесници.

Презентацијата на хрватскиот Закон за избор на пратеници во хрватскиот парламент , Законот за Избирачки список  и Законот за Државната изборна комисија  даде слика на хрватските изборни и законски рамки, при што се забележани големи сличности со Изборниот законик  на Република Македонија.

Имено, со Изборниот законик се уредени на едно место сите избори во Република

Македонија, за разлика од хрватскиот пример, каде што посебни закони го регулираат секој поединечен изборен циклус, што го оценуваме позитивно и го поддржуваме донесувањето на единствен Изборен закон, кој од аспект на системот и систематизацијата на законодавството е подобро и посоодветно решение.

Учесниците во проектот изнесоа сериозни забелешки за работата на изборната администрација во областа на Избирачкиот список и институциите поврзани со вршење на оваа јавна евиденција, како што се Државната изборна комисија (во натамошниот текст: ДИК) и Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: МВР). Всушност, како што претходно информиравме, на прашањето за одговорноста за точноста на Избирачките список, ДИК тврди дека списокот на гласачите е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, а Изборниот законик предвидува дека „Избирачкиот список го води Државната изборна комисија" . Барањето за запишување во Избирачкиот список е за лица на возраст од 18 години и со постојан престој во Република Македонија, како и со важечка лична карта или патна исправа.

Значи, што се однесува до надлежноста, според наведената одредба, произлегува дека ДИК, која го води списокот на гласачи, треба да биде одговорна за точноста на податоците. Сепак, различни се толкувањата од ова сфаќање, и ние сме информирани дека ДИК смета дека не е тело што може да ја потврди точноста на Избирачкиот список и дека тоа е во надлежност на МВР, орган што води евиденција за живеалиштето и за државјанството, а чија евиденција, покрај записите од матичните книги и други службени евиденции, е основа за составување на Избирачкиот список. На ДИК, исто така, му се овозможува проверката на точноста да ја потврди врз основа на директни проверки, при што не се пропишува начинот на кој, де факто, се прави (и дали се прави) тоа.

Треба јасно да се направи разлика меѓу надлежностите во врска со списоците на избирачите на ДИК и на МВР, и да се одреди кој е одговорен за точноста на Избирачкиот список.

Во Хрватска Избирачкиот список е во надлежност на Министерство на управата,

кое води архивирање на податоците за гласачкото тело, при што регистарот на гласачи се дефинира како збир на личните податоци на сите гласачи, а Избирачкиот список е дел од Регистарот на гласачи, кој се изготвува по неговото затворање и претставува основа за гласање.

Во однос на македонската законска регулатива во областа на Избирачкиот список и правото на глас, се поставува прашањето за граѓаните што немаат валиден документ, лична карта/патна исправа, и како тие можат да го остварат правото на глас. Во овој дел ние предлагаме да се разгледа можноста ⍰ овие гласачи да гласаат врз основа на сертификати за гласање, а по претходно испитување на нивните права на глас од надлежниот орган.

На тој начин се зголемува можноста да гласаат оние гласачи што на денот на изборите ќе бидат (или се) надвор од местото на живеење (посебно за одредена категорија на гласачите, како што се студентите, работниците мигранти...). Во овој контекст, ги презентиравме законските решенија во хрватскиот Закон за регистрација на гласачи, со кој се предвидува можност за претходно регистрирање на гласачи што живеат во Република Хрватска, кои ќе гласаат во странство или привремена регистрација во регистарот на гласачите надвор од местото на живеење за оние гласачи што ќе се најдат во друг град / општина во Република Хрватска и издавање сертификати за гласање надвор од местото на живеење, врз основа на кои гласачите можат да гласаат во секое избирачко место во Република Хрватска или во странство.

Главната цел на овие институти содржани во хрватскиот Закон за регистарот на гласачи е да им овозможи на сите гласачи слободно движење без пречка за остварување на правото на глас.

Во практиката често се востановува дека избирачките списоци се неточни, а како резултат на неискуството на властите, на миграцијата на населението и на фактот дека граѓаните не се проверуваат во Избирачкиот список, кога е достапен да се провери, се отежнува составувањето на Избирачкиот список.

Во однос на аранжманот/ажурирањето на Избирачкиот список, важна е улогата на изборната администрација и на МВР, кои треба пред изборите да спроведат силна медиумска кампања и активирање на граѓаните, од една страна, да ја исполнат својата граѓанска должност и да ги ажурираат своите лични документи, како и едновремено активно да ги вклучат граѓаните како еден вид граѓански надзорник, кои ќе ги пријавуваат во полиција сите информации за откриените неправилности (на пример, фиктивен престој), и јавно да се информира за бројот на гласачи на секоја адреса, кој ќе им биде на располагање на граѓаните за ревизија (веб-страница на МУП, ДИК) и ќе овозможи примена и потврда на овие информации.

Јавниот медиумски сервис треба засилено да дејствува и да овозможи обезбедување информации до јавноста (објавување соопштенија, насочени тематски програми за изборите со компетентни учесници, со цел да ги информира граѓаните за изборната постапка), така што граѓаните би биле соработници и би им олесниле на надлежните органи обезбедување информации од својата околина.

Сето ова, се разбира, претпоставува дека Избирачкиот список е константен, што вклучува обврска за негово редовно ажурирање, истакнувајќи дека ако регистрација на гласачите не се прави автоматски, мора да се дозволи доволно долг период за регистрација. Исто така, важно е Избирачкиот список да е објавен и да постои административен процес што е подложен на судска контрола.

И на крајот, не постои сомневање дека државата преку својот апарат треба да овозможи секој гласач да го оствари своето уставно гарантирано право на глас, и дека поединците не треба да ги понесат последиците од погрешна акција или недејствување на државата. Во овој контекст, од големо значење за ажурирање на Избирачкиот список е сите гласачи под исти услови да добијат право на упис, корекција или измена на податоците во Избирачкиот список.

Независноста на телата за спроведување на изборите е од големо значење. Затоа, политичкото дејствување треба да биде јасно ограничено во рамките на професијата, со цел да се спречат изборните манипулации и зголемувањето на недовербата во изборниот процес.

Во овој дел, важно е да се охрабрат невладините организации што работат во областа на независното набљудување на изборниот процес и/или во промоција на човековите и граѓанските права.

На учесниците во проектот од колегата Зелиќ од ГОНГ им беше презентирана методологијата на непартиско набљудување на изборите во предизборниот период, на денот на изборите и во постизборниот период. Врз основа на размената на знаења и искуства, ЦИВИЛ се стекна со нови идеи, како и што да се заговара со цел подобрување на изборното законодавство, осмислувајќи конкретни предлози и мерки за дејствување за да се спречат евентуалните манипулации на претстојните избори.

## 2. ВТОРА ЕКСПЕРТСКА МИСИЈА (17 – 20 НОЕМВРИ 2015)

Тема на нашата втора мисија во Македонија беше финансирање на изборните кампањи, со фокус на обемот и содржината, контрола во состав на правната рамка за уредување на прашањата наведени погоре. Членови и соработници на ЦИВИЛ стекнаа дополнителни знаења за правното регулирање на финансирањето на изборните кампањи и политичките партии во Хрватска, како и за меѓународните стандарди.

За време на процесот на пристапување кон ЕУ, Република Хрватска донесе квалитетна правна рамка за финансирање на изборните кампањи и политичките партии[1], што е корисно и во македонски контекст. Размената на искуства и знаења резултираше со конкретни предлози на ЦИВИЛ за организирање и надзор на финансирањето на предизборната кампања и улогата на ДИК. Јавниот собир имаше значајна медиумска покриеност, а на затворените состаноци/работилници се разговараше со претставници и на други организации на граѓанското општество, претставници на политичките партии и експерти што се занимаваат со изборниот процес.

Додека работевме со колегите и од информациите што ги добивме за време

на посетата и од увидот на Изборниот законик, сметаме дека е потребно да се пропишат лимити за трошење пари во кампањите и износот да биде функционален, економски и етички прифатлив, со оглед на социјалниот момент на транзицијата во која е македонското општество и на економијата на Македонија. Исто така, треба да се разгледа потребата – контролата на финансирањето на кампањите да ѝ се довери на ДИК, која би ја вршела таа контрола независно од Државниот завод за ревизија, со јасни демаркации во ингеренциите. Треба да се предвиди и дека надзорот ДИК ќе го врши во соработка со другите надлежни органи (на пример, Даночната управа, Министерството за финансии...). Според информациите што ги имаме добиено, ДИК има околу 120 вработени во Стручната служба, што во споредба со 14 вработени во стручната служба на Државната изборна комисија на Хрватска (орган што врши надзор на финансирањето на кампањите) е голем број, а тоа, без сомнение, покажува дека има доволно човечки ресурси за да врши надзор на финансирањето на кампањите и на политичките партии, доколку постои законска обврска и јасно изразена политичка волја. Исто така, може да се преиспита можноста за контрола и да се предаде на друго независно тело што бара соодветна политичка и јавна дебата.

Констатиравме дека регулирањето на улогата на парите во политиката е централно прашање на политички агенди во целиот свет. Следењето на финансирањето на кампањите не треба да остане мртва буква на хартија и треба јасно да се регулираат обврските на учесниците во изборите, како и содржината и роковите за доставување на извештаите за трошоците за кампањи, а во оваа смисла да се разработат обврските на телото што е задолжено да врши надзор. Неопходно е извештаите да се разгледуваат од независно тело, и во случај на неисполнување на обврската, да се обезбедат санкции, кои во Хрватска се административни и прекршочни.

Регулирањето на финансирањето на партиите е основен предуслов за фер политички натпревар, па за успех на регулацијата не е доволно само донесување закони, туку и подготвеност да се направат овие закони ефикасни, за што,

веруваме, Република Македонија треба да вложи дополнителни напори. Секако дека ова вклучува усвојување на високи политички стандарди на водечките политички партии што ќе ги усвојуваат како свои ставови.

## 3. ТРЕТА ЕКСПЕРТСКАТА МИСИЈА (9 – 11 ДЕКЕМВРИ 2015)

Посетата на ЦИВИЛ беше посветена на набљудувањето на изборите, како и на активностите за планирање и методологијата во период на набљудување на кампањата, денот на изборите и постизборниот период, за претстојните избори во Македонија. Во овој дел ни се придружи и колешката Марина Шкрабало од ГОНГ, како одличен познавач и експерт во областа на заговарачките политики, која им го пренесе своето знаење на колегите од ЦИВИЛ.

Како дел од методологијата за набљудување на изборите се мапираа другите граѓански организации што би можеле да придонесат, во заеднички активности со ЦИВИЛ преку поврзување и вмрежување. Во врска со горенаведените активности, разговаравме за потребата да се воспостави организациска структура за следење на изборите. Членовите и соработниците на ЦИВИЛ имаа развиено план на активности за набљудување на предизборниот период, денот на изборите и постизборниот период. Ги анализиравме капацитетите на организациите и се разви план за соработка со други организации на граѓанското општество во Република Македонија за заедничко набљудување на претстојните избори. Според македонскиот политички и правен контекст, развиена е методологијата за следење на изборниот процес и свесноста за потребата од натамошна обука на сите членови на ЦИВИЛ за изборниот процес. Членовите на ЦИВИЛ во детали се запознаени со правата и обврските на набљудувачите во сите фази од изборниот процес и се стекнаа со знаења потребни за анализа на учесниците. Врз основа на постојните капацитети на ЦИВИЛ, направен е план за нивно зајакнување, со цел да се воспостави нова структура, потребна за успешно набљудување на сите фази од изборниот процес.

Искуствата на ГОНГ со набљудувачите и набљудувањето на сите фази од изборниот процес се корисна основа за воспоставување планови за следење на изборите и формирање на организациските структури на ЦИВИЛ во набљудување на претстојните избори во Македонија. Исто така, потенцираме дека ЦИВИЛ започна активна соработка со претставниците на другите граѓански организации што работат на човековите права и на изборниот процес за можно заедничко набљудување на изборите.

Во однос на медиумското известување за изборите, на нашите домаќини им беа претставени „новите" правила за електронските медиуми со национална концесија во Република Хрватска за време на изборната кампања[2].

Примената на „старите" правила[3] доведе до тоа емисиите со соочување што на Хрватската телевизија траат 50 минути, како што е утврдено според постојните правила, претставник на некоја листа (ако во Изборната единица има 20 листи) да не може да зборува повеќе од 2 минути, а во други емисии на други медиуми, каде што правилата предвидуваат траење од 20 минути, да зборува помалку од една минута! Исто така, обврските на електронските медиуми на изборите за пратеници во хрватскиот парламент беа разработени премногу детално, со што се спречува ширењето простор за слободно и креативно посредување на новинарите меѓу граѓаните и нивните интереси и кандидатите и нивните интереси, и со тоа придонесуваат за лошо информирање и едуцирање на гласачите за партиите, за нивните програми и за кандидатите.

Со новите правила се настојува на најдобар начин да се следат формите и времето на следење на изборната пропаганда. Со тоа, од една страна, им се гарантира еднаков третман на учесниците во изборите, а на уредниците и на новинарите им се дава слобода во креирањето на емисиите и се утврдува заштитен минимум на термини, што мора да го добие секој изборен кандидат или изборна листа.

Важна е примената на принципот на еднаквост меѓу партиите и кандидатите во изборниот процес. Еднаквоста мора да биде гарантирана, и за таа цел, потребно е државните органи да имаат неутрален став во однос на изборната кампања,

медиумите, особено од државните медиуми и финансирање на партиите и кампањите од буџетот.

Во зависност од одделен предмет, еднаквоста може да биде стриктна или пропорционална. Доколку еднаквоста на политичките партии е пропорционална, тие мора да се третираат според постигнатите резултати на изборите. Еднаквоста особено се однесува на презентацијата на радио/ТВ, на буџетски средства и на друг вид поддршка[4].

## ЗАКЛУЧОК

Со имплементацијата на овој проект ние се обидовме да им ја обезбедиме нашата експертска помош на колегите од ЦИВИЛ, со цел ЦИВИЛ дополнително да се етаблира како релевантна организација за заштита на човековите права, за промовирање на транспарентноста и за следење на изборниот процес. Секако, позитивно ја оценуваме волјата на ЦИВИЛ и на другите организации за натамошно вмрежување и за заеднички активности за подобрување на изборното законодавство, за следење на изборниот процес и за спречување манипулации во изборниот процес. Врз основа на размената на знаења и искуства, ЦИВИЛ се стекна со нови идеи, како и за што да се залага за подобрување на изборниот процес во Македонија.

[1] Zakon o financiranju političkih aktivnosti i izborne promidžbe („Narodne novine", broj 24/11, 61/11, 27713 i 48/13-pročišćeni tekst)

[2] „Narodne novine", broj 118/14

[3] „Narodne novine", broj 165/03 i 105/07

[4] Kodeks dobre prakse u izbornim pitanjima, Smjernice i obrazloženja, Venecijanska komisija, listopad 2002.

ЗАБЕЛЕШКА (ЦИВИЛ)

Експертскиот тим на ЦИВИЛ – Центар за слобода во рамките на своите редовни активности подготви нови, опширни правно-политички анализи за политичките состојби, за кризата и за изборниот процес во Република Македонија.

Соработничката на ЦИВИЛ, Александра Јозиќ-Илековиќ (Република Хрватска), долгогодишна потпретседателка на хрватската Државна изборна комисија, во рамките на проектот „Поддршка на ЦИВИЛ за подигање на професионалниот капацитет и развој на јавнозаговарачката политика во застапување на изборните реформи во Република Македонија", во јануари 2016 подготви анализа за примената на хрватските примери за подобрување на изборното законодавство во Македонија, со цел – спречување манипулации во изборниот процес, која ја објавуваме во две продолженија.

Во текот на февруари ЦИВИЛ Медиа ја објави во четири продолженија анализата на д-р Сашо Орданоски „Македонија: Земја на пропуштени демократски можности", а ќе ја објавиме и анализата на адвокатката Сандра Гавриловска.

Врз основа на овие анализи, како и експертските анализи и препораки на ЦИВИЛ и во следниот период ќе се обиде да го даде својот придонес за создавање услови за одржување слободни избори и за надминување на политичката криза во Република Македонија

Анализите и препораките што ги подготви ЦИВИЛ во овој период се дел од активностите на проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани", поддржан од Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија.



Александра Јозиќ - Илековиќ

# СИТЕ МОРА ДА БИДАТ ЕДНАКВИ ПРЕД ЗАКОНОТ!

Скопје, 20 Ноември, 2015

**Драган Зелиќ**, експерт од партнерската организација ГОНГ, Хрватска, имаше многубројни излагања на јавните настани што ги организира ЦИВИЛ, а даде изјави и интервјуа за ЦИВИЛ Медиа и за другите медиуми во земјата. Издвојуваме транскрипти од две негови изјави во изминатиот период.

Темата е финансирање на политичките партии и кампањи, и верувам дека сите го знаете, за жал, случајот околу финансирањето на политичките партии. Хрватска имаше едно трауматично искуство, кое сѐ уште трае, околу нетранспарентното финансирање на политичките кампањи на тогаш владејачката партија ХДЗ и, за жал, поранешниот премиер е сѐ уште во притвор и е поведен процес против политичка партија. И тоа е сериозна работа. Ние претходно предупредувавме на тоа, но не се реагираше кога беше потребно. Сега може да се критикува Иво Санадер од оваа перспектива и да се фрлаат дрвја и камења по ХДЗ, но треба да се настојува тие работи да не се повторат и да се извлечат некакви лекции. Не само ХДЗ, туку и сите други политички партии, институции, медиуми и здруженија и такви работи повеќе да не се случуваат. Накратко, ние низ сето тоа поминавме.

Сите знаеме колку е важна улогата на парите во политиката. Вие не можете да организирате некоја кампања, да ги информирате гласачите без да имате средства. Тука не треба да се биде демагог и да се зборува против политичките партии. Партиите се еден од темите на демократијата и се разбира дека тие треба да се финансираат. Тие мора да комуницираат со гласачите, да им ги пренесат своите пораки, меѓутоа, сето тоа треба да биде транспарентно. ОК е да трошите пари, да примате пари, но треба да објавите кој ве финансира, бидејќи ние треба да знаеме што се случува.

Меѓу другото, еден од условите за затворање на поглавјето на правосудството во Хрватска за влез во Европската Унија беше да го средиме финансирањето на политичките партии и кампањи. Конкретно, тоа значи да не може да се извлекуваат пари од јавни претпријатија. Не е дозволено да им се дава работа на фирми за потребите на јавните набавки, кои потоа им ги враќаат парите на партиите или завршуваат во приватни џебови.

Потребен е институционален надзор, кој треба да биде независен. Тој не смее да биде под политичка контрола. Ако погрешно паркирате, ќе добиете казна без проблем. Државата брзо ќе реагира, меѓутоа, ако правите поголеми манипулации, тогаш мислам дека е малку потешко.

Затоа, ако институцијата може да нѐ казни за погрешно паркирање, тогаш нека ја

казни и партијата ако манипулира со големи износи. Се сеќавам на една изјава на Санадер дека изборите се добиваат со една третина од парите на маса и со две третини под маса! Ако се случува тоа, не се сите еднакви во натпреварот, некој има пристап до јавни пари и ги извлекува, а некој нема, така што нема ни минимум услови за фер избори.

Мора да имаме институционален надзор, кој, за жал, во Хрватска не функционираше. Државното обвинителство, дури откако дојде Јадранка Косор, даде одлични резултати, што беше клучно.

Колку што сум запознаен, вие имате специјална јавна обвинителка и мислам дека и таа има голема одговорност. Меѓутоа, одговорноста не е само кај институциите, туку и кај невладините организации. Еве, тука е ЦИВИЛ, кој работи одлично. Треба да се стави таа тема на дневен ред, затоа што тоа е од јавен интерес – да се натераат политичките партии да бидат транспарентни и да ги покажат сметките. Тука голема улога играат и медиумите. Ние, во Хрватска, без медиумите не можевме ништо да направиме околу тоа прашање. Со сите недостатоци, бидејќи никој не е совршен, медиумите ја препознаа важноста на тие теми и тие се заслужни за јакнењето на транспарентноста околу тоа прашање. Медиумите се заинтересирани и имаат широко отворени очи околу финансирањето, како што тоа беше случај и со последните парламентарни избори во Хрватска.

Мислам дека и во Македонија медиумите ќе препознаат колку е важна оваа тема и ќе ги засилат своите улоги на набљудувачи. Медиумите не би рекол дека треба само да известуваат, да забавуваат и да едуцираат, туку треба и да вршат контрола, затоа што тоа е битно за здрава демократија. Важно е медиумите и институциите да набљудуваат и да се оставaат институциите независно да си ја извршуваат работата. Мислам дека тогаш ќе имаме многу транспарентни извештаи за финансирање кампања, ќе знаеме во чиј интерес се носат некои одлуки кога ќе се дојде на власт, дали во интерес на донаторот или во интерес за задржување на власт.

## ИНТЕРВЈУ

# СТРАВОТ И ДЕМОКРАТИЈАТА НЕ ОДАТ ЗАЕДНО

**Драган Зелиќ**

Разговорот го водеше Биљана Јордановска, ЦИВИЛ Медиа

Скопје, 3 септември 2015 година

Република Хрватска помина различни искуства во својот процес на пристапување кон Европската Унија, но не само поради ЕУ, туку поради волјата да достигнеме високи демократски стандарди на сите полиња. Би било штета Хрватска да не ги сподели своите искуства, посебно со земјите во регионот, бидејќи мислам дека е во интерес на Хрватска и на другите земји да имаме демократски развиени земји во регионот за да бидат на приближно или на исто ниво и да можеме да соработуваме.

Исто така, таа размена на искуства е важна за истите грешки да не ги прават другите земји, и во таа смисла е добро што Министерството за надворешни и европски работи на Хрватска ја препозна важноста за споделување на знаењата и искуствата. Се надевам дека доколку утре на власт во Хрватска дојде нова влада, Центарот за одличност (Centar izvrsnosti) нема да се укине.

**ЦИВИЛ Медиа: Денешната тема се слободните избори. Како до нив?**

Јас денес ќе ви зборувам за тоа како да се дојде до слободни избори. Во земјите каде што имаме слободни избори и високи стандарди, ова се зема здраво за готово, практично, имаме слободни избори, никој не краде, нема потреба од набљудување.

Но и таму изборниот процес секогаш треба да се унапредува. Јас бев во набљудувачка мисија во Флорида, САД, во 2012 година, каде што во една зрела, стара демократија, има многу место за унапредување во избирачкиот процес. Да зборуваме за една Хрватска или за една Македонија.

Во таа смисла, тој изборен процес треба секогаш да се полева, односно да се одржува, бидејќи тоа се кревки растенија и преку ноќ може да дојде до намалување на стандардите, ако воопшто сме ги кренале, ама мислам дека се кренати. Секогаш има место за унапредување на процесот.

Сега, накратко, мојата колешка Александра спомена некои меѓународни документи и меѓународни стандарди, јас ја издвојувам општата декларација на ОН за човековите права што се однесува на слободни и фер избори, потоа документот на СЕС од Копенхаген '90 година, Кодексот на добра практика на Венецијанска комисија на ЕП, кој детално пропишува какви треба да бидат изборите; за разни стручни анализи има многу примери.

Ќе се обидам да ви прикажам како ние, во Хрватска, остваривме одреден напредок во изборниот процес, како и во подигнување на квалитетот, иако тоа воопшто не беше лесно. Јас сум во ГОНГ од 2001 година, работев во време на владеење на неколку влади, некои имале, а некои немале разбирање за важноста на изборниот процес, и секогаш велам дека не е лесно и дека ништо не се случува преку ноќ. Ви треба многу упорност, нерви, барање сојузници и поддршка за на крај да добиете некакви резултати.

Во 1997 година, кога е и основан, на ГОНГ не му беше дозволено да ги набљудува

изборите и набљудувачите беа избркани од изборните места. Зошто? Затоа што во законот не беше дозволено непартиско набљудување на изборите. Зошто ги напомнав меѓународните стандарди и документи? Затоа што ГОНГ ги искористи токму тие правни аргументи и со тогашниот хрватски Хелсиншки комитет, кој не е веќе тоа што беше поради моменталната политичка ситуација, се обративме до Уставниот суд и баравме оцена на тогашните изборни закони. Ние сметавме дека домашното набљудување мора да биде дозволено и Уставниот суд одлучи дека мора да се внесе во законот и домашното набљудување на изборите. Откако се случи тоа, успеавме преку „портокаловиот" (бојата на ГОНГ) амандман, како што ние го нарековме, поднесен од неколкумина пратеници, да го измениме Изборниот закон и да го внесеме домашното набљудување на изборите. Тоа беше акција во 28 градови во кои собиравме потписи и баравме јавна поддршка. Така, ние постигнавме некаков напредок уште на самиот почеток.

**ЦИВИЛ Медиа: Со кои предизвици во изборните процеси се соочуваше Хрватска во последните 15 години?**

Со што сè се соочуваа Хрватска во последните 15 години во однос на изборите? Имавме проблем со пописот на гласачи, со „гласање" на мртви, проблеми со финансирањето на кампањите и финансирањето на партиите... Ние во 2007 г. ги прогласивме изборите во Хрватска за нетранспарентни и јавно кажавме и предупредивме дека премиерот и лидер на ХДЗ дозволил нетранспарентно финансирање. Тоа беа големи случаи на злоупотреба на јавни пари и, на крај, се покажа дека сме имале право и мислам дека ја следите ситуацијата и знаете дека бившиот премиер денес е во притвор, меѓу другото, поради тој случај.

Јас се надевам дека навистина нешто научивме од тоа и донесовме Закон за финансирање на партиите за изборните кампањи, кој, според мене, искрено, е еден од најдобрите денес во Европа. И, ако вие работите такво нешто, може да ви биде добра подлога за донесување на таков закон.

И мојата колешка ја спомена Државната изборна комисија. Само за илустрација за

скандалите од 2005 г., кога утврдивме гласање на мртви, преку случај кога една госпоѓа што починала уште во 2000 година, се „појавила" на гласачко место и гласала пет години подоцна. Денес во Хрватска не се можни такви случаи, бидејќи го сменивме законот, имаме определени кривични дела за изборниот процес, меѓутоа не би сакал многу да ве оптоварувам со тоа. Мене ми е важно да ставиме акцент на тоа како да дојдеме до слободни избори. Ние можеме да го смениме Изборниот законик и можеме да ги воспоставиме сите потребни институции, но ако немаме соодветно политичко опкружување и развиени демократски стандарди во други подрачја, мислам дека не е можно да се организираат слободни избори.

Гледате колку ние се боревме за да добиеме една квалитетна политичка структура, но и тоа не е доволно, тоа е една основна точка од која може да се изградат слободни и фер избори во демократска средина, каде што гласачот нема да чувствува никаков страв за тоа дали ќе излезе или нема да излезе на избори. Тој мора да има право да не излезе на избори, ако не сака. Никој не смее да ме натера да одам или да не одам на гласање. Тоа се работи што треба да се нормални, и ние во Хрватска немаме многу такви случаи на државно, но и на локално ниво, каде што тензиите се малку повисоки има такви случаи.

Мора да постои јасна политичка волја за менување на Изборниот законик, инаку нема ништо што ние можеме да направиме. Изборниот законик, како таков, не е политички потентен, не е тоа прашање како некое од социјалните, дали нешто ќе се подели или не, и не е толку политички популарно. Затоа, мора да се натера власта навреме да го замени, да се изврши притисок, од експерти, организации...

На ГОНГ му беше тешко сам да поттикне промени, и затоа се здружувавме и градевме платформи со други НВО-а. Кога ќе се здружите, полесно е, и посериозно ве гледаат и, нормално, не можете да разговарате за менување на Изборниот законик ако не нудите конкретни решенија. Вие морате да се едуцирате и да гледате компаративна практика и, врз основа на тоа, да предлагате одредени промени и решенија.

Мора да се договарате дали ќе се борите преку парламентарна процедура или со лобирање во ресорното министерство. А ако тоа не успее, тогаш одите на улица. Не мислам притоа на уривање. Ние, на пример, го дочекавме нашиот претседател на Владата на улица и му дадовме материјал и, на крај, успеавме да издејствуваме да се усвојат измени во законот. Секако, не само поради тоа што го дочекавме пред Владата, туку тоа беше едно од средствата на притисок. Затоа е битно и организациите во Македонија да работат заедно, да разменуваат искуства и секој да погледне каде е најсилен, и така здружени можат да извршат притисок за изборниот закон што можеби на владејачката гарнитура ѝ е последен на листата...

**ЦИВИЛ Медиа: Која е улогата на меѓународната заедница?**

Гледаме дека ни сега не ѝ е главна тема, и добро е што сега се расправа за тоа, на видик постојат можни решенија... Важна е улогата на ЕУ и на меѓународната заедница. На ГОНГ најголема помош му даваа Делегацијата на ЕУ, САД, Холандија, Британија..., зашто со нивна помош вршевме дополнителен притисок, и тоа беше многу корисно. И сега ја користам можноста за да им се заблагодарам.

Јас се надевам дека и во Македонија меѓународната заедница ќе ја одигра или веќе ја игра важната улога, да биде еден од главните играчи што ќе го сменат законот за избори и за подигнување на демократските стандарди во другите подрачја. Затоа е важно да имате добар соговорник што може да ви помогне во договарањето. Ние во Хрватска, како дел од ЕУ, веќе немаме таква поддршка за лобирање, но вие, за среќа, сè уште ја имате, и се надевам дека ќе ја искористите. Важно е меѓународната заедница да ги препознава проблемите и да ја согледа важната улога на граѓанските организации за да им помогне да се достигнат некои демократски стандарди. Исто така, важно е секоја држава да ги почитува меѓународните обврски. Значи, ако веќе сме потпишале некој меѓународен документ, треба и да се држиме како држава до тој стандард. Всушност, улогата на домашната, но и на странската јавност е да се преиспитува дали одделна држава ги исполнува стандардите. Важно е, исто така, граѓаните да бидат освестени, а

не поданици, како што ние некогаш сакаме да се пошегуваме во Хрватска. Значи, мора да се борите за своите права и да бидете, на некој начин, коректив на власта, преку самоорганизрање и со аргументација да предупредувате на слабите точки. И тогаш ќе научите нешто и вие и институциите. И важно е во секоја држава да има деполитизирани институции.

Кога ја споменав ЕУ, во Хрватска изборниот закон не беше услов за затварање на поглавјето со судството и мислам дека за Македонија, исто така, не е услов, но ние не смееме да заборавиме – иако мислам дека и ЕУ не заборава – оти има низа други нешта што се важни за изборите. На пример, кога доаѓа до приговори и жалби, вие морате да имате независно судство, и тоа е тоа. Ако немате независно судство, нема поента од супер среден изборен закон. Така, заштитата на изборното право нема да биде на задоволувачко ниво. Значи, случаите со купување гласови, со застрашување на гласачите во Хрватска се кривични дела. ГОНГ може да предупредува, и ЦИВИЛ, и Мост, но државното обвинителство треба да го гони и да го казни сторителот. Обвинителството мора да си ја врши работата.

И во 2007 г. ГОНГ повикуваше за вакви работи, но никој не обрнуваше внимание. Кога се смени владата и кога дојде премиерката Косор, почна со процесирање. Но без тие механизми, без тие мали тркалца што се сите поврзани со изборниот процес, нема да имаме навистина високи стандарди. Затоа ГОНГ ќе подготви пакет-барања и за новата влада, за унапредување на изборното законодавство, зашто работата никогаш не е готова.

Јас навистина се надевам дека вие, овде во Македонија, ќе имате многу успех околу уредувањето на Изборниот законик, околу постигнувањето деполитизација на институциите и независно судство, како и обвинител што ќе реагира на пријави и ќе процесира така што да нема недопирливи. Сите пред законот мора да бидат рамноправни.

И она што е ужасно важно, секако, е слободата на медиумите! Без медиуми и без новинари, нема голем напредок. На ГОНГ медиумите му беа големи сојузници.

Во интерес е и на Македонија и на нејзините граѓани не само да ги исполните условите на меѓународната заедница и на ЕУ, туку да работите за да има квалитет и демократија во вашата земја. Мислам дека е во корист на Македонија и дека имате право на слободни медиуми и слободно новинарство.

**ЦИВИЛ Медиа: Кои се вашите конкретни препораки за Македонија?**

Ќе почнам со два збора: набљудување и страв. Стравот не оди заедно со демократијата, бидејќи таму каде што граѓаните имаат страв, постои голем проблем и мора да се прашаме зошто е тоа така? Значи, имаме институции во таа држава што ги плаќаат граѓаните да ја вршат таа работа: да образоваат, или да нудат здравствени услуги, или да се грижат за одбраната, финансиите.

И тие мора да имаат одговорност за својата работа. Очигледно, има проблем со институциите, но мора да имаме медиуми што ќе предупредуваат на таквите работи. Од друга страна, ни граѓаните не се сите светци, постојат граѓани што ги кршат законите, без разлика дали се политичари, пратеници, но и за таквите личности постојат институции што треба да ги процесираат. Значи, и нив ние плаќаме и, ако премиерот краде, јавниот обвинител треба да поведе процес против него. Или против мене ако крадам...

Често ни се обраќаат граѓаните, како да е ГОНГ полицаец, значи, ајде, уапсете го овој или направете го ова, придвижете го она. Не, луѓе, ние сме здружение на граѓани, има институции што треба да го работат тоа. Затоа треба да ги охрабриме да си ја работат работата.

**ЦИВИЛ Медиа: Што може да направи цивилното општество?**

Вие можете да кревате врева, но со аргументи. Можам да ви дадам пример како ние го правевме тоа. Владата на Санадер од залихата, за не дај боже, поплави и земјотреси, годишно повеќе од дваесет милиони евра делеше на затворени седници. Владата може да дели, но кои се критериумите и зошто е тоа тајно? Дали се делат на Црвен крст, на пример, или на некој друг таму? Откако ние

инсистиравме на тоа, Владата почна да објавува дневни извештаи за затворените седници. Зашто, ако Хрватска сака да влезе во ЕУ, ако Македонија и Србија сакаат, ОК, повелете, усвојте ги критериумите. Кај нас тоа е менталитет на политичката елита, која многу внимава на препораките од меѓународната заедница.

Ние, на пример, сè уште не знаеме зошто нашиот премиер даде оставка. Тоа е енигма, некои шпекулираат дека бил под притисок на меѓународната заедница, јас не знам, но важно е тој набљудувачки процес да продолжи. Јас и изборниот процес го гледам само како дел од тој демократски процес. Сите земји можат да дојдат до демократска криза, Хрватска може да дојде до демократска криза преку ноќ, видете што се случува со Унгарија... Битно е тоа набљудување, битна е граѓанската храброст. Јас ги разбирам граѓаните што немаат храброст во некои земји, можам да разберам, но стравот е неприфатлив во која било форма, граѓаните не смеат да се плашат... Во Хрватска на локалните избори граѓаните ни се јавуваат и велат дека се плашат од некој локален шериф, значи, не се плашат од Владата или од Министерството, но имаат локален шериф... Има супер градоначалници, но секогаш има исклучоци, кои се закануваат дека некој ќе ја загуби работата, концесијата за плажата... Мали работи, но битни за животот. Системот мора да функционира, набљудување мора да има, и стравот не смее да постои...

**ЦИВИЛ Медиа: Како да се има доверба во цивилниот сектор кога постојат многубројни фиктивни НВО, под патронат на власта?**

Едно од темелните права е слободата на здружување. Во Хрватска е гарантирано правото на слобода на здружување и е дозволено слободно набљудување на изборите. Ние сметаме дека е важно што поголем број актери да се самоорганизираат. Значи, ние во ГОНГ не сакаме само ние да ги набљудуваме изборите, туку сакаме што повеќе организации да ги набљудуваат изборите, но под одредени услови: да бидат едуцирани, да почитуваат одредени стандарди. И, секако, ако излезете во јавност и кажете дека сакате да набљудувате и дека имате едуцирани набљудувачи, прво што мора да кажете е кој ве финансира! Тоа е

миниум пристојност, тоа се некои минимални хигиенски мерки кога излегувате во јавност и се занимавате со јавноста. Ако кажете дека ќе ги набљудувате изборите објективно, тогаш треба да ве интересира изборниот процес и да знаете што набљудувате, како набљудувате и како известувате... Домашното набљудување е важно за да се превенираат манипулациите и да се откријат, за да можат граѓаните да имаат доверба во изборните процеси. Ако видите релевантни граѓани како набљудувачи, тогаш можете да се надевате дека сè е ОК на тоа избирачко место и дека има некој што може да реагира.



Драган Зелиќ

Важни се и странските набљудувачи, тие често имаат многу добра инфраструктура и можат да дојдат подготвени и во поголеми број и на повеќе места, но важно е и тие да бидат едуцирани.

Е сега, ако некаде се појават тие фиктивни организации, јавноста треба да го испитува нивното работење и да ги поставува прашањата: кој ве финансира, како сте организирани, исто како што ги преиспитува политичарите

Во Хрватска имавме случај со организацијата „Семејство", која реши да ги набљудува изборите и нè прашаа на прес-конференција дали мислиме дека имаме конкуренција. Ние одговоривме – не, колку повеќе набљудувачи, толку подобро. Но сакавме да знаеме кој ги финансира и како се едуцирани нивните набљудувачи. Ќе повторам, колку повеќе набљудувачи, толку подобро, но да набљудуваат под одредени услови и да се придржуваат до меѓународните стандарди.

## ПОЛИТИЧКО ФИНАНСИРАЊЕ

# БЕСКРУПУЛОЗНИ ЗЛОУПОТРЕБИ И ПАРТИЗАЦИЈА

**Горан НАУМОВСКИ**

Од јули 2015 јуни 2015 како дел од проектот Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани, ЦИВИЛ спроведе набљудување на финансирањето на изборите во Република Македонија. Во овој период, ја искористивме помошта од голем број експерти кои го анализираа Изборниот законик, вклучувајќи ги амандманите кои произлегоа од Договорот во Пржино, со посебно внимание на механизмите за имплементација на законите и контролата врз владините тела. Нашиот тим дополнително спроведе интервјуа со експерти и вработени во институциите, запознаени финансирањето на кампањите (кои се согласија да говорат за нас под услов да останат анонимни), кои ни открија сериозни злоупотребу во областа дефинирана како политичко финансирање.

Квалитативните измени и дополнувања на Изборниот законик, кои се однесуваат на финансирањето на изборните кампањи на политичките партии, направени по договорот во Пржино, неминовно го наметнаа прашањето:

Дали измените и дополнувањата на Изборниот законик се доволни за да го спречат долгогодишното корупттивно и криминално финансирање на изборните кампањи, но и функционирањето на партиите воопшто, како и лажирањето на финансиските извештаи на партиите?

Во Член 4 од Законот за финансирање на политичките партии, јасно е пропишано дека финансирањето на политичките партии е јавно и транспарентно, со целосен увид на граѓаните и надлежниот орган за контрола на финансиско-материјалното работење. Исто така, изворите на финансирање на политичките партии се јавни и транспарентни и подлежат на контрола од надлежните органи во оваа област.

Член 5 од овој Закон, пак, овозможува секој граѓанин да има право на еднаков пристап во увидот на финансирањето на политичката партија, но и покрај законската обврска, јавноста речиси воопшто не е запознаена со изворите на средствата за финансирање на партиите и нивното трошење.

На веб-страницата на некои политички партии воопшто не се објавени годишни финансиски извештаи, а дел од граѓанската и експертската јавност изразуваат сомневање и во контролата што треба да се спроведува, пред сè, поради партизираните институции (во случајов, надлежното Министерство за финансии) и дали воопшто се врши контрола врз финансиите на владејачката партија.

Не навлегувајќи во натамошна интерпретација на законот, соработката на ЦИВИЛ  Центар за слобода со врвни експерти од Македонија и од Хрватска, резултира со генерална констатација дека законските решенија што ја регулираат оваа материја се главно добри и дека институциите за контрола на финансирањето, барем на хартија, имаат сериозни ингеренции.



Сепак, телата во рамките на институциите задолжени за контрола на финансиското работење на партиите само констатираат одредени состојби и не преземаат никакви натамошни мерки, што се должи, пред сè, на ограничената независност на овие тела, односно поради комплетната партизираност на институциите.

Имено, во резимето на овластениот државен ревизор за ревизија на годишното финансиско работење на политичките партии, по завршената ревизија, најчесто се изразува мислење со резерва кон вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и кон усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Инертноста, партизираноста на институциите и непостапувањето по согледување на одредени незаконски дејства, особено доаѓа до израз во делот на финансирањето на партиите во изборната кампања.

Во Изборниот законик прецизно е наведено дека секоја партија учесник на избори задолжително отвора посебна жиро-сметка, од која партиите можат да ги финансираат своите кампањи (членарини и донации од физички и правни лица) и дека имаат законска обврска да поднесат извештај за приходите и расходите за првите 10 дена и вторите 10 дена од кампањата до ДИК, ДЗР, ДКСК, како и финален извештај најдоцна 15 дена по завршувањето на кампањата.

Ако се погледнат овие извештаи од последните предвремени парламентарни и претседателски избори во 2014 година, ќе се констатираат сериозни манипулации, кои се најизразени во извештаите токму на партијата на власт, ВМРО-ДПМНЕ.

Во првиот и во вториот извештај се запазени само рокот и формата, но нема приходи од донации, за во финалниот извештај да се појави значителен износ токму од донации, кој подоцна е коригиран, така што разликата меѓу приходите (од членарини и донации) и трошоците е негативна, до денар точно за износот што треба да го наплати партијата од буџетот според бројот на освоени пратенички места.

Овие манипулации се само уште една потврда за коруптивното финансирање на партијата на власт, која нелегално стекнатите пари, кога ќе се појави потреба, преку трансакциските сметки на своите партиски послушници ги уплатува на своја сметка. Во јавноста се појавија повеќе изјави од лица што се на листата на донатори, а не донирале средства. За ваквите практики говорат и повеќе пријави од граѓани до набљудувачките тимови на ЦИВИЛ во текот на изминатите изборни процеси.

Нереалноста на извештаите произлегува и од фактот што го опфаќаат само периодот на изборната кампања и сметката отворена за таа намена, а сведоци сме на континуирана агресивна кампања на владејачката партија, која непрекинато се одвива меѓу изборните циклуси.

Во периодот 1 јули 2015 – 30 јуни 2016 година, опфатен со проектот „Слободни

избори за слободни граѓанки и граѓани", ЦИВИЛ констатира бескрупулозно кршење на законите и злоупотреба на буџетски пари и јавни ресурси за промовирање на владејачката партија, со континуирано изедначување на владините активности со партиските.

Континуираната теренска активност и долгорочното набљудување на мониторинг-тимовите на ЦИВИЛ, средбите со граѓани, стопанственици, партиски претставници, како и пријавите од граѓанки и граѓани, откриваат фрапантни сознанија за континуирано криминално финансирање на владејачката партија, што посебно се интензивира во предизборните периоди.

Енормните износи на средства со години наназад владејачката партија главно незаконски ги прибира преку коруптивни дејства, притисоци, закани, уцени и низа други недозволени методи.

Наместените тендери и задолжителната висока провизија од нив е редовна појава на сите нивоа на практикување на власта, како на централно, така и на локално ниво.

Забележана е тенденцијата партиските функционери и вработените во администрацијата што се примени по партиски клуч, да имаат обврска дел од своите приходи да ги внесуваат во партиските каси. Преку партиските вработувања, партиите на власт го зголемуваат своето гласачко тело, но и контото на своите сметки.

Затоа, владејачката партија треба да престане да промовира заложба за ефикасна и професионална јавна администрација, а во практика да работи во спротивна насока со секојдневно вработување стотици партиски членови.

Корупцијата е високо изразена и во релацијата меѓу владејачката партија и медиумите. Евидентно е прелевањето на огромен износ јавни пари во одредени медиуми.

Ова одлевањето на енормен износ народни пари преку оф-шор компании, во

кои не фигурираат, но зад кои стојат одредени партиски моќници, треба да биде предмет на сериозни истраги.

Експертите на ЦИВИЛ се согласни дека партиите се главен извор на корупција.

Но за сведување на коруптивните дејства на минимум и за спречување на криминалната практика на финансирање на партиите, неопходно е одвојување на партијата од државата, ефикасно функционирање на правната држава, почитување на законите, професионализација, но и зајакнување на капацитетот на институциите задолжени за контрола на регуларноста на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи.

# ЈАВНОСТА МОРА ДА ЗНАЕ

**Скопје, 20 Ноември, 2015**

**Александра Јозиќ-Илековиќ од Центарот за одличност при хрватското МНР и Драган Зелиќ од ГОНГ ги споделија искуствата на Хрватска, која неодамна имаше слични искуства и предизвици како и Македонија.**

Секој трошок и секој расход мора да оди преку посебна сметка. Кога зборуваме за известувањата, кои со правилник ги пропишува министерот за финансии, се работи за повеќе известувања, и сите тие мора да бидат детални, со многу повеќе содржина, прво, извештај за донации, потоа извештај за трошоците и расходите. На ГОНГ им беше особено интересен извештајот за цените и за остварените попусти во медиумското рекламирање во кампањите.

Тоа се трите елементи што мора да содржат мошне исцрпни и детални податоци. Ве упатувам, ако сакате да истражувате, а гледам дека сакате да работите и да учите, добро да ја погледнете веб-страницата на ДИК на Хрватска www.izbori.hr. На веб-страницата се објавени извештаи од учесниците на последните парламентарни избори во Хрватска, колку да споредите и да видите колку е голема разликата меѓу податоците што се бараат според вашиот закон и податоците што ние ги бараме. А се работи за многу слична, и тоа го нагласувам, за многу слична законска регулатива.

Некои истражувања покажаа дека избирачите кај нас ги казнуваат скапите кампањи и препотентните политичари. И затоа е многу важно да се знае колкаво е вистинското трошење, а колкаво е декларираното трошење и колкави се разликите. Исто така, треба да се знае да се препознаат и „сателитите“ што се наоѓаат покрај учесниците на изборите... На пример, за разните трговски друштва, чиј основач е токму одредена политичка партија, да се види која е нивната улога во изборниот процес. Тоа, исто така, е мошне интересно.

Ако го споредиме моделот на содржината на македонскиот изборен кодекс во однос на финансирањето кампања и хрватскиот закон, тие се апсолутно многу блиски. Таму каде што детектиравме најголема разлика е што македонската Државна изборна комисија е, всушност, тело што ги прибира извештаите од изборните учесници и ги објавува, меѓутоа не врши фактички надзор врз тие извештаи. И тоа е една од препораките, па наше мислење е дека за тоа тело таа одредба од законот треба прецизно да се одреди.

ELECTIONS ANALYSIS

# СЛОБОДНИ ИЗБОРИ: ТОЛКУ БЛИСКУ, А ТОЛКУ ДАЛЕКУ

Џабир ДЕРАЛА



Соседи кои не се посетуваат повеќе, браќа кои не зборуваат едни со други, родители кои се плашат да зборуваат за политика пред своите деца, стравувајќи да не кажат нешто на нивните учители во училиште... Причина: длабоко вкоренета партизација на секој аспект од животот на луѓето и широкораспространет страв. Страв од губење на работата, од одмазда, јавно понижување... страв од сиромаштија, од уште подлабока сиромаштија... понатаму, страв од "другите", без разлика дали се од друга етничка или верска заедница, држава, сексуална ориентација или... политичка партија! И омраза...

Ова не е почеток на сценарио за историски филм. Тоа е реалноста на животот на луѓето во Република Македонија. На тие кои не веруваат во ова, поради географска или културна дистанца, потребни им се само неколку дена престој во земјата за да сфатат дека состојбата е полоша и од самиот почеток на овој текст. И погротескна.

Историјата на македонските политички болести може да ја набљудуваме во подолг период, анализирајќи ги од снајразлични агли и аспекти, во исто толку контексти, но едно е неизбежно јасно: легитимноста на политичката власт е непостоечка од предвремените избори во 2008 година.

Година по година, оваа земја минуваше низ изборни процеси кои го држеа општеството и системот во бесконечна состојба на шок, откривајќи длабоко вкоренети општествени, етнички, религиозни и политички заболувања.

За помалку од осум години (2006-2014), земјата мина низ четири парламентарни избори, од кои три беа предвремени. Изборите во земјата се одржуваат во услови на високо политизирани институтции, контролирани медиуми и меѓуетнички тензии. Истата партија ги добива изборите секој пат, со речиси истите министри во клучните сектори и истиот човек е избран за примиер и лидер на владејачката партија. А, ден по изборите, започнува нов и скап бран на пропаганда. Целиот политички амбиент во Република Македонија се одвива во тензичен изборен контекст.

Политичката криза почна многу порано од тоа што се наведува во извештаите. Насилното исфрлање на опозициските пратеници, од страна на специјални полициски сили на 24 Декември, 2012 година, беше само една од точките на кулминација на долготрајната политичка криза. Опозицијата откри дека околу 26,000 граѓани биле незаконски прислушувани во акција нарачана од премиерот Никола Груевски и Сашо Мијалков, шеф на службата за државна безбедност. Тоа е факт. Прислушуваните разговори укажуваат на сериозни кривични дела, злоупотреби, корпуција и изборни измами спроведни од највисоките политички и владини претставници. Тоа е факт.

Парламентот беше практично нефункционален сé до септември, 2015 година, поради неколкуте бојкоти на опозицијата од кризата во 2012 година, а особено по парламентарните избори во април, 2014 година, чии резултати беа оспорени. Парламентот е практично нефункционален и во јули 2016 година, кога се приврршува овој извештај.

Изборите мора да се слободни. Тоа е крајната цел. Ваквата изјава, сепак, за просечниот европски граѓанин мора да звучи помалку необична, затоа што нема никаква смисла да се има избори доколку истите не се слободни. Срамно е постојано да го слушаме овој повик за слободни избори со години, во земја која што тоне во својата досега најдлабока политичка криза. Едноставно, изборите се сé, освен слободни, особено од 2008 година па наваму. Тоа е годината во која, повеќе или помалку, дебатата беше збришана од јавната сфера. Наместо тоа, се воведе безмилосна, вулгарна и агресивна пропаганда.

Договорот за надминување на политичката криза (2 Јуни), посредуван од меѓународната заедница и потпишан од четирите политички лидери, владејачката коалиција и опозицијата (во скоро истиот амбиет како кога се потпишуваше Охридскиот договор, 2001 година) – воведе сложен и турбулентен политички процес исполнет со многубројни драстични промени на политичката ситуација, повеќекратно одложување на датумот за избори, опструкции на политичките

процеси, безбедносни предизвици и низа други политички и општествени растројства. Враќањето на опозицијата во парламентот и назначувањето на министри и заменици министри од опозицијата во клучни владини сектори, беше еден од договорените услови за обезбедување на слободни избори. Но...

Злоупотребата на моќ, структурното насилство и политичката корупција продолжија со несмалено темпо, и покрај сите напори за изнаоѓање решение за политичката криза. Продолжија и јавното понижување и сатанизацијата, апсењата и прогонот на граѓански активисти, бранители на човековите права, интелектуалци, лидери на политичката опозиција, како и на новинари. Згора на сето тоа, сведоци сме на постојани и скриени манипулации, говор на омраза и сериозни закани во јавните настапи на политичките претставници.

Не е само политичката моќ таа што се наметнува врз клучните институции во државата. Целата земја е под болна контрола, до најситниот детаљ.

Здравството, образованието, културата, безбедноста, здравствената заштита – сѐ е ставено под контрола на партиските апаратчици, кои ги изврртуваат или злоупотребуваат законите и прописите во корист на партиските шефови.

Стравот и несигурноста меѓу граѓаните се широко распространети, како и политиките и практиките на дискриминација и кршење на човековите права, вклучувајќи ги и гласачките права. Гласачите немаат познавања или не ги препознаваат сопствените гласачки права. Тие потклекнуваат на предрасудите и заблудите за тоа што, всушност, значат поимите демократија и избори. Плашејќи се за толку многу работи, изманипулирани и заплашени, голем дел од гласачите се само неми субјекти на манипулативните практики кои ги спроведуваат политичките партии и партизираните институции.

Создавањето нереални очекувања со ветувањето за работни места, кои не можат реално да се ветат, се чини дека е најомилената алатка на политичарите во земјава. Многу од ветувањата се практично воведување на политичка корупција и

тоа во огромни размери. Такви се ветувањата дека ќе се создадат повеќе работни места, повеќе придобивки, повисоки пензии... Ветувањата за нови работни места по изборите имаат уште една димензија, покрај тоа што се испорачуваат со коруптивни манири. Особено во овој период на политичка криза и одложување на изборите. Тие на кои им биле ветени работни места по изборите, се предмет на манипулации, убедени дека опозицијата, граѓанските организации и "странците" се виновни за одложување на нивното вработување. Така, некои од тие на кои им се ветени работни места, доброволно учествуваат на контра протестите и се вклучуваат во жестоката партиска пропаганда и мобилизација.

Имајќи ги предвид неуспесите и опструкциите на Договорот за надминување на политичката криза, прекинот на преговорите за неговото спроведување, постојаните опструкции на работата на Специјалното јавно обвинителство, силната контрола на власта врз медиумите, како и мошне проблематичното работење на Државната изборна комисија, особено во доменот на Избирачкиот список, сосем е јасно дека услови за слободни избори не се создадени и воопшто не се ни создаваат.

Понатаму, одлуката на Уставниот суд да го овласти претседателот да помилува лица кои извршиле изборен фалсификат, за веднаш потоа да следи и одлуката на претседателот Иванов за помилување на високо рангирани политичари, вклучувајќи го и премиерот, осомничени, или обвинети за злоупотреба, корупција, криминал и изборни измами – беше тежок врз процесот за враќање на демократијата и владеењето на правото во земјата. По аболицијата што ја потпиша претседателот Иванов на 12 април, започнаа масовни протести низ целата земја. Иванов ја повлече, во два дела, својата озлогласена аболиција по двомесечните протести, но со говор во кој речиси отворено се закани со воен удар со цел "да се разреши политичката криза". Сето тоа постави огромни препреки за спроведување на временски ограничените процеси и активности за обезбедување услови за слободни избори и непречено работење на Специјалното јавно обвинителство.

Набљудувачите на ЦИВИЛ известуваа за голем број случаи на злоупотреба и политички притисоци, закани и заплашувања. Злоупотребата на ранливите категории на граѓани, пред сѐ, на социјално ранливите категории на граѓани продолжува и понатаму. Медиумите не известуваат за било кој од овие наоди, а луѓето се држат во мрак. Сето ова мора да се земе предвид во следниот период.

Земјата, најверојатно, ќе мора да мине низ предвремени парламентарни избори во 2016 година, додека редовниот термин за локалните избори допрва ќе претставува предизвик во пролетта во 2017 година. ЦИВИЛ располага со сеопфатен, но и воедно вознемирувачки извештај од изборното набљудување на локалните избори во 2013 година. Предизвиците се натрупуваат.

Ревизија на Изборниот законик, измени во изборниот систем со кои Македонија ќе стане една изборна единица, воведување на отворени листи, темелно прочистување на Избирачкиот список, реформи во Државната изборна комисија, одвојување на партијата од државата, слобода на медиумите, формирање на институција за истрага врз основа на прислушуваните разговори, истрага за безбедносната криза во Куманово и спроведување слободни избори на крајот од тој процес – беа барањата на ЦИВИЛ уште во деновите кога кулминира политичката криза на почетокот на 2015 година, но и претходно.

Ние се обидовме, на конструктивен начин, да дадеме предлози до институциите и носителите на одлуки, заедно со активностите на многу други организации и експерти во истата насока. Некои од препораките беа прифатени, одредени чекори се преземени, што дава надеж дека состојбата во земјата може да се подобри.

Но, потребно е да видиме повеќе труд, поголема посветеност и поголема чесност од носителите на одлуки и од политичарите во земјава, за конечно да ги оставиме тешките денови зад нас.




Фото: Ванчо Џамбаски

**МЕДИУМСКА АНАЛИЗА [1]**

# МЕДИУМИТЕ ПО ПРЖИНО - ЖЕЖОК КОСТЕН ШТО НИКОЈ НЕ САКА ДА ГО РЕШИ

Петрит САРАЧИНИ


СЛОБОДА
НАМЕСТО
СТРАВ!
СЛОБОДА
ЗА
НАРОДОТ

**Зошто сме тука каде што сме?** Во периодот по потпишувањето на Договорот од Пржино, кој, меѓу другото, содржи и обврски преземени од договорените страни со кои се адресира и треба да се подобри „крвната слика" на медиумите и слободата на изразување, во Македонија, за жал, се соочуваме со продолжување на негативните трендови и дополнително деградирање на медиумските слободи. Политичката криза, која ескалира откако јавноста дозна за скандалот со прислушувањето и за содржината на разговорите, кои открија големи злоупотреби од страна на највисоки владини функционери, се рефлектира и врз медиумите, а со тоа и врз јавноста. Во сите релевантни меѓународни извештаи Македонија бележи пад. Насилството и притисоците врз новинарите и медиумите се зголемуваат, институциите не дејствуваат или дејствуваат селективно, а власта продолжува да го доминира медиумскиот дискурс, држејќи ги најголемиот дел од медиумите во клиентелистичка прегратка. Во медиумските наративи доминира етнонационализмот и омразата кон сѐ што не спаѓа во „соодветниот" табор.

Но причините за ваквите состојби не се скорешни, тие се многубројни и можат да се препознаат во сите сфери од функционирањето на медиумите, и тоа подолго време.

Фактите кажуваат дека Македонија има доволен (дури и преголем) број медиуми (особено електронски), што најчесто се објаснува како „плурализам" во медиумскиот простор, но, всушност, не е тоа. Во таа мала бара полна со крокодили што се борат за помалку од 2 милиона публика, нема вистински пазар, а доминираат приватните (предничат националните телевизии) наспроти јавните медиуми. Во вакви услови, сакале – нејќеле, наместо на јавниот интерес, најголем дел од медиумите им служат на интересите на политичките и на економските центри на моќ, главно, на оние блиски до власта, кои „располагаат" со најголемото „купче пари" во земјава, буџетот на РМ.

Регулативата и саморегулацијата ги следат европските насоки за развој на медиумските политики, но само формално. Во практиката недостига

конзистентно и неселективно спроведување на законите, и се забележува целосно непочитување на етичките норми од страна на голем број медиуми и игнорирање на саморегулацијата и етичките норми.

Јавниот радиодифузен сервис треба да врши дејност од јавен интерес преку неколку телевизиски и радиоканали, но продолжува да биде пропаганден мегафон на владејачкото мнозинство. Во него, и порано и денес, секоја власт именувала свои луѓе на водечките позиции, наспроти јасно пропишаните правила за нивни избор. Така, јавниот сервис продолжува да се однесува како да ѝ ја „должи" својата уредувачка, кадровска, финансиска независност (иако се финансира од радиодифузна такса и од буџетот – односно од граѓаните) на власта.

Новинарскиот кадар е едуциран и организиран во здружение и синдикат, но тие и нивното членство се под постојан притисок, наспроти фаворизирањето на организации во кои членуваат луѓе што работат во медиумите блиски до власта, честопати против своја волја. Дејствувањето на медиумските професионални организации е зајакнато, активностите што придонесуваат за подобрување на медиумските состојби се зачестени, но нивното влијание сѐ уште е ограничено, пред сѐ, поради недостигот на солидарност во „базата", што, пак, е резултат на притисокот на сопствениците, кои во новинарското здружување честопати гледаат поголем ризик отколку од нивните  политички или бизнис-конкуренти. Царува цензурата, но и самоцензурата.

Симбиозата меѓу власта и медиумските сопственици – бизнисмени е очигледна. Таа ги определува структурата и содржината на медиумските производи, со што влијае врз начинот на кој јавноста ги опсервира и се информира за општествените настани.

Дури, содржината сѐ почесто не се произведува во редакцијата, туку надвор од неа, во комуникацискиот центар на партијата, а потоа се репродуцира во иста форма на повеќе телевизиски, радио, печатени и интернет-канали.

Клучните редакциски позиции ги држат послушници, а оние што ќе покажат автономност се маргинализираат и се санкционираат. Концентрацијата на

сопственоста во приватните медиуми во рацете на малкумина ја загрозува разновидноста и плурализмот на медиумите, а стремежот за профит, кој доминантно се стекнува од државни средства (владини реклами и други видови „дотур" на јавни пари), директно се одразува врз уредувачката политика.

Практично, мејнстрим-медиумите се речиси целосно потчинети на инструментализацијата за деловно-политички цели, од што не се лишени ни локалните медиуми, но од политиката и бизнисмените на локално ниво.[1]

## МЕЃУНАРОДНИ ИЗВЕШТАИ:

## МЕДИУМСКИТЕ СЛОБОДИ ВО СЛОБОДЕН ПАД

И оваа година состојбата со медиумските слободи, исто како во претходните години, бележи загрижувачки надолен тренд во сите меѓународни извештаи и индекси. Угледната организација „Фридом хаус", во годинешниот индекс за „Слободата на печатот", за првпат ја оцени Македонија како неслободна земја. Извештајот на „Репортери без граници" ја рангира Македонија на неславното 118 место во светот.

Во последниот извештај за напредок на ЕУ за Македонија, во делот за политички критериуми се наведува дека најтешката криза со која се соочи земјава по 2001 година поради прислушувањето, во кое, како што констатира Извештајот, се вклучени високи претставници на власта, се сугерира и вмешување преку овој скандал, меѓу другото, и во слободата на медиумите. Според ЕК, земјата има одредено ниво на подготовка во однос на слободата на изразување. Но и покрај тоа што законската рамка е главно во согласност и со правото на ЕУ и со меѓународните стандарди, сепак, ЕК констатира дека слободата на изразување и на медиумите останува сериозен предизвик во актуелната медиумска култура и политичка клима, и дека земјата продолжи со назадување во текот на изминатата година.

Во решавањето на недостатоците што ги наведува ЕК во Извештајот за напредок,

се вели дека во наредната година земјата особено треба да се посвети на обезбедување целосна транспарентност на владините реклами и развивање механизам за неплатени јавни огласи што навистина се од јавен интерес. Освен тоа, на политичко ниво се сугерира соодветна воздржаност од страна на политичарите и јавните службеници од прибегнување кон тужби за клевета, во согласност со судската практика на ЕСЧП. Како трет приоритет, извештајот сугерира дека на јавноста треба да ѝ се обезбеди пристап до објективно и точно известување и различни гледишта преку мејнстрим-медиумите, особено на јавниот радиодифузен сервис.

Меѓу другото, во однос на медиумите и слободата на изразување и информирање, во Извештајот се вели дека пристапот до информации од јавен карактер е ограничен, а Комисијата е со недоволен капацитет за да го спроведе законот, како и дека граѓанското општество продолжува да изразува загриженост поради мошне малата посветеност на дијалог од страна на властите и остри напади кон граѓанскиот сектор од страна на провладините медиуми.[2]

## НАСИЛСТВО, ПОПРЕЧУВАЊЕ И АРОГАНЦИЈА: СЕКОЈДНЕВИЕ НА НОВИНАРИТЕ

Но не се тука само острите напади кон граѓанското општество како потесен поим. Една од најголемите жртви сите овие години додека трае оваа криза е новинарската заедница (според многу теориски модели, и таа е дел од граѓанското општество). И по Пржино продолжија физичките напади врз новинарите, од кои речиси ниту еден не е расветлен, продолжи попречувањето при вршењето работа од страна на полицијата или други службени и приватни лица, продолжи бришењето на снимки, задржувањата, ограничувањата на слободата на движење, удирањето новинари на протести...

На денот кога се потпиша анексот од Пржино, 15 јули 2015 г., вицепремиерот Владимир Пешевски  физички го нападна главниот уредник на веб-порталот

„Мактел“, Саше Ивановски-Политико, додека му се доближувал и му поставувал прашања во врска со пржинската спогодба. Нападот е снимен на видео.

Минатата година во јули, неколку дена по потпишувањето на анексот на Пржинскиот договор, сопственикот на порталот „Доказ“, Марјан Стаменковски, беше брутално претепан пред кафе-бар во Скопје. Притоа се здоби со сериозни повреди на главата и скршен нос.

Во март 2016 г. Уставниот суд на Република Македонија без никакво објаснување им забрани на новинарите да ја следат седницата на која се оценуваше уставноста на Законот за помилување, иако тоа е спротивно на Деловникот на Уставниот суд, според кој, седниците може да се затворат за јавност ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на земјата, чувањето на државата, службена или државна тајна, заштита на јавниот морал.

Истиот месец уредникот на кабелската национална телевизија „ТВ Шења“, Мухамед Зекири, доби вербални закани од претставници на владејачката партија ДУИ.

Април 2016 е особено „плоден“ месец, што се однесува до насилството и притисоците врз новинарите. Новинарот и фоторепортер Петар Ставрев од Битола бил физички нападнат од лицето К.Б. додека известувал за протестите против градоначалникот Талески, по што интервенирала полицијата. Снимателот на ТВ Мега од Битола, Владимир Бошковски, беше нападнат од учесници на опозицискиот протест пред Општина Битола. Камерманот бил туркан и навредуван и му било наредено да престане да снима. Група граѓани на антивладиниот протест ги демолираа работните простории на Радио Слободна Македонија (РСМ) во Скопје. Во овој месец, на тројца новинари од весникот „24 часа“ од Бугарија им беше забранет влез во земјава на граничниот премин Деве Баир. На почетокот на април 2016 г., новинарот Јане Мамучевски од порталот „Малешевски весник“, по налог на градоначалникот Драги Нанџиски, беше избркан од седницата на Советот на Берово. Новинарот Мамучевски тврди дека од истите мотиви му било оштетено и приватното возило.

На 13 април 2016 г. група новинари и фоторепортери беа физички нападнати од полицијата додека известуваа од протестите поради одлуката за аболиција пред Канцеларијата за контакт со граѓаните на претседателот Ѓорѓе Иванов. Новинарот Горан Наумовски од порталот „Плусинфо" беше удиран со пендрек во главата и притоа изгуби свест, додека фоторепортерите Огнен Теофиловски од Вест, Наќе Батев од „Вечер" и Борче Поповски од „Слободен печат", како и Томе Георгиев од „Фокус" беа нападнати од полицајци, и покрај тоа што биле соодветно означени како професионални новинари. Удрен со полициски штит беше и сниметелот на ЦИВИЛ, Никола Угриновски.

Во мај годинава новинарката Вања Мицевска од националното приватно радио „Канал 77" беше физички спречена да фотографира и да го следи собирот на Граѓанското движење за одбрана на Македонија (ГДОМ) од дел од учесниците. Настанот се случил во присуство на полицијата. Не само што не била заштитена новинарката туку полицајците побарале од неа да го напушти собирот.

Последните примери се свежи, од јуни 2016 г. Во еден случај, двајца припадници на обезбедувањето на поранешниот премиер Никола Груевски влегоа во дворот на ТВ 21 и му ги избришаа снимките од службениот мобилен телефон на новинарот Кристијан Ландов, кој претходно го снимил поранешниот премиер Груевски како поминува на улица „Македонија".

Новинарот Томислав Кежаровски беше повикан на информативен разговор во полиција поради учество во Шарената револуција. Обвинителството ја отфрли пријавата за физички напад против сопственикот на порталот „Скај" од Охрид, Сашо Денесоски.

Како што нагласивме и погоре, повеќето од овие случаи биле пријавени во полиција[3], но досега јавноста не е запознаена дали некој од оние што ја загрозиле безбедноста на новинарите се соочил со некаква одговорност. Напротив, неказнивоста на насилниците и неажурноста на институциите се сè поочигледни.

Освен овие случаи, регистрирани се и десетици поплаки на новинари поради попречување на слободата на движење и попречување на професионалната

работа во повеќе наврати, но тие прекршувања веќе ни самите новинари не ги сметаат за сериозни, и воопшто не поведуваат каква било правна постапка, разочарани од повеќето примери на очигледна пристрасност на судовите кога се под удар медиумите и новинарите што не се блиски до власта. А да не зборуваме за секојдневните примери на отворен говор на омраза и повици за насилство од истакнати пропагандисти на власта, кои поминуваат неказнето. Последен таков случај е отфрлањето повик за насилство од страна на Миленко Неделковски кон повеќе новинари и јавни личности, која и Вишото обвинителство ја отфрли кон средината на јуни 2016 г., со образложение дека се работи за „лични" навреди, иако од напишаното јасно се гледа омразата што се гради врз основа на групни карактеристики.

## МОРАТОРИУМ НА ЈАВНИ КАМПАЊИ, ВЛАСТА ИЗНАОЃА ДРУГИ НАЧИНИ ЗА „ДОТУР" НА ЈАВНИ ПАРИ ДО ПОСЛУШНИТЕ МЕДИУМИ

Иако медиумите требаше да бидат прва точка на преговорите што следуваа по потпишувањето на Пржинскиот договор, реформите и конкретниот договор на потписниците од Пржино постојано се одложуваа, и тие прашања и ден-денес останаа нерешени.

Почетокот изгледаше ветувачки. Мораториумот на владините кампањи, кој почна да се применува од јули 2015 г., веднаш по потпишувањето на договорот, всушност, беше дел од пакетот реформи во медиумската сфера, кои требаше да бидат први на агендата на спроведување на Договорот од Пржино. На мораториумот му претходеа сознанија за исплати на огромни средства за владини кампањи на неколку национални телевизии блиски до власта.

Сепак, и покрај овој мораториум, власта продолжи да изнаоѓа начини за „дотур" на јавни средства до медиумите, кои, за возврат, пласираа содржини со кои се поддржуваат политиките на власта, а се стигматизираат опозицијата и граѓанското општество.

Сè уште како форма на влијание остануваат парите од јавни огласи (за конкурси, тендери, и слично). Освен тоа, на пример, како начин на продолжување на финансиската поддршка беа искористени и средствата што им се ставаат на располагање на медиумите за производство на домашна филмска програма. Овој механизам, воведен со новата медиумска легислатива, функционира нетранспарентно, а средствата се доделуваат од страна на интерресорско министерско тело, кое не ја поседува соодветната експертиза за процена на потребите за ваков вид програма. Колку за илустрација, три телевизии добиле средства во една година за да снимаат ист тип програма Македонски народни приказни![4]

Освен тоа, еден од начините за дотур на средства е преку дел од комерцијалните клиенти блиски до владејачката партија, кои ги насочуваат и ги преплатуваат рекламите кон овие медиуми. Со тие средства, очигледно, освен реклама, се плаќа и некоја друга „услуга“.

## ЗБОГАТЕНА ТВ-ПОНУДА, ПОЛИТИЧКИ ПЛУРАЛИЗАМ И ДЕБАТА, ИЛИ УШТЕ ПОВЕЌЕ ШУМ И КРОКОДИЛИ ВО БАРАТА?

Во меѓувреме, на пазарот во Македонија се појавија неколку нови медиуми. Освен новата телевизија ТВ Нова на македонски јазик (со вести и на албански јазик), медиумскиот амбиент се збогати и со две телевизии на албански јазик, ТВ 21, која има и вести, дебата и други содржини и на македонски јазик, како и ТВ Шења. Сите овие три телевизиски канали оперираат според лиценцата за национално покривање преку јавна телекомуникациска мрежа. Исто така, на пазарот се појави и нов дневен весник на албански јазик, „2+1“.

Во меѓувреме, во извонредно тешки услови за комерцијален опстанок и без речиси никаква структурна поддршка, продолжи трендот на загрозување и затворање на локалните медиуми и медиумите на заедниците. Последна жртва на овој тренд беше и најстариот приватен медиум на ромски јазик ТВ БТР, кој неодамна

престана со емитување. Велиме тренд, поради малку познатиот факт на општата јавност дека во изминатата деценија згаснаа над 20 телевизии, радија, весници и неделници на јазиците на заедниците, и покрај јасно преземената обврска за нивно помагање, којашто стои во Рамковниот договор од 2001 година.

Во контекст на овој извештај и медиумската понуда, која значи информиран избор на граѓаните за политичката понуда и плурализам на политичките содржини, можеме да констатираме дека понудата е малку зголемена во квантитет, но кога е квалитетот во прашање, состојбата е малку поинаква.

Наспроти годините кога речиси и да отсуствуваа ТВ-дебатите, сега нив ги има во изобилство. Речиси секоја телевизија што зрачи национално, па и голем дел од оние на локално ниво, имаат дебатни емисии. Сепак, кај медиумите на македонски јазик (освен неколку исклучоци што го потврдуваат правилото, како, на пример, дебатата меѓу пратеничките Куновска од СДСМ и Рангелова од ВМРО-ДПМНЕ, што се случи во овој период) продолжи да отсуствува директното соочување на власта со опозицијата, во зависност од уредувачката политика на медиумот.

Кај дел од медиумите што работат во рамките на професионалните стандарди ова отсуство на суштинска дебата меѓу власта и опозицијата се камуфлира со супституирање на таа дебата со дебата на експерти, претставници на граѓанскиот сектор и други јавни личности, чии ставови се детерминираат како блиски „до едните или до другите“ (иако не секогаш се тоа), што не го решава проблемот со одбивањето на власта да седне со својот главен политички противник повеќе од една деценија, и неуспехот на медиумите да извршат притисок за такво соочување.

Исто така, се забележува дека изборот на гости во овие емисии на сите телевизии како да се сведува на стотина луѓе, што, секако, не значи дека голем дел од нив не се релевантни соговорници, но упатува на извесно рутинизирање на дебатите од самите медиуми.

Во есента и до крајот на 2015 г., во медиумите блиски до власта се забележа обид за „отворање“ на овие медиуми кон опозицијата, очигледно, по сугестија на меѓународниот фактор, што индиректно го призна и главната уредничка на Канал

5 при интервјуто во живо на главните вести на Канал 5 со потпретседателката на СДСМ, Радмила Шекеринска[5]. Овој обид за „демократски плурализам" во провладините медиуми заврши гротескно, со неколку напаѓачки интервјуа со раководството на СДСМ и министрите што влегоа во владата за спроведување на изборите предвидени со Договорот од Пржино.

Кај албанските медиуми, пак, дебатите на телевизиските канали внесоа дополнителен квалитет во информирањето на граѓаните, но ги покажаа и своите аномалии. На пример, се забележува дека дијалогот меѓу ДПА и ДУИ се одвива во медиумските дебати, но се забележува еден нов тренд на селектирање на реалноста, имено, овие две досега најмоќни партии кај Албанците најчесто одбиваа да седнат на ТВ-соочување со „помалите" партии, а засега таа желба ја почитуваат и медиумите. Освен тоа, кај дел од медиумите на албански јазик отсуствува релевантна критика кон политичките претставници и кон оние што ги застапуваат интересите на гласачите Албанци во институциите, кој се заменува со критика, но за многу понезначајни работи.

## ЗАКОНИ И КОНТРАЗАКОНИ, СУШТИНА ЗАПЛЕТКАНА ВО БИРОКРАТСКИТЕ ЛАВИРИНТИ

Во Извештајот на Прибе во делот на медиумите се наведуваат неколку препораки:

- Сите медиуми мора да бидат ослободени од секаков политички притисок без мешање и закани.

- Медиумите треба да се дистанцираат од партиските политики и не треба да бидат во служба на политичарите и на политичките партии.

- Јавниот национален сервис треба да настојува/да вложува напори да биде комплетно непристрасен и независен од политички, комерцијални и други влијанија и идеологии и да придонесе за информирано граѓанство.

- Медиумите играат посебна важна улога во ситуации на политичка криза. Јавен

интерес е да откриваат можни грешки во функционирањето на државата или општеството. Оттука, јавните тела треба да се воздржат од обесхрабрувањето на медиумите за да го изнесат/извршат својот мандат.

- Дејствијата во врска со клеветата не треба да се користат како средство за да се задуши дебата или за да спречи повикувањето на одговорност на јавни личности. Особено е загрижувачки кога политичарите тужат новинари за клевета, но, исто така, кога тужат други политички фигури, наместо решавање на нивните разлики преку други средства како што е јавната дебата.

- Судовите треба да се справуваат со тужбите за клевета на избалансиран начин, независно од можните политички импликации на конкретниот случај. Судовите треба да развијат јасна и предвидлива пракса за заштита на слободата на изразување во поглед на тужбите за клевета. И медијацијата и саморегулацијата треба да играат важна улога во намалувањето на големиот број на случаи кои доаѓаат до судовите. Треба да се размисли за проширување на опфатот на сегашните законски плафони за одговорност за клевета на медиумите на сите видови на обвинети.

-"Купувањето" политичка поддршка од медиумите преку финансиска поддршка на медиумите е неприфатливо. Треба да се спроведат строги правила за владиното рекламирање.

- Сопственоста на медиумите и финансирањето на медиумите треба да бидат транспарентни.

- Условите за работа на новинарите треба да се подобрат со цел да се намали самоцензурата.[6]

Во текот на целиот период преговарачките групи за медиумите работеа за да договорат легислативни решенија за спроведување на овие препораки. Во јавноста и во кулоарите циркулираа предлози те на едната те на другата партија, честопати погрешно пренесувани преку медиумите, создавајќи една магла од која јасно можеше да се прочита само едно: кај власта недостасува волја суштински да се

реши ова прашање, затоа што токму медиумите се еден од главните лостови преку кои оваа гарнитура се одржува на власт. Но, освен неформалниот мораториум на владините кампањи, и измените во Изборниот законик, од кои суштинско беше само оневозможувањето на медиумите да бидат донатори на политичките партии (што беше овозможено со претходниот Законик), немаше посуштински исчекор во оваа насока.

Дури и „понудата" на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, опозицијата да одбере кој било европски закон за медиуми што власта веднаш би го изгласала, е порака сама по себе. Особено кога и досегашните закони, кои не беа лоши, не функционираа, оти власта ги контролира тие што треба правично да ги спроведуваат тие закони, а не го прават тоа, што се забележува во сите меѓународни и домашни извештаи за медиумите во Македонија со години наназад. Од друга страна, албанските партии во преговорите се фокусираа единствено на барањето за посебен канал на албански јазик на јавниот сервис МТВ, без речиси никаков друг придонес во дискусиите и приговорите.

Во таа смисла, не треба да се очекува суштинска промена во стратегијата на власта кон медиумските реформи - што помалку суштина, а што повеќе форма, сите отстапки се можни, само не контролата над парите и институциите што може да санкционираат насилничко, потпалувачко и омразено поведение, кое, очигледно, го стимулира токму власта.

Во целата оваа игра со предлози и контрапредлози, закони и контразакони, вреден е да се спомене предлогот што со помош на белгискиот дипломат Питер Ванхауте го подготвија ЗНМ, заедно со ССНМ, МИМ, ЦРМ, кој доби поддршка од поголем дел од слободарската медиумска заедница и граѓанскиот сектор.

Предлогот предвидуваше избор на советници во Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и програмскиот совет на МРТ преку конкурс, со поддршка на професионални или академски организации, и избор со двотретинско мнозинство во Собранието. Измените предвидуваа и поинаков избор и мандат на директорот на агенцијата, обврски за политички плурализам за

информативните програми, финансирање на МРТ со 1 % од буџетот, но и одредби за поголема финансиска и програмска отчетност на јавниот сервис, како и враќање на санкциите за говорот на омраза.

Овој предлог, кој беше доставен и формално до Собранието на 4 април 2016 г., беше одбиен во законодавниот дом.

## КАКО ДО ИЗЛЕЗОТ И ШТО АКО ПАК ЗАЛУТАМЕ ВО ТУНЕЛОТ?

Во ваква констелација, би било премногу оптимистички да се очекува медиумите да играат каква било конструктивна улога во јавноста и политичките процеси во земјава во блиска иднина.

Прво и најважно: без претходно да се подобри политичката состојба, не може да се очекува подобрување на состојбата во медиумите. Медиумите се огледало на општеството, а секое општество добива и власт и медиуми какви што заслужува. Грдата слика на македонското општество мора да се поправа од повеќе аспекти, а за сите нив клучни зборови се – политичка волја.

Без да почнат да функционираат независно институциите и механизмите на државата поврзани со медиумите, кои се моментално узурпирани од партиите на власт, без судство што ќе санкционира говор на омраза и јавни повици за линч, насилство и убиства, без доследно и неселективно спроведување на законодавството за клевета и навреда со земање предвид на практиката на Судот од Стразбур, не се возможни одговорни и транспарентни медиуми.

Без овозможување фер пазарни услови за медиумите, и фер услови за работа за новинарите, без во Македонија да почне да функционира „невидливата рака на пазарот", а не „долгата рака" на власта, не се возможни слободни медиуми.

Без почитување на стандардите на професијата и кодексот на етика нема слободни медиуми. Доколку новинарите сами не си ги решат работите, секогаш ќе оставаат простор некој друг однадвор да им ги решава. Саморегулацијата е еден од

столбовите врз кои почива независното новинарство. Таа треба да се прегрне и да се негува, а не да се саботира и да се банализира.

Без вистински независен јавен сервис, кој ќе биде пример светилник за другите медиуми за стандарди и квалитет, ниту квалитетот на содржините во приватните медиуми, кои сепак имаат и приватни бизнис-интереси, нема да се промени.

Доколку работите останат вакви какви што се, состојбите нема да се променат во догледно време. Напротив, ќе се влошуваат и ќе се деградираат дополнително, со што ќе се влијае негативно и на шансите на Македонија воопшто да излезе од оваа општествена криза, која може да има и подалекосежни регионални импликации.

[1] „Медиумите во Македонија: заштитници на јавноста или заложници на политичките интереси?" проф. д-р Весна Шопар, Петрит Сарачини, Институт за комуникациски студии, февруари 2016 Скопје, достапно на http://respublica.edu.mk/attach/mediumite-i-javniot-interes-vo-mk_opt.pdf

[2] Извештај на ЕК за напредокот на Македонија кон ЕУ http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

[3] Случаи на повреда на правата на новинарите и реакции на институциите, јуни 2016 година, Скопје Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ), достапно на http://znm.org.mk/?page_id=1357

[4] „Медиумските слободи зауздени со јавни пари", м-р Весна Никодиноска, МИМ 2015, достапно на http://mim.org.mk/mk/mediumska-politika/859-mediumskite-slobodi-zauzdani-so-javni-pari

[5] Вести на Канал 5, 11 февруари 2016, достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=7rz07TzF-Pc6

[6] "The former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015", Брисел, 8 јуни 2015, достапно на: http://ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf

**МЕДИУМСКА АНАЛИЗА [1]**

# МЕДИУМСКИОТ МРАК И ИЗБОРИТЕ

Синиша СТАНКОВИЌ

По ослободувањето на јавниот сервис МРТВ и по неминовното, опортунистичко-јагмаџиско конвертитство на сопствениците на досега строго контролираните национални медиуми – „спонзори" на владејачките партии, паралелно денфувањето на притисоците врз неколкуте преостанати продемократски медиуми со сѐ поширокта бафер-зона на освестените и охрабрени граѓан(к)и, широчината на дефиницијата „кредибилни", можеби, ќе опфати какви-такви избори... Но по деценија организирано и во детали планирано масовно труење на јавноста за вистински демократски избори, на Македонија ќе ѝ биде неопходен долг период на демократска детоксикација. Процес на пречистување, наменет за заздравување и освестување на населението – до кое дереџе е стрмоглавена државава, како и за враќање на вредносните критериуми и за коренити промени за воспоставување морални и професионални норми...

Цела деценија Македонија е темен вилает, дури ако се споредува со преостанатиот дел на кутриот Балкан, и длабока црна дупка, која во медиумска смисла е светлосни години далеку од европските стандарди и норми и која, што е уште потрагично, секој ден сѐ позабрзано се оддалечува од цивилизираниот свет. И за тоа, на рационалните и слободномислечките луѓе во Вилаетот, не им се неопходни ни податоците за соблазнителните падови на Македонија на списоците на (не) слободни држави на „Репортери без граници", „Фридам рипорт" или „Амнести интернешнел", зашто тие, присилени да живеат во држава чија власт е глува и бесчувствителна кон сите апели и предупредувања од Македонија – додека за оние од странство лицемерно се обврзува дека ќе се смени, за потоа да си игра мајтап со нив на домашен план – едноставно, врз сопствена кожа ги чувствуваат последиците од густиот медиумски мрак. (Сите оние што собраа пари и храброст, 600.000 образовани и доблесни луѓе, со дипломи или вештини, избегаа не свртувајќи се, што подалеку од „оазата на мирот", која „преродбениците" опиени со антика и барок, ја деградираа во карикатурална „кич-престолнина на Европа").

Ако во првите десетина години на суверена Македонија медиумскиот монопол на НИП „Нова Македонија" и на МРТВ лесно ги задушуваше ретките изблици на новинарска храброст да се проговори за оркестрираните фалбоспеви за тогашната власт на СДСМ, чии министри си дозволуваа отворено и неказнето да им се закануваат на новинарите со објавување нивни досиеја или иронично да порачуваат дека здодевните новинари што се осмелуваат да поставуваат прашања

за нивната ароганција, само треба да се нахранат со фекалии (погруба варијанта на бугарската верзија за „фрлање коска" на новинарите), со доаѓањето на власт на „јапи-верзијата" на ВМРО-ДПМНЕ (штедро потпомогната од послушничката ДУИ, чија пацификација се сведе на рецитации за НАТО и ЕУ, со понекоја шлаканица за непослушните журналисти и со различни изјави, „кому иде" приспособувани за меѓународната, па за етнички македонската, па за етнички албанската јавност), почна монструозниот план за задушување на слободната мисла и на јавниот збор во Македонија, на секој обид за спротивставено мислење, скраја да е, блага критика за грешките на препотентните „народоусреќители" од власта...

Хаосот со намерното создавање стотици електронски гранап-медиуми („поздрави и честитки за нашите слушатели") и постепеното, ама ефикасно уништување на печатените медиуми со нелојална конкуренција при рекламирањето на владејачката партија и на државните институции (потпомогнато и од его-триповите на дел од сопствениците на печатените медиуми, кои, за разлика од ситуацијата во другите балкански држави, не снаоѓајќи се во новите услови, всушност, со основна идеја-водилка да станат „калиф наместо калифот", инаетчиски, самите ја долносуваа цената на своите медиуми), го трасираше патот кон актуелното безумие.

Лека-полека, власта ја префрли острицата на ударот од новинарите врз сопствениците на медиумите. А најголемиот дел од нив, пак, заталкани во медиумскиот бизнис, од страв, под брутален рекет, или заради полнење на чекмеџето, иако главно, алваџиско-бозаџиски настроени кон политиката и новинарството, сепак, успеваа да изнајдат доволен број теледиригирани уредници што беспоговорно ги исполнуваа наредбите од Централата (Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ, или во последните години, стриктно членовите на Фамилијата...), и ги сосекуваа во корен сè поретките и сè поиздишени обиди на новинарите да се занимаваат со сопствената професија и да си ги бранат достоинството и честа.

Така, медиумската поплава наместо со квантитетот да издиференцира квалитет, на површина исфрли многу реа и ѓубре... Пред очите на вџашената или помирената со судбината македонска јавност, во новинарството изникнаа едно чудо натрапници и „петтоколонаши" - шиткачи на професијата, се накотија,

неграмотници, маргиналци, хејтери, празни личности што сите свои фрустрации (дијагнози?) од промашените животи ги блујат директно во етерот, сеејќи омраза кон инакумислечките и загадувајќи ја медиумската сфера, моделирајќи виртуелна реалност низ приземна и проѕирна пропаганда, чии илјадници лаги, за жал, со десетгодишното повторување како мантра - за најуспешната власт што гради и „остварува", за светските заговори против „библиската земја" и за домашните предавници и шпиони на странските служби, станаа вистина за добар дел од недоволно информираната популација. Особено за руралната, како и за повозрасните категории граѓан(к)и, поткупени или со субвенции или со бенефиции (со кои се уште позапустени селата и земјоделството и се задолжени неколку генерации внуци и праввнуци)... И, што е уште пострашно, лагите станаа и еден вид блиндирано стаклено ѕвоно за стотиците илјади буџетари (сеедно дали се натискани во канцелариите со партиска книшка на ВМРО-ДПМНЕ или на ДУИ - за сателитските „пајтон-партии" и дума да не се арчи – според мотото, кое од „клати врата - примај плата", прерасна во тепачка за столче кај оние што и одат на работа или во „седи си дома - примај плата" за правична застапеност, ама не на меѓунационален, туку на коалициски план), или се само „обични" луѓе, кои и биле професионалци, но веќе цела декада, згрчени од страв за егзистенцијата, молчат и трпат...

Властите брутално ги егзекутираа традиционалните продемократски медиуми во Македонија, и новинарството одамна ни е на умирачка. Живурка како-така, низ новите медиуми, на социјалните мрежи, преку врескотот на граѓанските новинари, активистите, борците за слобода... Но и тој простор, како порано со окупацијата на медиумскиот простор на локално ниво со мрежата општински или регионални телевизии под чадорот на ВМРО-ДПМНЕ, се инфицира со стотици ѓоа-портали со непознати сопственици и извори на приходи, чија основна намена е ширење лаги и сеење омраза.

Сè додека во Македонија во медиумите се молчи за 80 мртви бебиња и 40 мртви пациенти во психијатриска болница, а се објавуваат вести за свечено сечење лента на пешачки премин од в.д. премиерот, едноставно, нема шанси за реанимација на медиумската сцена... За жал, со вакви медиуми, навистина слободни и фер избори во Македонија, едноставно, не се можни во догледен период...

## ИЗВЕШТАИ ОД ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

# ГРАЃАНСКА ЕДУКАЦИЈА
# ИСТРАЖУВАЊА
# ЈАКНЕЊЕ НА СВЕСТА
# ЈАВНИ НАСТАНИ
# ТЕРЕНСКА РАБОТА

Подготвил: Тимот на ЦИВИЛ



Јавен настан „Сите за слободни избори“ - 11 декември 2015.

## ИЗВЕШТАЈ [1]

# ЈАВНИ НАСТАНИ ЗА ПРОГЛЕДУВАЊЕ

**Известува: Марија ТЕГОВСКА**

ЦИВИЛ одржа 25 јавни настани низ целата земја во текот на имплементацијата на проектот Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани. Над 30 политички партии, над 50 НВО на национално и локално ниво, стотици граѓанки и граѓани присуствуваа на нашите јавни настани организирани на отворено или во затворен простор. Овие извештаи содржат само кратка селекција од активностите во оваа компонента на проектот.

# Јавни дискусии:
# Плурализмот и политичката криза

Отсуството на политичка дебата е евидентно во последните десет години во Република Македонија. Дебатата отсуствуваше и во текот на процесот за надминување на политичката криза во Македонија поради ексклузивноста на форматот на преговорите. Тие речиси целосно ги исклучија партиите со помал број освоени гласови на претходните избори и вонпарламентарните партии, а место во тој процес немаше ни за организациите на граѓанското општество, движењата и иницијативите, како ни за експертската заедница.

ЦИВИЛ – Центар за слобода организираше четири јавни дискусии на тема: „Плурализмот и политичката криза“, со цел да придонесе кон општествената дебата, и преку учество на политичките партии и експертската заедница да понуди решенија за излез од кризата во земјата.

Од самиот почеток на процесот што се совпадна со почетокот на имплементацијата на проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани“, ЦИВИЛ инсистира на инклузивност во процесот, а во меѓувреме даде сериозен и видлив придонес кон општествената дебата, преку вклучување на голем број политички партии, експерти и граѓански организации преку јавни настани на кои присуствуваа и голем број медиуми, дипломати и заинтересирани граѓанки и граѓани.

Сите материјали и видеоснимки поврзани со овие настани можат да се најдат на онлајн-каналите на ЦИВИЛ, како и во низа други медиуми што ја презедоа таа содржина или самите продуцираа соодветни информативни содржини. Во овој преглед накратко ќе претставиме дел од јавните настани во рамките на проектот.

На јавните дискусии учествуваа лидерите и високите претставници на голем број политички партии што не се дел од преговорите за надминување на политичката криза. Тие дадоа драгоцен придонес кон отворањето на прашањата што се од суштинска важност за политичките процеси што се одвиваат во земјата. Нивните презентации содржат вредни информации и ставови за состојбите, но уште поважно, тие понудија визии и решенија за излез од кризата. На последната јавна дискусија од овој вид, ги поканивме и претставниците на четирите политички партии вклучени во преговорите за излез од политичката криза. На таа покана се одѕва само лидерот на опозицискиот СДСМ, Зоран Заев.

На сите јавни дискусии заедно учествуваа над 30 лидери и високи претставници на политичките партии, голем број експерти, а во присуство на голем број медиуми и претставници на граѓанското општество, дипломатскиот кор и набљудувачките мисии.

Појдовна теза за јавната дискусија „Плурализмот и политичката криза", која се одржа на 4 април 2016 г., беше: Договорот за надминување на политичката криза (Пржино, 2015) е само делумно имплементиран. Институциите што се обврзани да овозможат слободни избори и владеење на правото се соочуваат со политички и медиумски опструкции, како и со опструкции од други институции. Дали се можни избори на 5 јуни? Кои се ставовите и решенијата за надминување на политичката криза што можат да ги понудат политичките партии што не се вклучени во процесот од Пржино?

Учествуваа лидери и високи претставници на 18 партии, а настанот побуди уште поголем интерес во јавноста.

ЦИВИЛ организираше и експертска панел-дискусија под истиот наслов, на 17 март 2016 г. На оваа дискусија учествуваа реномирани експерти, кои ги претставија своите експертизи за политичката криза и за изборниот процес во земјата. Целта и на оваа дискусија беше да се придонесе кон развивање на плуралистички амбиент и дебата во општеството, преку претставување на различни ставови на експертската заедница.



Плурализмот и политичката криза - експертски панел, 17 март 2016.

Учесници на панел-дискусијата беа Сандра Гавриловска, адвокатка и правна експертка, д-р Сашо Орданоски, политички аналитичар и универзитетски професор, и Александар Новакоски, адвокат, правен експерт и поранешен претседател на ДИК.

Дискусијата ја отвори Н.Е. амбасадорката на Сојузна Република Германија д-р Кристине Д. Алтхаузер. Оваа експертска панел-дискусија одекна широко во јавноста и претставуваше чекор кон одложување на првиот датум за избори (24 април), на што ЦИВИЛ инсистираше од самиот почеток на политичкиот процес во јуни 2015 година.

ЦИВИЛ ја организираше четвртата јавна дискусија на тема: „Плурализмот и политичката криза", на која учествуваа високи претставници на 21 политичка парија во Македонија. На овој голем јавен настан беа поканети да учествуваат претставници на сите политички партии. На јавната дискусија, покрај политичките партии, присуствуваа над 50 претставници на организациите на граѓанското

општество, на медиуми, на граѓански иницијативи и на дипломатските претставништва и мониторинг-мисии во Република Македонија.

Жестоки критики на сметка на власта, одложување на изборите закажани за 5 јуни, повлекување на аболицијата на Иванов, ослободување на медиумите, департизација на судството и низа други мерки и реформи за излез од политичката криза во Македонија..., беа само дел од анализата на ЦИВИЛ, која беше претставена пред учесниците на самиот почеток на јавната дискусија.

Следуваа ставовите на највисоките претставници на политичките партии што присуствуваа на дискусијата. Присутни беа и голем број медиуми, претставници на граѓанскиот сектор и на дипломатските претставништва и набљудувачките мисии во земјата.



Плурализмот и политичката криза - јавна дискусија, 4 април 2016.

# Панел-дискусија: Правото на глас и политичкото финансирање

Панел-дискусија на тема „Слободни избори за слободни граѓан(к)и" се одржа во рамките на серијата настани, консултации, обуки и координативни состаноци под заеднички наслов „Денови на правото на глас". Настанот се одржа на 11 декември, непосредно по Меѓународниот ден на човековите права, 10 Декември, за да се истакне важноста на правото на глас, едно од фундаменталните човекови права. Настанот го отвори Н.Е. амбасадорката на Република Хрватска, Даниела Баришиќ.

Панелисти беа експертите од Хрватска, Марина Шкрабало и Драган Зелиќ од хрватската невладина организација – ГОНГ и Александра Јозиќ-Илековиќ од Центарот за одличност при Министерство за надворешни и европски прашања на Република Хрватска. Ставовите на ЦИВИЛ ги претставија Џабир Дерала и Синиша Станковиќ.

ЦИВИЛ упати повик до граѓанките и граѓаните да помогнат во надминување на тешката политичка криза и да придонесат кон создавањето услови за одржување

слободни избори: „Цениме дека е можно, наспроти краткиот временски рок, да се создадат услови за слободни избори, но само ако има политичка волја од одговорните носители на одлуки. Воедно, пресудно ќе биде учеството на сите граѓанки и граѓани во овој процес. Ги повикуваме сите, секој поединец, да ѝ помогне на Република Македонија да спроведе квалитетни, фер и демократски слободни избори. Секој треба да се активира и да придонесе. Секоја неправилност и коруптивно однесување, секој и најмал притисок и злоупотреба, секој вид насилство треба да се пријави. На тој начин секој од нас добива можност да придонесе кон подобрување на состојбите во нашата земја" .



Скопје, декември 2015: Денови на правото на глас, ГОНГ и ЦИВИЛ

По овој повод и со цел одбележување на Меѓународниот ден на човековите права, ЦИВИЛ објави анализа во која е даден осврт на изминатата година, манипулациите со гласачкото право и прекршувањата на човековите права и слободи. Анализата е со наслов „Македонија: Страв и надеж".

Во рамките на проектот „Слободни избори за слободни граѓан(к)и", се одржа и јавниот настан на тема: „Финансирањето на политичките партии и изборни кампањи" со експертскиот тим од Хрватска, Александра Јозиќ Илековиќ од Центарот за одличност при хрватското Министерство за надворешни работи, и Драган Зелиќ од ГОНГ. На средбата беа поканети претставници од сите политичките партии, организациите на граѓанското општество, активисти, медиуми и заинтересирани граѓанки и граѓани.

# Директен контакт со граѓанките и граѓаните

Во четири градови (Штип, Битола, Гевгелија и Куманово) што се опфатени со проектот „Слободни избори за слободни граѓан(к)и", ЦИВИЛ одржа јавни настани, кои преку форматот на уличен медиум, беа дистрибуирани информативни материјали за изборите, а граѓанките и граѓаните имаа можност да се информираат за своите права како гласачи, за потребата од одржување слободни, фер и демократски избори, како и за улогата на сите во тој процес.

Во Охрид, поради големиот интерес и одѕив на претходните работни средби, се одржа голем јавен настан.

На јавниот настан под мотото „Сите за слободни избори" во Штип, тимот на ЦИВИЛ деведесетина минути разговараше со штипјани за сето она што ги мачи во поглед на човековите права, особено во изборен контекст. Со многу музика и прилози од аудиопродукцијата на ЦИВИЛ Медиа, џинглови за слободни избори и права на гласачите, тимот на ЦИВИЛ подели неколку стотици флаери и разновиден информативен материјал за претстојните избори и разговараше

со сите заинтересирани штипјани, кои изразија желба за тоа. И покрај снегот и студеното време, настанот се одржа во духот на максимата на ЦИВИЛ – дека сите временски услови се погодни за активизам. Во изјавите за штипските медиуми, претставниците на ЦИВИЛ уште еднаш упатија повик до граѓанките и граѓаните да се приклучат кон напорите за обезбедување слободни избори, но и кон институциите и политичките партии за итна департизација на институциите, прочистување на Избирачкиот список и за ослободување на медиумите и на јавниот збор во Македонија.



Охрид, 30 јануари 2016.

Над 600 граѓанки и граѓани на Битола присуствуваа на јавниот настан „Сите за слободни избори“. Настанот беше организиран со поддршка од здружението „За нас се работи“. Воедно, се спроведе и фотопетиција во која зедоа учество педесетина посетители, а учесниците ги проследија аудио и видеоматеријалите на ЦИВИЛ, кои ја илустрираат реалноста во Република Македонија. „Ова го нема на вестите на националните ТВ-станици!“ – гласи предизвикувачкиот тизер на ЦИВИЛ за овој настан, кој битолските медиуми го најавија неколку дена претходно како „вести на отворено“.

Претставниците на ЦИВИЛ и „За нас се работи“ одржаа и прес-конференција за битолските медиуми, кои се одѕваа на поканата на организаторите на настанот, и заеднички се заблагодарија за големата поддршка од граѓанките и граѓаните на Битола и од целата земја.

Над 600 граѓанки и граѓани на Куманово присуствуваа на јавниот настан „Сите за слободни избори“. На настанот беа поделени примероци од печатениот материјал што се однесува на гласачкото право и на јавните барања да се обезбедат минимум услови за слободни избори. Се спроведе и фотопетиција, а учесниците ги проследија аудио и видеоматеријалите на ЦИВИЛ, кои ја илустрираат реалноста во Република Македонија. Претставниците на ЦИВИЛ одржаа и прес-конференција за кумановските медиуми.

Со музика, џинглови, видеоспотови, фотопетиција Сите за #СлободниИзбори, флаери за правата на гласачите и разговори со граѓанките и граѓаните на Гевгелија, се одржа јавниот настан во овој град. Јакнење на јавната свест за гласачките права и придонес кон создавање услови за слободни избори во Македонија, го одбележаа јавниот настан.

Јавниот настан „Сите за слободни избори“ во Охрид, го отвори Ангел Јанев, заменик на охридскиот градоначалник. Тој изрази поддршка на барањата за слободни избори, ја поздрави работата на ЦИВИЛ и изнесе обвинувања на сметка на опозицијата дека бега од избори. Се водеше дебата за политичката криза и за условите за одржување избори во Република Македонија. Иако на моменти жестока и антагонизирана, со видливо присуство на носители на функции во локалната власт во Охрид што зедоа учество во дискусијата со обвинувања до ЦИВИЛ, дебатата сепак, протече главно во демократски дух.

Јавните настани во Штип, Битола, Куманово, Гевгелија и Охрид се одржаа во периодот од декември 2015 до февруари 2016 г.

## ИЗВЕШТАЈ [2]

# ГРАЃАНСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА АКТИВНИ И ОДГОВОРНИ ГРАЃАНКИ И ГРАЃАНИ

**Известува: Дехран МУРАТОВ**

# Семинари за слободни избори

Во рамките на проектот „Слободни избори за слободни граѓан(к)и“, претставниците на ЦИВИЛ Центар за слобода одржаа шест семинари за слободни избори во Скопје, Куманово, Битола, Охрид, Штип и Гевгелија.

На семинарите учествуваа членови и поддржувачи на ЦИВИЛ, локални граѓански организации, иницијативи, како и заинтересирани граѓанки и граѓани, кои аплицираа за учество на семинарите. На семинарите присуствуваа 155 учесници, од кои во Битола 38, во Охрид 21, во Штип 23, Куманово 30 и во Гевгелија 19 лица и во Скопје 24. Како и секогаш, ЦИВИЛ се погрижи за родовиот баланс и етничкиот диверзитет на семинарите.

Учесниците на семинарите се запознаа со сите аспекти на работата на ЦИВИЛ поврзана со изборите, гласачкото право и човековите права и слободи воопшто. Притоа, започна процес на формирање мрежа на активни граѓани што придонесуваат за набљудувањето на процесите и настаните релевантни за проектот, како и формирање широка мрежа за поддршка на процесите што треба да водат кон слободни избори.

Семинарите опфаќаа теоретски и емпириски аспекти на изборните процеси, изборни системи и системски недостатоци, политичка кампања и улогата на медиумите, мониторинг, известување и едукација за изборните процеси, гласачкото право и човековите права и слободи воопшто, како и практични насоки за мониторинг на изборните процеси.

Најголемиот дел од учесниците на семинарот останаа активни и повремено доставуваа информации за состојбите на теренот, а воедно беа и едукатори и ги распространуваа информациите и знаењата во своите средини.

На семинарите ЦИВИЛ формираше и регионални работни групи за слободни избори на кои беа поканети претставници на политичките партии, општините, граѓанските организации, медиумите, локалните институции, бизнис-заедницата, лидерите во заедниците и други заинтересирани граѓанки и граѓани.

На семинарите гостуваа видни експерти од Македонија, но и од Република Хрватска (Центар за одличност при хрватското МНР и ГОНГ, организација надалеку позната по своето искуство и експертиза во изборното набљудување и изборните системи).



Семинар за обука во Битола, 3 октомври 2015.

**Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани**

1. Направи селфи за слободни избори
2. Петиција за слободни избори
3. Јавен настан во Битола
4. Прес конференција во Скопје
5. Јавен настан во Штип


1



2



3


4



6

# Инфо-штандови и слободни зони на ЦИВИЛ

ЦИВИЛ – Центар за слобода за проектот „Слободни избори за слободни граѓан(к)и" организираше над 60 инфо-штандови низ целата земја, од кои 19 беа поставени на неколку различни локации во Скопје. Преку оваа активност, тимовите на ЦИВИЛ стапија во непосреден контакт со речиси 20.000 граѓанки и граѓани.

Инфо-штандовите беа наменети за непосредно запознавање со активностите на организацијата, за дистрибуција на едукативни материјали за гласачкото право и за човековите права и слободи воопшто, како и за барањата и предлозите на ЦИВИЛ за реформи во изборниот систем и мерките што треба да се преземат за надминување на политичката криза и обезбедување услови за одржување слободни избори.

Првиот инфо-штанд во рамките на овој проект беше поставен на 17 септември 2015 година во центарот на Скопје.

На инфо-штандовите претставниците и активистите на ЦИВИЛ делеа печатен материјал на македонски и на албански јазик, а во помал обем и на ромски, турски, влашки и српски јазик. Посетителите беа информирани дека сите материјали, но и многу други релевантни содржини се достапни на www.civil.org.mk.

На инфо-штандовите на ЦИВИЛ се организираше и фотопетиција со порака „Јас сум за слободни избори". Заинтересираните граѓанки и граѓани имаа можност да ја искажат својата поддршка и барање за слободни избори. Многумина од нив, преку комуникацијата со тимовите на организацијата, упатија недвосмислено барање до политичките елити да го слушнат нивниот глас и да придонесат за максимално почитување на нивното гласачко право. Неколку стотици граѓанки и

граѓани се фотографираа со порака за слободни избори. Голем дел од нив можат да се најдат на фејсбук-страницата на ЦИВИЛ (www.facebook.com/civil.mk).

Освен тоа, на инфо-штандовите можеше да се потпише и Изјава за поддршка на ЦИВИЛ, но некои тоа го правеа по електронски пат, откако се информираа како да ѝ пристапат и да ја пополнат пријавата. Со пополнување на таа пријава, тие добиваат можност да се најдат на мејлинг-листите на ЦИВИЛ и да станат дел од поширокота мрежа на соработници и граѓански набљудувачи на ЦИВИЛ.



Слободни избори за сите, тимот на ЦИВИЛ на инфо-штанд во Скопје

Исто така, граѓан(к)ите се информираа дека можат да пријават нерегуларности, кршење на гласачкото право и други видови загрозување на човековите права и слободи во изборен контекст на веб-страницата www.slobodniizbori.info. Инфо-штандовите беа одлична можност, особено за лицата што немаат интернет-вештини, да поднесат пријави и лично, во комуникација со претставниците на мониторинг-тимовите и активистите на ЦИВИЛ. Тие имаа можност и да подигнат копии од печатени формулари за пријава и да ги испратат по пошта.

На 29 декември 2015 г. ЦИВИЛ симболично ги прогласи инфо-штандовите и седиштето на организацијата за „Слободна зона" со што уште еднаш се потенцира дека тоа се места каде што граѓанките и граѓаните можат слободно да се изразат, но и да упатат барање за слободни избори и да се активираат во напорите за обезбедување услови за одржување слободни избори во земјата. За ЦИВИЛ е значајно сите заинтересирани да се чувствуваат поканети да дојдат во ЦИВИЛ во секое време, да споделат информации, да се едуцираат и да се активираат.

## ИЗВЕШТАЈ [3]

# ФОКУС-ГРУПИ: ШИРОКО РАСПРОСТРАНЕТА КОРУПЦИЈА

**Известува: Биљана ЈОРДАНОВСКА**

Истражувањето е важна компонента на проектот Слободни избори за слободни граѓан(к)и. Една од формите за квалитативно истражување што ја применува ЦИВИЛ се фокус-групите.

Фокус-групите што се спроведуваа во овој проект овозможија увид во перцепциите, ставовите и чувствата на претставниците на различни заедници, односно категории граѓанки и граѓани за феномените поврзани со социополитичките процеси и настани во изборен контекст, за нивото на познавање на гласачкото право, состојбата на човековите права и слободи воопшто, како и за спроведување на претходните изборни процеси.

Резултатите од овие фокус-групи не се разликуваат од наодите на ЦИВИЛ во текот на спроведувањето на мониторингот и различни форми на истражување, онлајн или на терен. Речиси една година по спроведувањето на фокус-групите, наодите од ова истражување изненадуваат со својата точност и актуелност.

Фокус-групите беа спроведени во Куманово, Битола, Охрид, Гевгелија и Штип во јули 2015 година, во првата фаза од проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани“. Вкупниот број учесници во фокус-групите изнесуваше 40. Според нивниот состав, учествуваа 21 маж и 19 жени, на возраст од 18 до над 65 години. Учесниците во фокус-групите одговараа на 10 прашања.

Резултатите покажаа дека учесниците во фокус-групите за одредени прашања се согласуваа во голема мера, независно од местото на живеење, возраста, етничката, политичката, родовата или друга припадност. Сепак, за прашањата што се однесуваа директно на политичките процеси и настани, учесниците или беа отворени, остри и критички настроени или беа кратки во одговорите, исплашени и конфузни. Истражувањето покажа дека генералниот став на учесниците го рефлектира стравот од очекуваните промени, но и негативното расположение и сомневањето дека нешто ќе се промени на подобро.

## 1. ПРЕТХОДНИ ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ

на прашањето дали гласањето на избори е израз на слободната волја на граѓаните, од вкупно 40 учесници во фокус-групите, 25 одговорија дека, за жал, во македонија правото на слободно и тајно гласање им е одземено на граѓаните, 13 од учесниците, тргнувајќи, пред сè, од сопствено искуство, беа согласни дека гласањето на избори е израз на нивната слободна волја, а двајца од учесниците не можеа да Дадат одговор. Според искуството на дел од испитаниците, ваквото прашање ги доведува во ситуација да го преиспитаат моментот на гласање за време на изборниот ден, дали некој ги набљудувал, ги следел додека гласале, дали биле на нечиј список, додека тие мислеле дека го оствариле своето гласачко

право слободно и во тајност.

Сепак, кога станува збор за реализирањето на изборните процеси, учесниците имаа појасна слика за тоа како се спроведуваат изборите во Македонија и со какви предизвици се соочуваат граѓанките и граѓаните.

Кога ги прашавме дали во Македонија се спроведуваат слободни и фер избори, дури 37 од учесниците, анализирајќи ги изборните процеси во последните десет години, одлучно одговорија дека не можеме да зборуваме за слободни и фер избори, кога секој од изборните циклуси поминува со голем број нерегуларности. Еве дел од тие одговори:

„Изборите во Македонија не се фер и демократски, пред сѐ, поради нискиот стандард што го имаме ние и големата економска зависност на луѓето од партиите".

„Пропаганда, поткуп, закани, уцени, тоа е сѐ што можам да кажам за неколкуте последни изборни процеси зад нас".

„Како може да има слободни избори кога ти се закануваат дека ако не гласаш, ќе те избркаат од работа или ти нудат да те вработат ако гласаш за нив, ако не си вработен?!"

„Ниту се слободни ниту се фер, со оглед на тоа какви се предизборните кампањи, денот на избори е само формалност, каде што и тогаш вршат притисоци врз оние на кои не успеале да им извршат притисок за време на предизборната кампања".

За преостанатите тројца учесници, од вкупно 40, изборните процеси во Македонија се демократски и фер. Нивните одговори беа кратки и не сакаа да го образложат својот став за ова прашање.

Во периодот на спроведувањето на фокус-групите, политичката криза во Македонија се продлабочуваше, а меѓународната заедница влезе како посредник во спроведувањето на препораките од Извештајот на Прибе продлабочуваше, а меѓународната заедница влезе како посредник во спроведувањето на препораките од Извештајот на Прибе.

## 2. РЕФОРМИ ВО ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ

Актуелна тема беа реформите во изборниот систем, а според препораките на ЦИВИЛ, една од промените беше Македонија да биде една изборна единица и да се воведат отворени листи. Затоа, изборните реформи беа дел од прашањата и темите на фокус-групите на ЦИВИЛ.

На прашањето дали Македонија треба да биде една изборна единица, од вкупно 40 учесници, 22 одговорија потврдно, сметајќи дека така помалите политички партии ќе имаат можност да излезат од сенката на четирите политички партии, потписнички на Договорот од Пржино. Својот став го поткрепија и со уверувањето дека на тој начин ќе се подобри политичката состојба во земјата, која ќе го негува лидерството наспроти владетелството.

Другите учесници, 18, не беа сигурни дали воопшто го разбираат концептот на една изборна единица и како тоа ќе влијае врз подобрувањето на политичката состојба во Македонија. Од нив, 15 сметаат дека граѓаните не се доволно запознаени со Изборниот законик и со изборните модели за да можат да проценат што е добро, а што лошо во вакви ситуации.

## 3. АГРЕСИВНА ПРОПАГАНДА, ПОЛИТИЧКА КОРУПЦИЈА И ПРИТИСОЦИ

Договорот за надминување на политичката криза што го потпишаа лидерите на четирите најголеми партии во Пржино не ја спречи владејачката структура да продолжи со континуирана предизборна кампања.

Од 2006 година па наваму, Македонија помина низ 8 изборни циклуси. Тоа што ги обележа честите изборни циклуси беа притисокот, уцените и заканите врз гласачкото тело, дискриминацијата врз основа на политичката определба, злоупотреба на јавните ресурси и целосна контрола и партизација на јавната администрација.

На прашањето дали претставник или активист на политичка партија им ветил

работно место или друга бенефиција, лично ним или на некој што го познаваат, доколку гласаат или направат список со сигурни гласачи за таа партија, од вкупно 40 учесници во фокус-групите, 35 лично никогаш не се сочиле со ваков притисок. Од вкупно 35 учесници што немале лично искуство, 24 учесници сведочеле или слушнале од блиски пријатели или роднини дека имаат обврска да направат списоци на сигурни гласачи или да гласаат за одредена партија.

Цената што треба да се плати доколку не се согласат или не ја исполнат „задачата", како што велат учесниците, секогаш е или отпуштање од работа, лично или на член од семејството. „Наградата" е вработување, унапредување или зголемување на платата. Само 5 учесници во фокус-групите имале лично искуство.

Еден учесник одбил да биде дел, како што вели, од „машинеријата на власта" наспроти сите ветувања за вработување, а друг учесник во неколку наврати правел списоци на сигурни гласачи, но никогаш не му биле исполнети ветувањата. И покрај свеста за манипулирањето, сепак, се надевал дека барем нешто ќе исполнат од ветувањата. По извесно време престанал да им верува и да работи како партиски послушник.

## 4. ЗЛОУПОТРЕБА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ

Во фокус-групите учествуваа 19 невработени лица. Имајќи предвид дека степенот на сиромаштија во Македонија изнесува 28,6 %, од кои 46 % од населението се невработени и сиромашни, а високи 82,5 % од вкупниот број невработени се долгорочно невработени, според истражувањата што ги спроведе ЦИВИЛ во рамките на проектот „Социјална правда сега!", може да се заклучи дека најголемиот притисок и политичка манипулација се спроведува врз социјално ранливите категории.

Затоа, едно од прашањата за испитаниците во фокус-групите беше дали сиромашните и другите ранливи категории во општеството се уценети или се злоупотребуваат на други начини со цел да се принудат да гласаат за партиите

на власт. Дури 39 од учесниците беа едногласни дека сиромашните и другите социјално ранливи категории се најлесни за манипулирање и поткуп и дека се под постојан притисок и закани во континуираната изборна кампања. Ви пренесуваме дел од одговорите на оваа тема:

„Апсолутно сум сигурен дека врз сиромашните се врши најголем притисок да мислат и да дејствуваат спротивно од своето убедување".

„Владејачките партии ја уништија средната класа".

„Социјално ранливите категории се најзависни од власта, пред сè, ромското население, но и студентите – за стипендии, за сместување во студентски домови, понатаму пензионерите и многу други".

„Луѓето се толку осиромашени што се доведени во ситуација да бидат купени со вреќа брашно и зејтин, колку и да се свесни и колку да им ја навредуваат интелигенцијата, но немаат каде!"

„Власта имаше доволно време да развие механизми за манипулирање со народот".

Единствениот учесник во фокус-групите што сметаше дека партијата на власт не ги уценува ниту ги злоупотребува како гласачко тело сиромашните и другите ранливи категории, со една реченица го аргументираше својот став:

„Не, затоа што сите имаат исти права".

## 5. ЗЛОУПОТРЕБА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ЗА ПАРТИСКИ ЦЕЛИ

На прашањето дали администрацијата се злоупотребува за партиски цели, од вкупниот број испитаници, само 1 учесник смета дека администрацијата си работи професионално и дека нема никаква причина да биде злоупотребувана за нечии политички или партиски цели.

Другите 39 учесници се убедени дека најлесно партиско манипулирање и злоупотреба, особено во предизборниот период, се врши врз администрацијата.

Меѓу учесниците во фокус-групите, четворица се вработени во администрацијата и посведочија со лични искуства за злоупотребите на вработените во администрацијата. Како илустрација на овие состојби може да послужи одговорот на еден од учесниците за своето искуство и сведочење за вработување во едно училиште:

„Илјада евра платив за вработување во државен музички центар, за директорката на училиштето, преку посредник, нејзиниот маж. Тоа беше цената за вработување во училиштето. Тоа е само првата работа. Понатаму, кога ќе се вработиш, почнуваш да плаќаш членарина за партијата, која се собира во кеш, а истото важи за сите вработени во училиштето, од 600 до 1400 денари, зависно од стажот и позицијата. Цената за оние со подолг стаж е пониска, а ако имаш помал стаж, плаќаш 1500 денари за партијата. Освен тоа, добиваш и список на задачи, упатство да одиш на сите митинзи и низа други задолженија".

На 24 декември 2012 година опозицијата беше насилно отстранета со припадници на специјалните полициски сили од Собранието на Република Македонија, во моментот кога требаше да се изгласа буџетот за 2013 година. Со силно полициско обезбедување, на насилен начин, беа исфрлени и пратениците и новинарите, а со тоа се суспендира демократијата. Од тој преломен момент за македонската демократија, според сите извештаи и анализи на ЦИВИЛ, нема никаква разврска и одговорност за кршењето на човековите права и слободи и структурното насилство, а до моментот на одржување на фокус-групите, Собранието сè уште беше во лоша состојба, каде што се носеа стотици закони и измени на законите по брза постапка и во зависност од желбите и потребите на партијата на власт, без јавна дебата и без опозиција.

Затоа, едно од прашањата за учесниците во фокус-групите на ЦИВИЛ беше дали Владата ги контролира пратениците во Собранието на Република Македонија. Дури 36 учесници беа сигурни дека Собранието е строго контролирано од Владата. Пренесуваме дел од ставовите на учесниците во фокус-групите:

„Кај нас Уставот едно гарантира, законодавната власт друго имплементира.

Сосема спротивно на Уставот, пратениците во Собранието се контролирани".

„И Собранието и Владата се контролирани".

„Ние имаме само една машинерија на дигање рака".

„Носењето закони во нашата држава е исто како менувањето чорапи – секојдневно, од утро до вечер".

„Собранието не ги отсликува потребите на граѓаните, туку на одредени бизниси што ги водат главните фаци. Сè е сведено на елитизам. Има две фаци во оваа држава, значи, тоа се премиерот и лидерот на опозицијата".

Другите учесници што одговорија дека пратениците во Собранието не може да се контролираат од Владата, образложија, кратко, дека дури и да постои желба за контрола, пратениците ги претставуваат граѓаните, а не Владата.

## 6. КАМПАЊА

На прашањето дали власта продолжува со кампања во медиумите, и покрај мораториумот на комерцијални кампањи на Владата, 38 од учесниците одговорија потврдно.

Само двајца сметаа дека интензивна медиумска кампања има не само власта туку и сите други политички субјекти, во време на предизборниот период.

## 7. ОСТАВКА НА НИКОЛА ГРУЕВСКИ

Еден од условите во Договорот од Пржино беше и оставката на премиерот. Со објавувањето на „бомбите" на опозицијата уште повеќе се засили барањето за конечно разрешување на Никола Груевски од позицијата премиер. На 15 јануари 2016 година Никола Груевски ја поднесе својата оставка до претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски. Со неговото заминување од премиерското место, прашање беше дали ќе се повлече од политичката сцена и дали ќе има правна

разрешница за обвиненијата за злоупотреби, корупција и изборна кражба.

Оттаму, со оглед на неизвесноста што преовладуваше во периодот на спроведувањето на фокус-групите, двете последни прашања беа поврзани токму со оставката на Груевски, како еден чекор напред во надминување на политичката криза.

Од вкупно 40 учесници во фокус-групите, 32 одговорија дека барањето на опозицијата за оставка на премиерот Груевски е оправдано. Помал дел од испитаниците не се согласуваа дека ова е начинот преку кој треба да се надмине политичката криза. Според нив, премиерот е легитимно избран на избори и дека ако некому не му се допаѓа неговата работа, треба да го изрази своето мислење преку гласање на избори.

На последното прашање дали веруваат дека со оставката на премиерот Никола Груевски ќе се промени начинот на владеење во Република Македонија, учесниците навлегоа во подетално анализирање зошто смената на премиерот нема многу да влијае во правец на промени и демократизација на земјата и надминување на политичката криза. Сите се согласуваа со фактот дека доколку дојде до промени, тие ќе бидат незначителни во однос на сите реформи во политичкиот систем што треба итно да се спроведат за враќање на демократијата во Македонија.

Ви пренесуваме дел од одговорите на учесниците во фокус-групите:

„Со оставката на премиерот ќе се променат многу работи. Но ако остане истата партија на власт, нема да се промени ништо, затоа што тој повторно ќе диригира од сенка и сè ќе биде под негово влијание. Значи, само со фер избори и со промена на власта може да се промени водењето на Република Македонија".

„Дури и да дојде до промена на власта и да се смени Никола Груевски, сметам дека тој ќе владее од сенка. Единствен спас е тој да исчезне или да заврши во некој затвор".

„Треба да се смени цела постава, а не само Никола Груевски. Само со неговата оставка, можеби ќе има некои подобрувања, но не верувам, затоа што сите се поврзани".

„Оставката на Никола е првиот чекор на промена, а понатаму треба да се оди подлабоко. Девет години уништуваат, а ќе треба 15 години да поправаме. Луѓето ги заборавија своите права и повторно ќе треба да се едуцираат за тоа прашање. Го заборавија своето достоинство бидејќи тоа им беше уништено. Да, ќе има промени, но многу тешко ќе се одвиваат".

„Мислам дека нема ништо да се промени. Поради тоа што секој си гледа за своја корист, а никој за државата".

ЦИВИЛ продолжи со истражувачките активности до самиот крај на проектот, постојано следејќи го пулсот на настаните. Сите свои наоди ЦИВИЛ ги објавува на своите онлајн-канали, но и на јавните настани на кои ги презентира извештаите и анализите.

# МЕРЕЊЕ НА ПУЛСОТ НА ЈАВНОСТА

**Известува: Биљана ЈОРДАНОВСКА**

Истражувачката компонента на проектот Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани вклучи и шест онлајн-анкети што во континуитет го следеа развојот на политичкиот процес, поставувајќи актуелни прашања во периодот на нивното спроведување.

Преку анкетите дојдовме до податоци за ставовите, сознанијата и познавањата на изборните процеси, изборниот модел, изборните нерегуларности, притисоци, манипулации, закани и уцени, како и за улогата на ДИК, СЈО, Договорот од Пржино и на социјалните движења.

Анкетите не претендираа да бидат релевантни показатели на ставот на пошироката јавност, бидејќи ѝ се обраќаа на интернет-публиката, но овозможија увид во расположението на јавноста во целост. Одговорите на онлајн-прашањата поставени во анкетите се многу битни, особено поради отсуството на општествена дебата на темите што се обработуваат.

Како дел од пошироката палета истражувачки активности и мониторинг, овие анкети, секако, се значаен придонес за проектот и пошироко.

Во шесте спроведени онлајн-анкети учествуваа вкупно 4.472 испитаници во период од октомври 2015 до април 2016 г.

Во првото онлајн-истражување преку кое дојдовме до квантитативни податоци, до ставовите и сознанијата на испитаниците за изборните процеси, изборниот модел, нерегуларностите и притисоците со кои се соочуваат тие, 92,4 % од испитаниците сметаат дека во Република Македонија не се спроведуваат слободни и фер избори, а дури 95,1 % од нив сметаат дека сиромашните и другите ранливи категории во општеството се уценети и се злоупотребуваат на друг начин со цел да се принудат да гласаат за партиите на власт.

Според резултатите од оваа анкета, 92,4 % од испитаниците сметаат дека пратениците во Собранието на Република Македонија се контролирани од Владата. Исто така, огромни 96,7 % сметаат дека и медиумите се под контрола на власта. Меѓутоа, 70 % од испитаниците не се плашат да ја критикуваат власта.

Во втората онлајн-анкета се поставија прашања што се однесуваат на тековните политички процеси во земјата, на улогата и одговорностите на главните учесници во политичките преговори за надминување на политичката криза, како и на прашања што директно се однесуваат на вонредните избори закажани за април 2016 година.

Онлајн-анкетата траеше до 9 ноември, пред да се назначат новите министри и заменици-министри од редовите на опозицијата во македонската Влада, според условите од Договорот од Пржино.

Во тој контекст, на прашањето што се однесува до преговорите, 60 % од испитаниците ја препознаваат меѓународната заедница како клучен фактор во надминувањето на политичката криза во земјата, додека кочењето и неспроведувањето на Договорот за нејзиното надминување ѝ го припишуваат на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ со дури 84,25 %.

Го поставивме и прашањето дали истовремено со предвремените парламентарни избори треба да се одржат и предвремени претседателски избори, што е дел и од јавните заложби на ЦИВИЛ од самиот почеток на политичкиот процес во земјата. Потврдно на ова прашање одговорија 70,38% од испитаниците, што е во прилог и на јавните барања на ЦИВИЛ.

Наспроти притисоците да се забранат политичките „бомби“ на опозицијата, 85,69 % од испитаниците сметаат дека таа треба да продолжи со објавување на прислушуваните разговори што сведочат за злоупотребите и криминалите на власта.

Повеќе од 80 % од граѓанките и граѓаните што учествуваа во третата онлајн-анкета „Договорот од Пржино и изборите“ на ЦИВИЛ – Центар за слобода, сметаа дека власта го опструира исполнувањето на Договорот од Пржино, а речиси сите анкетирани (89 %!) одговориле дека институциите и администрацијата се злоупотребуваат за партиски цели.

Во периодот кога се подготвуваа прашањата, и анкетата беше во тек, сè уште 24 април беше термин предвиден за изборите.

На прашањето – Дали се создадени услови за одржување слободни и фер избори на 24 април? – дури 86 % анкетирани одговорија дека условите не се исполнети. Истиот процент на испитаници одговорија позитивно на прашањето – Дали сметате дека изборите треба да се одложат и да се одржат откако ќе се прочисти Избирачкиот список и ќе се спроведат реформи во медиумите?

На онлајн-анкетата „ДИК и Избирачкиот список“, што ја спроведе ЦИВИЛ – Центар за слобода во периодот од 23 март до 31 март, со актуелен датум за избори

5 јуни, на првото прашање „Дали сметате дека Избирачкиот список е регуларен?" – 91,53 % од анкетираните граѓанки и граѓани сметаат дека Избирачкиот список не е регуларен. Сепак, 86,30 % од нив веруваат дека објавувањето на Избирачкиот список на јавен увид беше позитивен чекор на ДИК.

На прашањето „Дали и сами сте увиделе неправилности во Избирачкиот список", 75,65 % од анкетираните одговориле позитивно, а дури 91,75 % од испитаниците одговориле негативно на прашањето што се однесува на одлуката на ДИК за повлекување на апликацијата за пријавување нерегуларности во Избирачкиот список.

Може да се заклучи дека оттаму произлегува сомневањето на 76,90 % од анкетираните за можноста Избирачкиот список да биде прочистен за одржување веродостојни избори на 5 јуни.

75,91 % од анкетираните го оправдуваа бојкотот на изборите во онлајн-анкетата „Дали и какви избори ќе има на 5 јуни?", преку која ЦИВИЛ – Центар за слобода го детектираше мислењето на граѓанките и граѓаните за определбата на повеќето опозициски партии да ги бојкотираат изборите на 5 јуни.

Дури 86,64 % од анкетираните веруваа дека изборите на 5 јуни нема да овозможат излез од политичката криза во која се наоѓа Македонија.

Иако предуслов за слободни избори, според Договорот од Пржино е прочистен Избирачки список, 85,43 % од анкетираните беа уверени дека Избирачкиот список ќе остане непрочистен за изборите на 5 јуни.

Дури 90,28 % од испитаниците се сигурни дека и овие избори ќе поминат со злоупотреба на државните ресурси за кампања, а 90,18% сметаат дека целиот изборен процес ќе биде поврзан и со притисоци врз вработените во јавната администрација.

На првото прашање од онлајн-анкетата „Протести во Македонија – решение или продлабочување на кризата" на ЦИВИЛ – Центар за слобода, 83,40 % одговориле

дека целосно ги поддржуваат протестите, а 9,31 % од анкетираните одговориле дека воопшто не ја поддржуваат „Шарената револуција".

Барањата на демонстрантите на „Шарената револуција" ги знаат 85,70 %, а ги поддржуваат 83,27 % од анкетираните. Ефектот на шаренилото демонстрантите го постигнаа со гаѓање со боја и јајца по скулптурите од проектот „Скопје 2014". Дури 75,57 % ја оправдуваат ваквата акција на демонстрантите, а 16,87 % не се согласуваат со ваквиот начин на изразување револт.

Собирите или контрапротестите на ГДОМ целосно не ги поддржуваат 82,59 % од вкупниот број испитаници, сепак, 53,17 % од нив се запознаени со нивните барања, и високи 87,31 % не ги поддржуваат нивните барања за привремена забрана на партиите и невладините организации што ја поддржуваат „Шарената револуција".

**Дали изборите се слободни и демократски?**

ДА: 3.7%
НЕ: 92.96
НЕ ЗНАМ: 3.35%



# ИЗВЕШТАЈ [4]

# ИНТЕРВЈУА СО „НЕВИДЛИВИТЕ"

**Известува: Марија ТЕГОВСКА**

ЦИВИЛ објави над 60 видеоинтервјуа и над 150 видеоизјави од експерти, политичари, функционери, активисти, лидери на организации на граѓанското општество, дипломати и низа други релевантни личности. На овој начин, ЦИВИЛ ја продолжи практиката да биде отворен подиум за ставови и анализи на личности релевантни за општествено-политичките процеси во изборен контекст. Работата на Редакцијата ЦИВИЛ Медиа придонесе кон, како што тоа го нарекуваме во дел од нашите изјави за јавноста - разбивање на медиумскиот мрак.

Низа релевантни познавачи на состојбите, значајни настани и личности, останувaат во длабоката сенка на медиумската контрола, невидливи за јавноста. Затоа, ние во ЦИВИЛ, одлучивме да им дадеме простор на „невидливите".

## Интервјуа со експерти и претставници на граѓанското општество

Во сегментот на истражувањата при проектот Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани, тимот на ЦИВИЛ Медиа направи серија интервјуа со истакнати интелектуалци, јавни личности, експерти и аналитичари, како и претставници на граѓанското општество на кои им беа поставени идентични прашања поврзани со горливите прашања за изборниот процес и политичката криза во Република Македонија.

Така, во декември 2015 година ЦИВИЛ Медиа разговараше со економскиот аналитичар Џевдет Хајредини, со д-р Малинка Ристевска-Јорданова, директорка на Институтот за европска политика (ЕПИ), со активистот Бојан Маричиќ, извршен директор на Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО), со Елида Зилбеари, главен уредник на „Порталб" на албански јазик, со Ида Протуѓер, новинарка и економска аналитичарка и со Никола Рилковски, тогашен претседател на Државната изборна комисија во заминување.

На сите соговорници им беа поставени исти прашања што се однесуваа на развојот на преговорите за надминување на политичката криза, на опструкциите и прекршувањата на Договорот од Пржино и на можностите за создавање вистински услови за слободни избори во април 2016 година.

Џевдет Хајредини предвидува дека ако не дојде до остварување на преземените обврски, Македонија ќе влезе во многу подраматична фаза од политичката криза. Тој, меѓу другото, оцени: „Можно е Груевски да не замине од власта по мирен пат. Бидејќи се знае дека неговата алтернатива е – или на власт или осуден на долгогодишна робија".

Д-р Малинка Ристевска-Јорданова смета дека Владата има структурна предност, стекната со веќе десетгодишното владеење и дека за политичките конкуренти тешко ќе може да се обезбедат ни блиску до идеалните услови за слободни избори.

Бојан Маричиќ нагласува дека трите точки околу кои ќе се кршат копјата и натаму се Специјалното јавно обвинителство, медиумскиот пакет закони и парламентарната контрола на тајните служби. Тој истакна дека е клучно учеството и на граѓанските организации во спроведувањето на изборите.

Елида Зилбеари не верува во тоа дека ќе се создадат вистински услови за одржување слободни избори. „Изборите ќе се спроведат на 'ефикасен начин', според барањето на ЕУ, значи, 'без насилство', но тоа не значи дека навистина ќе бидат слободни и демократски".

Ида Протуѓер  беше децидна дека изборите никако не смеат да се одржат на 24 април 2016 година, бидејќи не е исполнет ниту еден предуслов за тие да бидат фер и демократски. Таа смета дека ако изборите се одржат на 24 април, Груевски ќе ги добие со помош на „армија корумпирани поддржувачи, со помош на пропагандата и манипулацијата што ја прави и преку корупцијата со нашите пари".

Никола Рилковски изрази загриженост дека пролонгирањето на договореното во Пржино ќе има негативни импликации. „Процесот за имплементација на Договорот од Пржино во оваа фаза минува низ една сложена фаза, се одолжува сѐ што е договорено".

ЦИВИЛ беше секогаш отворен за објавување интервјуа со претставници на различни засегнати страни, носители на одлуки, политички партии, експерти и фактори во граѓанското општество. Пристапот на ЦИВИЛ да го претстави тоа во видеоформат е обид да се пренесат пораките и информациите на автентичен начин. Често се правеа и танскрипти од разговорите или нивни кратки содржини, кои потоа се преведуваа и на албански и на англиски јазик. Тоа ги направи веб-страниците на ЦИВИЛ, пред сѐ, www.civil.org.mk, динамичен и атрактивен онлајн-ресурс.

## Интервјуа со министри од Владата

ЦИВИЛ воведе новитет во комуникацијата и со Владата. Со цел да придонесе кон што е можно повеќе транспарентност во процесите, а воедно да биде и во директна комуникација со Владата на теми што се релевантни за изборниот процес и напорите за надминување на политичката криза во целина, професионалната новинарска екипа на ЦИВИЛ Медиа направи серија важни интервјуа со неколку министри во Владата. Целта беше да се подвлече паралела меѓу министрите од редовите на опозициската СДСМ, кои беа назначени во согласност со Договорот за надминување на политичката криза, и министрите од редовниот состав на Владата, назначени од владејачките партии. Планот беше да се направат по две интервјуа пред изборите, а едно интервју по одржувањето на изборите.

ЦИВИЛ Медиа, во периодот ноември 2015 – февруари 2016 им се обрати на повеќе министри во Владата. Планот беше да се направат по три интервјуа со секој од министрите, во трите месеци пред изборите, и по едно интервју по завршувањето на изборниот процес. Целта на серијата интервјуа беше да се следи работата на министрите релевантни за изборниот процес. Интервју побаравме од двајца министри од редовите на опозициската СДСМ, според Договорот од Пржино, и од министри во редовниот состав на Владата, назначени од владејачките партии.

Поканети беа Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, и Фросина Ташевска-Ременски, министерка за труд и социјална политика, назначени од СДСМ, според Договорот од Пржино, а од редовите на владејачките партии беа поканети министерот за надворешни работи Никола Попоски (ВМРО-ДПМНЕ), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Михаил Цветков, министерот за правда Аднан Јашари (ДУИ) и заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Фатмир Бесими.

За жал, со еден исклучок, претставниците на владејачките партии во власта, иако уредно и повеќекратно поканети, не се одѕваа на поканите за разговор во време

и на место што тие ќе го одберат. Еден дел од нив дадоа првична согласност за разговор пред камерите на ЦИВИЛ Медиа, но потоа ја прекинаа комуникацијата.

ЦИВИЛ објави две интервјуа со Оливер Спасовски во својство на министер за внатрешни работи: Ќе ја декриминализираме полицијата!, објавено на 15 декември 2015 г. и Полицијата не смее да ги заплашува граѓаните!, објавено на 19 февруари 2016 г. Спасовски говореше за предизвиците за безбедноста, департизацијата на МВР, (не)постоењето паралелните вооружени структури во МВР и контролата врз нив, 35.000 лажни лични карти што се правеле во МВР, за кои истрага води Специјалното јавно обвинителство, и низа други горливи теми од овој ресор. Спасовски ги сподели четирите приоритети на кои ќе се фокусира како министер за внатрешни работи: справувањето со сите безбедносни ризици и предизвици во Македонија и во регионот, бегалската криза со која се соочува Македонија, добрата соработка со Специјалното јавно обвинителство и максималните заложби за организирање фер и демократски изборен процес.

Министерката Фросина Ташевска-Ременски, според планот, даде две интервјуа во кои со јавноста сподели информации за хаосот, злоупотребите и криминалот на власта во доменот на социјалната правда. Тоа се интервјуата Сведоштво за хаосот, злоупотребите и криминалот, објавено на 1 јануари 2016 г. и За 22 дена во јануари, Фондот за ПИОМ има дефицит од 662 милиона денари!, објавено на 11 февруари 2016 г. Ташевска-Ременски зборуваше за хаосот во центрите за социјална заштита, за виртуелното намалување на невработеноста и за „разликата" од 160.000 лица во „статистиките" за бројката невработени, за катастрофалната состојба во која 50% од средствата за исплата на пензии се дотација од буџетот, поразителен факт што го признава и министерот за финансии Зоран Ставрески, кој своевремено изјави дека „без кредити ќе нема ни пензии, ни социјална помош, ни расходи што произлегуваат во делот на услуги за завршена работа".

Ташевска-Ременски зборуваше и за манипулациите со корисниците на социјалната заштита и со социјално ранливите категории воопшто, за разрешувањето на 15-

мина директори на центрите за социјална работа и за реакциите на таа нејзина одлука, за тужбите што против неа ги поднесува заменик-министерот Диме Спасов (ВМРО-ДПМНЕ), како и за милионските долгови на Фондот за ПИОМ – за само 22 дена во јануари 2016 г., Фондот за ПИОМ имал дефицит од 662 милиона денари (11 милиони евра). Информациите што ги сподели Ташевска-Ременски со јавноста само ги потврдија наодите од долгорочниот мониторинг на ЦИВИЛ во оваа сфера. Понатаму, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Михаил Цветков даде едно интервју за ЦИВИЛ Медиа: Не ги темпираме субвенциите според изборите!, објавено на 18 февруари 2016 г. ЦИВИЛ Медиа го праша министерот Цветков за аферата за поврзаноста на неговото министерство и сопственикот на новоотворената провладина ТВ НОВА, Сеад Кочан. „Јас не можам да му забранам да гради затоа што има телевизија. 'Трансмет' го има добиено и тендерот за изградба на системот за наводнување Равен – Речица, којшто на електронска аукција од 14 милиони е намален на 8,5 милиони евра, имаме намалување од повеќе од 5,5 милиони евра, намалување од проектната цена! Тие се нафатиле дека можат за тие пари да го направат. Кога кажувате дека му се дадени парите, не му се дадени, тој ги заработил", одговори Цветков.

ЦИВИЛ Медиа ќе продолжи со овој вид комуникација со Владата и ќе објавува интервјуа што ќе бидат овозможени во рамките на проектот „Напред!", финансиран со германски средства од Пактот за стабилност на Југоисточна Европа.

# КОНТРИБУЦИЈА ШТО ЗНАЧИ

**Ермин КЛИМЕНТА**

Медиумскиот мрак во земјата, што доведува до континуиран недостиг на релевантни информации за важни прашања и случувања во земјава, особено оние што се однесуваат на политичките процеси и на изборите, може да се пробие единствено преку нашиот онлајн-медиум и медиумските излези. Овој придонес во целокупниот медиумски простор и медиумско производство во земјата е навистина важно.

Тимот на ЦИВИЛ Медиа работеше многу часови на подобрување на онлајн-видливоста на нашите активности и ширење на информациите и знаењето за правата на гласачите, како и обезбедување онлајн-форум за општествена дебата за прашањата што ја мачат земјата. Ние се потрудивме да ѝ помогнеме на нашата публика да прави разлика меѓу пропаганда и вести, да го препознае незнаењето од знаење, апатија од учество.

За разлика од модерните европски држави, како и земјите од Запад што се многу прогресивни и одат напред воведувајќи нови технологии, за жал, за нас, оваа технологија сè уште се користи едноставно за ширење пропаганда и за добивање што повеќе од најчитаните веб-сајтови, и користење нефер тактики за напаѓање

на конкуренцијата, а особено на просторот на невладините организации, како што е случајот и со нашата веб-страница. Веб-станицата на ЦИВИЛ беше под огромен притисок. Околу 31 милион напади врз нашата главна веб-страница се регистрирани за само 6 месеци, во просек од 5,2 милиони напади месечно. Април 2016 година го означи најголемиот напад со неверојатни 10 милиони напади во текот на тој месец.

И покрај сите предизвици, веб-страницата на ЦИВИЛ прерасна во еден од најголемите интернет-портали на невладините организации на регионално ниво, кои ги покриваат специјализираните содржини на дневна основа.

Видливоста на Цивил во онлајн-просторот расте експоненцијално. Онлајн-медиумите на ЦИВИЛ, исто така, се здобиваат со следбеници на социјалните мрежи, кои внимателно ја следат работата на организацијата.

Главната мотивација на нашиот тим е да ѝ служи на јавноста. Не постои друг интерес, комерцијален или политички, туку да дадеме свој придонес кон демократските процеси видливи и корисни за другите, што се обидуваат да донесат позитивни случувања во општеството.

ЦИВИЛ, исто така, поттикнува отворени дебати на интернет, преку Твитер и Фејсбук, кои директно влијаат врз дебатите што се одржуваат во живо. Така, секогаш кога еден јавен настан се случува насекаде во земјата, онлајн-заедница има можност да придонесе за настан, преку прашања и коментари, кои се претставени редовно на настаните. Публиката може да испрати коментар или прашање до политичките лидери или експерти додека зборуваат на настани преку Твитер и Фејсбук.

Порастот на читателската публика не оди незабележано. Врз основа на анализите што внимателно се следат на дневна основа, ние можеме да се гордееме бидејќи ЦИВИЛ се смета за релевантен извор, и е постојано цитиран од страна на главните медиуми во земјата. Исто така се смета како ресурс за домашни и странски истражувачи, новинари, како и политички партии и невладини организации.

ЦИВИЛ со над 3200 статии, објавени на три јазици на својата веб-страница, предизвика огромна реакција во медиумите, повторно со објавени над 700 текста на веб-страницата (во периодот од 1 јули 2015 до 30 јуни 2016 година).




Според Google Analytics, еден од највлијателните онлајн-алатки за мерење на влијанието на интернет, веб-страницата на ЦИВИЛ остварила 112.000 посети во април 2016 година, и редовно се остваруваат над 80.000 посети месечно. Во периодот на имплементација на проектот, само главниот веб-сајт на Цивил го посетиле повеќе од 700.000 посетители.

Фејсбук-профилот на ЦИВИЛ имаше над 5.000.000 посети (и активност: 600.000+) во само 12 месеци, односно во периодот на спроведувањето на проектот. На профилот на Твитер на ЦИВИЛ евиденцијата покажува над

| Summary by Month | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Month | Daily Avg | | | | Monthly Totals | | | | | |
| | Hits | Files | Pages | Visits | Sites | KBytes | Visits | Pages | Files | Hits |
| Jul 2016 | 111875 | 102400 | 8311 | 512 | 1 | 4459982 | 1024 | 16622 | 204801 | 223751 |
| Jun 2016 | 157008 | 146563 | 12755 | 864 | 1 | 88979047 | 25929 | 382665 | 4396916 | 4710265 |
| May 2016 | 118942 | 109690 | 8580 | 536 | 1 | 67315366 | 16618 | 265992 | 3400413 | 3687214 |
| Apr 2016 | 326385 | 292813 | 14700 | 1417 | 1 | 164966907 | 42535 | 441019 | 8784398 | 9791557 |
| Mar 2016 | 174393 | 161310 | 12180 | 892 | 1 | 113164157 | 27663 | 377610 | 5000612 | 5406190 |
| Feb 2016 | 254037 | 226297 | 14359 | 1480 | 1 | 130710081 | 41451 | 402057 | 6336327 | 7113049 |
| Totals | | | | | | 569595540 | 155220 | 1885965 | 28123467 | 30932026 |

**Преглд на сајбер нападите врз ЦИВИЛ**

200 илјади впечатоци, што е на задоволително ниво, но секако се потребни подобрувања во наредниот период. Сепак, темата за избори и барањата за слободни избори се очигледно многу популарни, особено твитовите на ЦИВИЛ.

Рангирањето според Алекса на веб-сајтот на Цивил е меѓу првите милион веб-сајтови на интернет од страна на читателите во светот.

Сајтот на ЦИВИЛ е меѓу првите илјада (и се зголемува) во Македонија најчитани веб-страници (првите илјада позиции вклучуваат странски сајтови и мрежи како YouTube, Google и сл.)

ЦИВИЛ ќе остане отворен за учество на своите конституенти и општата јавност, кои ни помагаат да се подобри нашата онлајн-активност, што доведува до постојано зголемување.

Во рамките на проектот „Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани", ЦИВИЛ сподели голем број визуелни содржини што циркулираат низ социјалните мрежи, со што ја прави организацијата многу видлива и влијателна.
мрежи, со што ја прави организацијата многу видлива и влијателна




**Јавна дискусија: Плурализмот и политичката криза, 10 мај 2016.**

Одложување на изборите, ревизија на Избирачкиот список, слободни медиуми, владеење на правото, демократија, департизација на институциите...

(21 политичка партија, 50+ претставници на НВО, медиуми и меѓународната заедница)

# СЛОБОДНИ ИЗБОРИ: УСЛОВ ЗА КОЈ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА




**Сите временски прилики се добри за активизам!**
**ЦИВИЛ го промовира проектот Слободни избори за слободни граѓанки и граѓани во Штип, 11 јануари 2016,**

CIVIL

СЛОБОДНИ ИЗБОРИ ЗА СЛОБОДНИ ГРАЃАНКИ И ГРАЃАНИ

извештаи ■ анализи ■ активности

Embassy
of the Federal Republic of Germany
Skopje